Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Филозофски факултет

Меѓународни односи-разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА:

# Современиот спектар на конфликти: концептот на хибридна војна


Ментор:

Проф. д-р Тања Милошевска

Кандидат:

Адријана Цветановска


Скопје, 2019

# СОДРЖИНА

1. Формулација на проблемот на истражување..........3
1.1. Истражувачко прашање..........6
1.2. Цели и задачи..........7
1.3. Дефинирање на предмет на истражување..........8
1.4. Дефинирање на клучни концепти..........12
1.5. Општа / специфична хипотетичка рамка..........14
1.6. Истражувачки варијабли..........14
1.7. Индикатори на истражувањето..........15
1.8. Истражувачки методи..........15
1.9. Општествена оправданост на истражувањето..........16
2. Вовед..........17
3. Конфликти..........21
3.1. Конфликт/спор..........25
3.2. Фактори и процес на создавање на конфликот..........27
3.3. Социо-психолошки димезии на меѓународните конфликти..........30
3.4. Карактеристики на конфликтите во 21 век..........33
4. Хибридна војна и хибридно војување..........36
4.1. Историја на поимот „хибридна војна“..........40
4.2. Хибридна војна,конфликт, закани..........43
4.3. Четврта генерација војни-нерегуларно војување од страна на недржавни актери..........45
4.4. Концептот на хибридно војување..........55
4.5. Општи карактеристики и димензии на хибридното војување..........58
4.6. Основни области на дејствување..........60
5. Глобализацијата како парадигма за развој на современите безбедносни односи..........64
5.1. Појаснување на поимот и содржината на асиметричните безбедносни закани..........67

5.2. Компаративна анализа на хибридното и асиметрично војување преку теоријата на хаос и мрежно-центричната теорија на војување..................71
6. Концептот на хибридно војување во спектарот на современи конфликти......76
6.1. Хибридното војување и конфликтите на сивата зона................................84
6.2. Хибридни конфликти........................................................................................86
6.2.1. Компоненти на хибридните конфликти...........................................89
6.3. Примери на хибридно војување..................................................................92
7. Начини за справување со хибридното војување и хибридните закани............97
7.1. Одговорот на НАТО кон хибридното војување и хибридните закани........99
7.2. Заедничка рамка на Европската Унија за справување со хибридните закани..........................................................................................................102
7.3. Соработка на НАТО и на ЕУ за справување со хибридните закани..........104
8. Заклучок.............................................................................................................107
9. Користена литература.................................................................................111

## **1. Формулација на проблемот на истражување**

Војувањето како општествена појава континуирано се менува и еволуира. Ова се должи на вообичаените факти кои отсекогаш влијаеле врз војната:

- ✓ промени во меѓународните односи,
- ✓ поместување на центарот на моќта на регионално и на глобално ниво,
- ✓ нови политички процеси,
- ✓ технологии и оружје.

Во последната деценија, сѐ повеќе се употребува новиот термин „хибридни закани“, кој полека го заменува терминот „асиметрични закани“. Во последните две децении звучниот термин „асиметричност“ беше наменет за да се објаснат разновидни и непредвидливи закани кои се разликуваат во интензитет и вообичаените тактики и оружја (посебно тероризмот и криминалот). Но, кога ќе се појави противник кој плански и организирано, истовремено војува симетрично и асиметрично, таа комбинација наметнува потреба од нова дефиниција: „хибридна војна“.

Поимот „хибридна војна“ започна да се формира околу поимот хибридна закана, која во октомври 2008 година, американскиот генерал Џорџ Кејси, неформално ја дефинира како „разновидна и динамична комбинација на конвенционални, нерегуларни, терористички и криминални можности“.[1] Исто така Хофман смета дека хибридноста - што по дефиниција е мешавина од две или повеќе активности претставува комбинација на конвенционални сили, неконвенционални, терористи и криминалци.[2] Хофман посебно го идентификува замаглувањето на линиите меѓу војната и мирот и го поддржува ова со концептуализација на ефектите слични на војна, кои може да се постигнат преку криминалните организации и терористите, против целта за време на мир. „Постои зголемено спојување .... на конфликтни и воени форми. Потенцијалот за типови на

[1] Casey, George C. GEN. (2008). "America's Army in an Era of Persistent Conflict." *Army Magazine*, p. 7.
[2] Hoffman, Frank G. (2009). “Further Thoughts on Hybrid Threats.” *Small Wars Journal*, March, достапно на: http://smallwarsjournal.com/blog/2009/03/further-thoughts-on-hybrid-thr/

конфликти кои ја замаглуваат разликата меѓу војната и мирот, како и борци и неборци, се чини дека се во пораст".[3] Она што оваа рамка опфаќа е природата на државата агресор која употребува/применува терористички акти и криминални мрежи за да ги исполни стратегиските цели за нарушување на суверенитетот на друга држава како чин на војување. Потоа следува дека ако државата сака да спонзорира такви акции за да ги исполни своите стратешки цели, истата држава би била подготвена да употреби економски, дипломатски и информативни напори за истиот исход. Затоа, хибридноста мора да опфаќа низа активности што се надвор од воените облици на војна и се погодни за апликација за време на наводен мир.

Тоа би значело дека терминот најдобро ја опишува војната со противник кој до тој степен се менува и се приспособува, што ги опфаќа сите форми на вооружено насилство, а тоа е веќе модерна појава. Тоа е противник кој е способен симултано да применува мешавина од конвенционални, нерегуларни, терористички и криминални методи и активности. Ако досега постоеше јасна граница меѓу државни и недржавни актери како носители на вооруженото насилство, војните во Авганистан и Сирија покажаа дека нивната комбинација не само што е возможна, туку и реална. Прифаќање на хибридниот карактер на идните војни би значело нова реформа во воените работи, и со тоа нова историска фаза во еволуцијата на војување. Треба да се воведе терминот токму заради воведување на промени во доктрината и начинот на перцепција на современата војна, бидејќи само така можеме да гледаме на комплексноста на современото војувалиште во целост. Некои одат дотаму што сметаат дека хибридната војна всушност е вовед во нова парадигма т.е. сосема нов начин на војување. А, штом постои нов начин на војување, тоа значи дека и војските како институции ќе треба да се променат. Терминологијата не ја создава појавата, туку ја опишува.

Важно е да се забележи дека хибридните закани не се нови. Историјата е полна со примери за тоа како еден противник се подготвувал да ги користи своите релативни согледувани сили против перцепираните слабости на противникот.

---

[3] Frank G.Hoffman. (2007). *Conflict in the 21st Century: The Rise of Hybrid Wars*, Arlington, VA: Potomac Institute for Policy Studies, p. 7

За време на периодот на Студената војна (1945-90) година воените активности се интерпретирале од контекст на идеолошка и стратешка конфронтација помеѓу две суперсили и помеѓу силите кои гравитирале со едната или другата суперсила, САД или Советскиот сојуз. Студената војна прави точна диференцијација или поделба на сферите на влијание кои понатаму имаат силно влијание на потенцијалните и можни глобални безбедносни закани кои доколку ја доживееле својата кулминација ќе било тешко да се предодредат и превенираат. После 1991 година, со завршувањето на биполарниот поредок се отвора една нова ера на крвави вооружени конфликти во Советскиот сојуз и на Балканот.

Горенаведеното резултира со колапс на Советскиот сојуз и распаѓање на Варшавскиот пакт, така што меѓународните односи добиваат унифициран систем од причина што земјите се водени од еден центар на моќ, односно САД.

Со распадот на Советскиот сојуз и Варшавскиот пакт[4], првично се унифицираа меѓународните односи и се претпоставуваше дека во блиска иднина нема да има поголеми меѓународни конфронтации и конфликти. Сепак за кратко време односно неполна деценија по распадот на Советскиот сојуз се отвора една нова фаза во меѓународните односи, со која употребата на сила во решавањето на меѓународните конфликти и војни повторно се реинкарнира како можна варијанта за решавање на истите. Практично она што погоре го споменавме, веќе се забележува во војните во Ирак[5] и во Авганистан[6].

До овој момент, хибридната војна сè уште не се користи како официјален термин во ниедна воена доктрина[7], но има потенцијал да биде прифатен како нова

---

[4]Варшавскиот договор официјално наречен „Договор за пријателство, соработка и взаемна помош“ познат и како Варшавски пакт — воен сојуз на социјалистичките земји од Централна и Источна Европа во период од 14 мај 1955 до 1 јули 1991 година.

[5]Ирачката војна започна на 20 март 2003 година и трае до денес. Завојувани страни се: од една страна САД, Британија, нивните сојузници и новосоздадената ирачка војска, а од друга страна, во првата фаза од војната, војската на Садам Хусеин, а во втората фаза - разни фракции на ирачки герилци.

[6]Авганистанската војна од 2001 година (од октомври 2001 година до денес) е војна помеѓу авганистанската влада која е воспоставена по соборувањето на талибанскиот режим и нејзините поддржувачи од САД, НАТО и останати држави, од една страна, и приврзаниците на соборениот талибански режим, од друга страна.

[7]Воената доктрина е систем од општи насоки за дејствување на вооружените сили, со цел да се стандардизираат воените операции и да го олеснат одржувањето на воена подготвеност преку воспоставување на заеднички начини за постигнување на воени цели.

фаза во еволуцијата на војувањето. Овие термини имаат за цел да дадат дефиниција на нови феномени и феномени на боиштата на XXI век. Хибридниот концепт ќе има импликации за визуелизација на идната оперативна средина и за тоа како се формулираат приоритети за стратегијата, политиката и ресурсите во блиска иднина.

### 1.1 Истражувачко прашање

Магистерскиот труд има цел да одговори на следните прашања:

- Која е основната природа на хибридната војна?
- Кои се карактеристиките на актерот кој го олеснува спроведувањето на хибридните војни?
- Кои услови мора да постојат или треба да се создадат со цел да се приминува концептот на хибридно војување?
- Дали постојниот модел на воена доктрина соодветно ги опишува средствата за спроведување на хибридна војна?

### 1.2. Цели и задачи

**Научна цел:**

Главна цел на оваа истражување е да ги анализира актуелните услови во врска со хибридните закани и предизвици на истите. Во исто време, целта е, исто така, да се анализира како се применува приодот за решавање на хибридните закани и целосниот концепт на истите. Ова ќе овозможи подобар увид во можноста и ограничувањата на природата за создавањето на хибридните закани и ќе послужи како почетна точка од која може да се дизајнираат и имплементираат ефикасни стратегии на меѓународно ниво.

**Практична цел:**

Следејќи ја главната цел, практичните импликации на оваа истражување се:

- Проценка на хибридни закани кои се манифестираат на регионално и на глобално ниво;
- Идентификација на силните и слабите страни на природата на хибридните закани;
- Идентификација на најдобрите практики за справување со хибридните закани;
- Дефинирање на идните чекори и природи за рана идентификација и справување со истите.

## 1.3. Дефинирање на предмет на истражување

### Теоретска рамка

Хибридната војна е природен додаток на Mearsheimer теоријата на “offensive” реализам и релативна моќ. Оваа теорија функционира под неколку претпоставки кои исто така се применуваат при формулирањето на хибридна војна:

1. Природната состојба на меѓународниот систем е анархија;
2. Државата природно поседува некаква воена способност;
3. Преживувањето (територијалниот интегритет и политичката автономија) е примарна цел на државата;
4. Државите се рационални актери[8].

Важен аспект на хибридната војна е нелинеарноста во примената на моќта. Во секој момент, перцепираната природа на дипломатијата, публиката или пораката на информациските кампањи или селективната примена на насилството може да ја смени насоката со цел да ги искористат можностите, да одговорат на променливите притисоци или да заобиколат некои страни од отпорот. Анализите на предизвиците поставени од хибридни закани доведоа до појава на сеопфатен пристап кој ги спојува сите актери и расположливите инструменти: воените сили,

[8]John J.Mearsheimer. (2001). *The Tragedy of Great Power Politics*, New York, W.W. Norton.

дипломатијата, хуманитарната помош, политичките процеси, економскиот развој и технологијата. Сепак, исто така е важно да се разбере дека прилагодувањата направени за безбедносно опкружување во кои доминираат хибридни закани би можеле долгорочно да влијаат на стабилноста на меѓународниот поредок и на крајот може да имаат влијание за глобалните промени во моќта.

За целите на овој труд хибридната закана се дефинира како непријател, државен или недржавен, кој адаптивно и брзо вклучува различни и динамични комбинации на конвенционални, неправилни, терористички и криминални способности, како и невоени средства, истовремено преку спектарот на конфликти како единствена сила за постигнување на целите.

Хибридните закани се иновативни, адаптивни, глобално поврзани и мрежни. Тие можат да поседуваат широк спектар на традиционални, адаптирани и напредни технологии - вклучувајќи ја и можноста за оружје за масовно уништување. Тие можат да дејствуваат конвенционално и неконвенционално, користејќи адаптивни и асиметрични комбинации на традиционални, неправилни и криминални тактики и користење на традиционалните воени способности на стари и нови начини. Наједноставен начин за дефинирање на хибридното војување е дека тој претставува комбиниран начин на употреба на конвенционални и ирегуларни сили при спроведувањето на воената кампања.

Во самата дефиниција за поимот хибридно војување споменавме дека тоа во себе ги содржи сите сегменти на ирегуларното војување.

Ирегуларното војување пак од друга страна ги опфаќа следниве видови на војување:

- ✓ Заедничка национална и колективна одбрана,
- ✓ Борба против тероризам,
- ✓ Против бунтовнички операции (ПБО),
- ✓ Операции за стабилизација и
- ✓ Неконвенционално војување.

Со самата констатација дека неконвенционалното војување преставува еден од виталните сегменти на ирегуларното војување, а додека пак дека по дефиниција и регуларното војување преставува дел од современото хибридно

војување, повеќе од јасно е дека хибридното војување е многу посовремено војување од неконвенционалнотовојување.

Основната карактеристика на хибридното во однос на неконвенционалното војување се манифестира преку асиметричното дејствување на недржавните актери односно противници кое ефективно се остварува преку користење на сите предности кои ги овозможува воено-технолошкиот напредок за полесно остварување на нивните воено-политички и економски интереси во однос на спротивната легитимна сила. Така што, хибридното војување како современ облик на војување во современата воена историја и воена теорија се анализира како војување од петта генерација.

Иако меѓународната законска рамка не ја регулира хибридната војна посебно, секоја употреба на сила во меѓународните односи е регулирана со Повелбата на Обединетите нации, која јасно наведува дека, во отсуство на вооружен напад врз земја или нејзини сојузници, една земја-членка може да користи сила законски само ако е овластена со резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации. Правилата и принципите во врска со вооружениот конфликт се утврдени во меѓународното хуманитарно право и законот за човекови права. Во врска со хибридни конфликти и закани, спектарот на правни инструменти опфаќа специфични области, вклучувајќи го справувањето со тероризмот, перењето пари и финансирањето на тероризмот и човековите права. Истовремено, примената на постоечкото меѓународно право и функционирањето на институциите за глобално управување стануваат сè покомплицирани, како граници на концепти како сувереност, легитимитет и заматување на законитоста. Постојаната воена, економска и политичка акција против силите на ИСИЛ / Даеш во Ирак, дебатата за примената на постоечкото меѓународно право во сајбер-просторот и поморските спорови во Јужното Кинеско Море, се добри примери за предизвиците кои произлегуваат од оваа комплексност.

Повеќето референци за хибридна војна го опфаќаат поимот противник кој контролира и користи мешавина на алатки за да ги оствари своите цели. Потребно е воспоставување на одговорност и намерност на активностите за да се обезбеди дека одговорот на политиката е легитимен и пропорционален. Сепак, ова не е

секогаш лесно во пракса, поради ограничувањата на меѓународното право, технолошките ограничувања или ширењето на моќта на недржавни актери, со што се зголемуваат можностите за неможноста. На пример, поради технолошките ограничувања и вклучувањето на недржавни актери, речиси невозможно е да се наметне, без сомнение, сајбер-напад во одредена земја. Сепак, владата на САД во минатото ги обвини кинеските официјални лица осомничени за вмешаност во сајбер-напади врз своите компјутерски мрежи и воведе санкции за Северна Кореја по нападот врз Sony Pictures Entertainment. Самитот на НАТО во Велс во 2014 година ја потврди примената на членот 5 од Вашингтонскиот договор во случај на сајбер-напад, но не воспостави праг кој би предизвикал механизам за колективна одбрана.

Концептот на хибридна војна се вклопува во денешниот тренд, се манифестира во сите тела и организации од воен тип и тенденција за да ги замени другите концепти за кои се зборува до неодамна. Така, новиот концепт на хибридната војна се чини дека е последица на многу слични концепти, како асиметрично војување / конфликт, неконвенционална војна, ефекти базирани на операции, команда и контрола на војна, информации или базирани на мрежно војување, сеопфатен пристап кон операции, интегрирано управување со кризи итн. Хибридната војна вклучува употреба на многу сеопфатна и нијансирана примена на воени активности, ресурси, програми, апликации, димензионирани на таков начин за водење кон ненасилна, убедлива максимизација на политичкото и економското влијание за реформа на владите или непријателски движења, како и пресврт на трендот на условите на нестабилност во политичките, социјалните и економските области, карактеристични за пропаднатите или неуспешните држави. Исто така, го вклучува и целиот спектар на способности во областа на војската, информации, неконвенционално оружје (вклучувајќи не-смртоносни), борба и опрема за поддршка, достапна во секое време.

Хибридното војување не ја променува суштината на војувањето. Методите кои се употребуваат за достигнување на доминација за време на хибридното војување ја менуваат својата тактика и оператика, но не ги менуваат целите на војната, а тоа е постигнувањето на победата.

## 1.4. Дефинирање на клучни концепти

Поимот **„конфликт**" во меѓународните односи исто како и во внатрешните односи во државата е всушност дел од поимот спор. Спорот е ситуација кога најмалку два актери (или страни во конфликтот, независно како се структурирани) се наоѓаат во динамичен судир на своите интереси кои ги сметаат за инкопатибилни, неспоиви. Конфликтот пак, е фаза од спорот кога судирот на интереси (што е нормална ситуација особено за демократските односи) има тенденција да стане насилен, или закана или насилството веќе е употребено.[9] Според тоа, она што колоквијално во секојдневниот говор, па и во дел од литературата се нарекува *конфликт* всушност е спор, а конфликтот е *насилна фаза* на спорот.

Комбинацијата на квалитативно различни елементи во конфликтот доведува до широк спектар на форми на своето постоење, кои се состојат од комбинација од три модели: Војна - формална, неформална и сива воена зона.

**Формалната војна** се смета за судир на вооружените сили на една држава од другите вооружени сили. Овој судир е проследен со формален акт на прогласување војна.

**Неформална војна** е вооружен конфликт, во кој една или двете страни се не-ентитети. Новите закани што се појавија по Студената војна, доведоа до феноменот на **сивата зона**, т.е. комбинацијата на воени и воени дејства. Формалната војна може да се здобие со традиционални и алтернативни форми. **Традиционална војна** –во борбите учествуваат редовни вооружени сили на една земја против редовни и неправилни вооружени сили (герилска војна) во други земји со употреба на конвенционални средства за војување.

До овој момент се уште не постои официјална воена доктрина на НАТО за дефинирање на хибридното војување, додека, американските воени аналитичари

---

[9] Класичниот "кризен модел" или модел на конфликт го опишува Morow J.D. (1994). *Game Theory for Political Scientist*, Princeton, NY, USA, Princeton University Press, каде вели дека во секој конфликт има три играчи: природа на конфликт, предизвикувач и оној кој се бори. Природата го одредува конфликтот како решлив или нерешлив, а предизвикувачот е втор кој влече потез и одлучува дали да предизвика статус кво или не. Независно од спротивставените интереси, ако предизвикувачот не повлече потез на судир, нема криза или конфликт.

го карактеризираат како спектар на: конвенционално, ирегуларно и сајбер војување[10].

Терминот **"хибридна закана"** е метафора која носи сложени дилеми поврзани со промена на глобалната животна средина во прв план. Честопати се користи заемно со упатувања на хибридна војна, за да се долови меѓусебната природа на предизвиците (т.е. етнички конфликт, тероризам, миграција и слаби институции), разновидност на вклучени актери (т.е. редовни и ирегуларни сили, криминални групи) и разновидност на конвенционални и неконвенционални средства што се користат (т.е. воени, дипломатски, технолошки).

Земајќи ги предвид различните нивоа на интензитет на закана и намерност на вклучените актери, можно е да се направи разлика меѓу хибридна закана, хибриден конфликт и хибридна војна:

***Хибридната закана*** е феномен што произлегува од конвергенција и интерконекција на различни елементи, кои заедно формираат посложена и повеќедимензионална закана. Хибридниот конфликт и хибридната војна се две специфични категории при што некои хибридни тактики се користат од страна на државата за да ги постигнат своите стратешки цели.

***Хибридниот конфликт*** е ситуација во која страните се воздржуваат од отворената употреба на вооружените сили едни против други, наместо да се потпираат на комбинација од воено заплашување (што не е напад), експлоатација на економски и политички слабости, како и дипломатски или технолошки средства за продолжување нивните цели.

***Хибридна војна*** е ситуација во која една земја прибегнува кон отворена употреба на вооружените сили против друга земја или недржавен актер, покрај мешавина на други средства (т.е. економски, политички и дипломатски).

***Конвенционалното војување*** е форма на војна спроведена со користење на конвенционално оружје на бојно поле и тоа помеѓу две или повеќе држави во отворена конфронтација. Општата цел на конвенционалното војување е

[10]Timothy McCulloh and Richard Johnson. (2013). *Hybrid Warfare*, JSOU Report.

да ја ослабне или уништи војската на противникот, со што ја негира нејзината способност да се вклучи во конвенционална војна.

***Неконвенционалното војување*** е специфична воена операција, односно, тоа не претставува само инверзија на конвенционалното како што најчесто се мисли. Неконвенционалното војување може да се применува против државни или недржавни актери. Основна воена цел на неконвенционалното војување е намерно инволвирање и влијание врз учеството на цивилното население во неконвенционалните воени операции[11]. Од друга страна неконвенционалното војување согласно воената доктрина на САД, а општо прифатена и во воената доктрина на НАТО каде се дефинира како: специјални операции во борба против урбана и неурбана герила во определен простор[12].

***Ирегуларнотоо војување*** е дефинирано како акт на насилство со употреба на државни и недржавни актери за легитимност и влијание на релевантните популации. Ирегуларното војување фаворизира индиректен и асиметричен пристап иако може да примени цел спектар на воени и други капацитети со цел да се намали противничката моќ, влијание и волја. Ирегуларното војување е инхерентен, долготраен конфликт. Одговорот кон овие предизвици и справување со нив бара заеднички активности на сите инструменти на национална моќ.

---

[11]Ѓорѓи Вељовски. (2015). Оперативна вештина и нерегуларно војување. Релевантност на оперативната вештина во противбунтовничките операции, *Штит,* Министерство за одбрана, Република Македонија.

[12]FM 3-05.201. (2007). (S/NF) Special Forces Unconventional Warfare (U) 28 September, p. 22-24.

## 1.5 Општа / специфична хипотетичка рамка

Општата хипотеза се однесува на тоа дека концептот на хибридната војна е вовед во нова парадигма, односно нов начин на војување во рамките на современиот спектар на конфликти. Во рамките на оваа хипотеза се тврди дека хибридното војување претставува начин да се минимизираат ризиците поврзани со конвенционалното војување.

**Посебни хипотези:**

-По завршувањето на Студената војна и спектакуларното прикажување на западната конвенционална огнена моќ и технологија, големите сили продолжија да ги следат стратешките цели додека истовремено се грижат за минимизирање на ризикот за нивните конвенционални вооружени сили.

-Предноста на хибридното војување е во уникатните начини на државата да ги употреби постојаните елементи на национална моќ за (присилна) стратегиска цел.

-Фокусот во идното војување ќе биде на уништување на воените, политичките и економските цели, преку ерозија на политичкиот систем, без директно ангажирање на непријателските сили во конвенционален напад.

-Хибридната војна ја дестабилизира државата и го поларизира општеството, а нивниот гравитациски центар го претставува населението.

- Прифаќање на хибридниот карактер на идните војни би значело нова фаза во еволуцијата на војување.

## 1.6. Истражувачки варијабли

*Независна варијабла*-Современиот спектар на конфликти-Анализирајќи ги современите конфликти, нивната природа и карактеристики, доминантен впечаток е отсуството на класичните, конвенционални форми на војување, како и дека на

сцената се остваруваат посебни форми на конфликтот, со низок, ограничен, регионален и контролиран интензитет и карактеристики. Содржинските форми на конфликтот не претставуваат основа на конвенционалното војување, туку може да се рече дека на сцена се посебни, хибридни и асиметрични конфликти.

*Зависна варијабла*-Концептот на хибридна војна- Во склад со еволуцијата, развојот на знаења и со анализата на конфликти (борбени дејства и други активности) се разгледува еден нов пристап во објаснувањето и имплементирањето на концептот на хибридно војување со поддршка на тактичко, оперативно и стратешко размислување и проценки кои го земаат во предвид технолошкиот развој и динамиката на човечкото општество во процесите на меѓузависност на различните нивоа на економски, општествен и културен развој.

### 1.7. Индикатори на истражувањето

Постојат три главни фактори кои ја одредуваат хибридноста во војувањето:
1. Природата на државата агресор;
2. Присуство на потребните услови;
3. Комбинација со други неконвенционални воени форми на војување-економско војување, сајбер напади, дипломатија, информациско војување-пропаганда, ирегуларни сили, специјални сили.

### 1.8. Истражувачки методи

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојуваме со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да добиеме една систематизирана целина.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка односно техника за собирање на податоци ќе користиме анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за

испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе примениме аналитичко-синтетички метод на анализа. Во контекст на анализата на содржина ќе се фокусираме на толкување на официјалните документи, како и на текстови, написи, публикации, различни статии, дневни весници, списанија и анализа на содржините од интернет страни, кои се однесуваат на предметот на истражување.

Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување очекуваме да се добијат квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

### 1.9. Општествена оправданост на истражувањето

Општествената оправданост на истражувањето се гледа во тоа што оваа теза ќе има за цел да го процени степенот и можноста за појава на хибридните закани. Исто така, ќе ги разгледаме и анализираме стратегиите во справување со хибридните закани и концептот на истите. Конечно, ова истражување ќе сугерира понатамошни можни начини за примена на приодот за решавање на хибридните закани како и превенција на истите. Овој труд ќе понуди интердисциплинарно и критичко разбирање, анализа на причините и последиците од широк спектар на современите конфликти кој има влијание врз глобалната, регионалната и индивидуална безбедност.

## 2. Вовед

Човековиот живот следен е со разновидни и бројни конфликти. Конфликтите се неизбежна појава во нашите животи, од раѓање па до смрт. Неизбежни се во сите сфери од животот. Тие конфликти можат да бидат од економска, политичка, идеолошка, расна, семејна и работна природа. Нас особено не интересираат конфликтите кои се однесуваат на концептот на хибридно војување.

"Конфликтот", од латинскиот корен "да штрајкуваат заедно", може да се дефинира како секоја ситуација каде што инконтабилни активности, чувства или намери се случуваат заедно. Конфликтот може да се одвива во рамките на едно лице, помеѓу двајца или повеќе луѓе кои се познаваат меѓусебно, или помеѓу големи групи луѓе кои не се познаваат меѓусебно. Тоа може да вклучи вистинска конфронтација меѓу лицата, или само симболична конфронтација преку зборови и дела. Конфликтот може да се изрази преку вербални деградирања, обвинувања, закани или преку физичко насилство врз лица или имот. Или конфликтот може да остане неискажен, како во избегнување и во негирање. [13]

Имено, конфликтната ситуација претставува состојба во која постои судир на интереси меѓу две или повеќе индивидуи, односно општествени групи. Таквата состојба настанува кога индивидуата или групата тежнее кон остварување на одредена цел, а истовремено друга индивидуа, односно група се спротивставува на тоа. Таквата состојба неминовно води до конфликтна ситуација, односно конфликт. Меѓутоа, секое несогласување, спротивставување на различни мислења не треба да се третира како конфликт. Несогласувањата во мислењата и ставовите не мора задолжително да доведуваат до настанување конфликт. Деструктивните конфликти треба да се идентификуваат и разрешат, бидејќи без тоа е незамислива успешната и ефикасна работа на индивидуата, општествената група или колективот како целина.

[13] https://www.encyclopedia.com/medicine/psychology/psychology-and-psychiatry/conflict-management, последен пристап 17.01.2019г.

Конфликтот може да се дефинира во однос на прашањата што го предизвикале, стратегиите што се користат за решавање на истиот, или резултатите или последиците што следат од него. Прашањата на конфликтот може да варираат, почнувајќи од едноставни до комплексни. Стратегиите за решавање или спречување на развојот на конфликтот може да се класифицираат како избегнување, дифузија или конфронтација.[14]

Меѓу другото, глобализацијата, технолошкиот развој и информациската револуција направија светот да прифати ред на промени кои човештвото никогаш претходно не ги доживеало. Овој ред влијаел речиси на сè во нашите концептуално-емпириски животи, па така и концептот на војната не бил исклучок од тоа. Постојат бројни дискусии и пишувања во изминатата декада за еволуцијата на модерното војување во светот после Студената војна. Неколку од нив дури изјавуваат дека ние се наоѓаме во средината на „револуција во војувањето“. Концептот на "хибридна војна" се појави како производ на оваа промена во литературата во 2007 година. Прво користен од Френк Хофман, концептот на "хибридна војна" е одраз на еден вид на војна, во која многу видови на војна се користат истовремено на начин кој најдобро одговара на тековните околности. Во рамките на овој опсег, бесмислено е да се класифицираат војните како големи/мали војни или редовни/ирегуларни војни. Или, како што Хофман забележува, дека е премногу едноставно да се класифицираат конфликтите само како „големи и конвенционални“ наспроти „мали или ирегуларни“. Денешните непријатели, како и утрешните, ќе употребуваат комбинации на видови на војувања. Хофман тврди дека, во наредниот период, конвенционалните сили, вонредните војни и терористичките групи и криминални организации ќе бидат присутни во рамките на истото оперативно подрачје и време.[15] Недржавните актери можеби најмногу ќе користат ирегуларни форми на војување, но јасно би поддржале, охрабриле и учествувале во конфеционален конфликт ако им служи на нивните крајности. Слично, нациите-државите би можеле добро да се поврзат во ирегуларен конфликт, покрај

[14] https://www.encyclopedia.com/medicine/psychology/psychology-and-psychiatry/conflict-management, последен пристап 17.01.2019г.

[15] Frank G.Hoffman. (2007). *Conflict in the 21st Century: The Rise of Hybrid Wars*, Arlington, VA: Potomac Institute for Policy Studies.

конвенционалните типови на војување за да ги постигнат своите цели. Во овој контекст, најистакната карактеристика на хибридната војна е комбинацијата на неправилни тактики на војна и висока технологија. Хибридната војна нема да остане ограничена само на недржавни актери, но, во иднина; исто така, ќе се користи конвенционалното против помоќни држави од страна на други држави.[16]

Токму затоа и конфликтите на денешниот свет ни покажуваат јасно дека живееме во свет на конфликтен неконвенционален хибрид, кој станува сé поброен, така што веројатно ќе коегзистира и во иднина, со класични конвенционални војни, кои се одржуваат директно или преку посредници.

Интензивно обработувајќи стратегиски документи, концепти на глобални и регионални меѓународни организации и на национални армии, доаѓаме до претпоставка дека хибридната војна има политички, правни, културни и технолошки димензии кои се уште се дискутираат. Во размислувањето за придонес кон овие дискусии, овој магистерски труд има за цел да придонесе кон литературата преку отворање нови хоризноти на концептуално ниво. Така, преку развојните карактеристики, како и традиционалните и оние кои можат да добијат широк спектар на значења соодветни на потребната цел, така и феноменот на војната, стекнал нови карактеристики. Во оваа смисла, испитувањето и анализирањето на уметноста на војувањето во системски интегритет, кој има потенцијал да создаде врска помеѓу минатото и иднината, исто така, стана поважно од ден на ден. Концептот на "хибридна војна", кој се појави благодарение на денешните диференцирани перцепции и брзиот технолошки развој, од кој се користат заедно симетричните и асиметричните средства, доведува до нови пристапи во воената мисла.

Се надеваме и искрено веруваме дека овој магистерски труд, во кој е внесена целата моја истражувачка и научна мисла преку се она што сум го научила за безбедноста, ќе придонесе за подобро разбирање на овој специфичен концепт кој е темата на моето излагање и исто така ќе обезбеди конструктивни и функционални

[16]Turkish National Defense University (2007): “*Shifting Paradigm of War: Hybrid Warfare*”, Army War College, Istanbul.

карактеристики преку создавање различни перспективи. Како резултат на тоа, прво мора да ја дефинираме и разбереме заканата, потоа да развиеме стратегии и тактики за оваа закана, и, конечно, мора да имаме обучен персонал, да се бориме против оружјето и опремата погодни за спроведување на овие стратегии и тактики. Не смее никогаш да се заборави дека единствениот можен начин за победа над војните на иднината е развивање на заедничко разбирање меѓу цивилите и војската од ниво на поединци до ниво на држава во сеопфатен пристап.

## 3. Конфликти

Конфликтите се неизбежни во сите сфери од животот. Коренот на секој конфликт најчесто лежи во потребата за разбирање, почитување и уважување нечии вредности или потреби.

Конфликтот настанува тогаш кога се загрозува материјалниот или социјалниот статус на групата, моралното достоинство, идејните интереси и сл. Тие во принцип се негативни, односно имаат деструктивен карактер. Меѓутоа, кога борбата се заострува, тогаш тој конфликт добива и јавен карактер.[17]

Постојат многу начини да се дефинира конфликтот со оглед на тоа како се користи во многу области. Конфликтот се однесува на спротивставените идеи и дејства на различни ентитети, што резултира со антагонистичка состојба.[18] Конфликтите се социјална појава, бидејќи се јавуваат во сите облици на општествениот систем, и тоа: семејство, општество, организации, општествени слоеви и сл.

Конфликтите се исклучително комплексен и повеќезначаен феномен - а со тоа истовремено и тежок, прецизно утврден теоретско-аналитички поим и категорија. Конфликтот и конфликтните односи - нивните бројни видови, аспекти и димензии се предметна основа на истражувања на бројни науки од психологија и антропологија до филозофија и политички науки.

Постојат повеќе дефиниции за конфликтот.

Конфликтот[19] е израз на несогласување меѓу поединци или групи кои се разликуваат во своите ставови, верувања, вредности или потреби, во кои страните кои се вклучени гледаат закана за нивните потреби, интереси и грижи[20].

---

[17] Мусабеговиќ Нијаз, Боровина Сулјо, Шахиќ Елвис (2008). „*Социологија рада*“, Сараево.
[18] http://www.typesofconflict.org/?fbclid=IwAR08Voz-LKXga5q6FXOWZVq2PrsN8S212nGHH3NhiUUM5kpL-QyR80cwKoM, последен пристап 03.01.2019г.
[19] Mantaha S. Sharma, Sivaramakrishna M. (2015). “*Conflict Management Skills*“, Centre for Good Governance, Andhra Pradesh, India.
[20] Pondy L (1967). Organizational Conflicts: Concepts and Models, *Adminsitrative Science Quarterly*, vol.2, no.2,p.48.

Конфликтите можат да потекнуваат од минатото, од ривалството помеѓу личностите или, пак, од нивните лични разлики во размислувањата.

Конфликтот се однесува на ситуација во која поединецот или организационата единица работат едни против други наместо едни со други.[21] Уште една дефиниција за конфликтот вели дека тоа е: „процес кој започнува кога едната страна перципира дека онаа другата презема или планира да преземе акција која ги загрозува нејзините интереси.“[22]

Конфликтот претставува состојба во која постои судир на интереси меѓу две или повеќе индивидуи, односно општествени групи. Таквата состојба настанува тогаш кога индивидуата или групата тежнее кон остварување на одредена цел, а истовремено друга индивидуа, односно група се спротивставува на тоа. Таквата ситуација се нарекува конфликтна ситуација[23].

Ален Турен, констатира дека општествените судири го произведуваат општествениот живот и истакнува дека односите на моќ (општествените односи) се она општествено поле во кое се случуваат општествените борби. Според него, акцијата е општествена доколку е нормативно ориентирана и се наоѓа во областа на односите на моќ и заеднички културни ориентации.[24]

Содржински, поимот конфликт (од латинскиот Conflictus-судир, борба, спор) опфаќа цела низа конфликтни интеракции од различен обем, насилност и интензитет – од натпреварување, напнатост, дебата, спор, до војна, односно од (конфликтно) партнерство до меѓусебно истребување.

Негативно дефинирајќи го конфликтот во однос на конкуренцијата, голем број на автори, тргнуваат од ставот дека односите на конкуренцијата се гранично поле – тип на однос кои може, но и не мора да доведе до судир (конфликт),

---

[21] Pondy L. (1967). Organizational Conflicts: Concepts and Models, *Adminsitrative Science Quarterly*, vol.2, no.2,p.48
[22] Robbins S. (2003). *Organizational behavior*, Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall Inc, 2003
[23] Мусабеговиќ Нијаз, Боровина Сулјо, Шахиќ Елвис (2008). „*Социологија рада*“, Сараево.
[24] Alain Touraine. (1985). An introduction to the study of social movements, *Social Research*, Vol.52, No.4, New School.

дефинирајќи ја конкуренцијата како постојана и нелична, за разлика од судирот кој е повремен и личен.

Така, неопходни, конститутивни моменти за одредување на конфликтни интеракции се:

1) самите конфликтни актери;

2) нивната дивергентност, во поголема и помала мера некомпатибилни интереси;

3) предметот-основата на спорот;

4) самата конфликтна релација, односно намерата спротивставената страна да се ограничи, да се засмета, неутрализира, да се покори, порази или уништи.

Првиот предуслов за конфликтна интеракција е самата свест (идентитетот на групата, свеста за целите на групата) на актерите и јасното перцепирање на спротивставените страни. Ален Турен укажува дека конфликтот, пред се, претпоставува јасна насока на ривалот со кој се натпреварува. Носителите на конфликтот мораат всушност да бидат идентификувани како посебна општествена категорија.[25]

Конститутивно, интересна димензија на конфликтот, посебно релјефно, изразува одредувањето на конфликтот кое го дава Кенет Болдинг. Тој го дефинира судирот како "…. состојба на натпревар во кој страните се свесни за некомпатибилност на потенцијалните идни позиции во кој секоја страна сака да заземе позиција која не е во согласност со желбите на другата страна"[26]. Самото постоење на актери со спротивставени интереси (елементите 1 и 2 од дефиницијата) претставува нужен и неопходен, но не и доволен услов за избивање на конфликт. Затоа мора да постојат спорни предмети на конфликтот (третиот елемент), а тоа може да биде, смета Владимир Гоати, предмет, социјална позиција (право), простор или самата егзистенција на другиот субјект[27]. Но, дури воспоставувањето на конфликтна интеракција на актерите (четвртиот елемент од одредувањето) го

[25] Alain Touraine. (1985). An introduction to the study of social movements, *Social Research*, Vol.52, No.4, New School.
[26] Boulding E. Kenneth (1963). *Conflict and Defense: a general theory*, Harper & Brothers, New York, p.5
[27] Goati Vladimir et al. (1978). *Drustveno-Politicko Angazovanje Omladine*, Institut Drustevenih Nauka, Beograd, str.323.

доведува конфликтот од латентна во манифестирачка состојба. Моментот на вложувања во директната конфронтација на актерите особено ја нагласува Козер во неговото одредување на конфликтот како "борба по повод вредностите и аспирациите на позиција, власт и ретки добра, каде страните во конфликтот не само што тежнеат кон здобивиање на саканите вредности, туку и да ги неутрализираат, оштетат или уништат своите противници[28]. Но, покрај наведените, конфликтите, барем имплицитно, содржат и своја клучна, петта стартна карактеристика, односно своја функција (ефект) на одржување/измена на состојбата на општествена рамнотежа. Со тоа воедно се воспоставува и клучната релација на конфликтот верзус консензус, односно конститутивната улога на конфликти во дијалектичките процеси на нарушување/обликување на општествениот консензус (воспоставена состојба на согласности за основните политички вредности).

### 3.1. Конфликт / Спор

*Конфликтот* не е исто што и *спорот*. Додека конфликтот е долгорочен и се темели врз реални општествени причини за несогласување, спорот се однесува на привремено недоразбирање чии причини имаат поголемо општествено значење.[29] Нешто поинаков однос на конфликтите и споровите толкува Ј. Галтунг. Тој смета дека спорот е ситуација во која два (или повеќе) актери тежнеат кон иста цел, што може да ја постигне само едниот актер. Така дефиниран, спорот претставува елементарна формација, т.е. основата на конфликтот (покрај дилемата).[30]

*Вооружениот конфликт* е тесна категорија и се однесува на конфликти во кои спротивставените страни користат насилни т.е. вооружени средства. "Програмата за истражување на конфликтот" на шведскиот универзитет во Упсала (Uppsala Conflict Data Program) го дефинира вооружениот конфликт како спротивставеност за власта и/или територијата каде употребата на воени средства

[28] Coser A. Lewis (1956). *The Functions of Social Conflict*, Glencoe, Ill.; London, Routledge and Kegan Paul, p.8

[29] Подетално за разликите помеѓу конфликт и спор види во: Burgess Heidi and. Burgess Guy M. (1997). *Encyclopedia of Conflict Resolution*, ABC-CLIO, Santa Barbara, p. 74.

[30] Види повеќе: Galtung Johan (2009). Mirnim sredstvima do mira. Mir i sukob, razvoj i civilizacija, *Službeni glasnik i Jugoistok XXI*, Beograd, стр. 107.

помеѓу две или повеќе страни, од кои најмалку едната е држава, предизвикала најмалку дваесет и пет смртни случаи (како резултат на "отворена борба") во една календарска година.[31] Дејвид Сингер и Алвин Смол во својата студија "Корелација на војната" (Correlates of War Project) во вооружени конфликти ги вбројуваат меѓудржавните и вон-системските војни. Меѓудржавните војни се дефинирани како вооружени конфликти кои вклучуваат учество на најмалку една влада (држава) во секоја од страните во конфликтот, при што во борбите страдале илјада или повеќе луѓе. Вон-системски војни, во кои се вбројуваат империјални и колонијални војни, се дефинираат како вооружени конфликти во кои владата (државата) претставува само една конфликтна страна, и која предизвикува најмалку илјада смртни случаи по актер во текот на една година.[32]

Дефинирањето на *насилниот конфликт* (violent conflict) се разликува од дефиницијата на вооружениот конфликт по што опфаќа и еднострано физичко насилство над цивилното население (на пр. геноцид), како и експлоататорски и репресивни општествени односи кои предизвикаат човечки страдања и смрт (на пр. апартхејдот). „Интердисциплинарната програма за истражување на причините за кршење на човековите права“ на Универзитетот во Лајден (The Interdisciplinary Research Program on Causes of Human Rights Violations) го дефинира насилниот конфликт како "криза" која се карактеризира со ерозија на политичкиот легитимитет на државата и раст на прифатливоста на насилните политики и активностите на разни групи и организации.[33]

Иако е вообичаено мислењето дека насилните конфликти воглавно се водат поради материјални ресурси, честопати нивните причини се од нематеријална природа. Негацијата на потребите и вредностите е во основата на скоро сите длабоко вкоренети (deep-rooted) и долготрајни (protracted) конфликти.

---

[31] За подетална дефиниција види повеќе: Uppsala University – Department of Peace and Conflict Research: Definitions, достапно на http://www.pcr.uu.se/research/ucdp/definitions/, последен пристап на 13.01.2019г.

[32] Види повеќе: Hugh Miall et al., (2011). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*, Polity, op. cit, p. 22–33, достапно на http://www.correlatesofwar.org/, последен пристап 13.01.2019г.

[33] Види повеќе: Hugh Miall et al., (2011). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflict*s, Polity, op. cit, p. 22–33, достапно на http://www.correlatesofwar.org/, последен пристап 13.01.2019г.

Терминот *"длабоко вкоренет конфликт"* се однесува на сите оние конфликти кои не можат да се решат во рамките на постојниот политички и општествен систем (на пример, конфликт против глобалниот тероризам). Решавањето на таквиот конфликт бара радикална промена на нормите, институциите и политиките и нивно приспособување кон потребите на една или повеќе спротивставени страни. Длабоко вкоренетиот конфликт може да настане како резултат на несоодветно и погрешно решавање на "обичните" и потенцијално функционалните конфликти.[34]

*Долготрајниот конфликт* произлегува како последица на "негирањето на оние елементи кои ги бара развојот на сите луѓе и општества и кон чие исполнување сите тежнеат", а тоа се "безбедноста, самобитност на идентитетот, општествено признавање на идентитетот и ефективно учество во процесите кои ги одредуваат условите за безбедност и идентитет, како и други потреби за развој".[35] Потребата за разрешување на ваквите конфликти оди подалеку од границите на конвенционалното разрешување на конфликтите и неопходно бара трансформација на општествената и политичката структура.

### 3.2. Фактори и процес на создавање на конфликтот

Разгледувањето на она што предизвикува конфликт може да ни помогне уште подобро да го разбереме овој феномен. Најпрво, да ги земеме во предвид заедничките извори на конфликт. На овој начин, можеме да одговориме и на други аспекти на прашањето ("што е конфликт?"). Кои се факторите кои предизвикуваат конфликт? За целта на оваа дискусија, да ги разгледаме трите главни извори на конфликти како што предлага американскиот психолог Даниел Кац. Според него, конфликтот произлегува пред се поради овие три фактори:

---

34 Burton John (1990). *Conflict: Resolution and Provention*, Palgrave, Oxford, p. 15–16.

35 Azar E. Edvard (2006), „Dugotrajni međunarodni konflikti: Deset predloga“, во Radmila Nakara- da (ur.), Reader – *Teorije i praksa rešavanja sukoba*, str. 2.

1) *Економскиот конфликт* е предизвикан од ограничена количина на ресурси. Групите или поединците кои се вклучени тогаш влегуваат во конфликт за постигнување на поголемиот дел од овие ресурси, со што се предизвикува непријателско однесување низ оние кои се вклучени.
2) *Вредносниот конфликт* се занимава со различните преференции и идеологии кои луѓето ги имаат како свои принципи. Конфликтите водени од овој фактор се прикажани во војни каде што одделните партии имаат групи на верувања што тие тврдат (на агресивен начин во тоа).
3) Конфликт на моќта се јавува кога вклучените страни имаат намера да го зголемат она што има влијание во социјалното опкружување. Таква ситуација може да се случи кај поединци, групи или дури и нации. Во други видови на конфликти, моќта е исто така евидентна бидејќи вклучува и потврдување на влијание на друго.

Процесот на создавање на конфликтите има четири фази[36]:

1) *Фаза на создавање на услови за конфликт или фаза на латентни конфликти*. Во оваа фаза се случуваат процеси кои би можеле да доведат до конфликт. Во текот на оваа фаза се поставува сцена за конфликтите, така што се создаваат причинители за конфликти. Ова може да подразбира дека некои ресурси наеднаш стануваат ретки и нивната распределба може да предизвика конфликти. Содржината на првата фаза на конфликти може да биде и постепено диференцирање на организационите единици кои водат до разлики во нивните перспективи и цели. Исто така, отсуството на комуникација може да биде причина за конфликт во оваа фаза. Мора да се каже дека во оваа фаза се создаваат услови за конфликти, но тоа не мора да значи дека и во стварноста би се јавиле истите.

2) *Фаза на перцепција и доживување на конфликтот*. Во оваа фаза страните се свесни дека постојат услови за појава на конфликт и потоа ги перцепираат и доживуваат. Низ процесот на перцепција учесниците на конфликтот му даваат значење на самиот конфликт и ја разбираат неговата смисла. Тогаш самите

---

[36] Pondy L. (1967). Organizational Conflicts: Concepts and Models, *Adminsitrative Science Quarterly*, vol.2, no.2.

учесници чувствуваат бес, анксиозност и тензија.[37] Во текот на оваа фаза учесниците ја персонализираат другата страна и почнуваат да развиваат негативни чувства кон нив. Но, сè уште нема никаква акција помеѓу нив.

3) *Фаза на креирање на намери (акција) или фаза на отворен конфликт.* Во оваа фаза едната страна започнува акција спрема другата страна. Низ однесувањето, постепено ги формираат своите интенции и отворено ги покажуваат. Некогаш може да се случи едната страна да преземе подрастични мерки во нападот, затоа што погрешно ги предвидела намерите на другата страна. Во другиот дел од оваа фаза намерите се претвораат во однесување и така отворено се покажуваат. Кога луѓето помислуваат на конфликт, тие мислат на оваа фаза кога учесниците активно учествуваат како би го решиле конфликтот во своја корист. Акцијата на двете страни може да биде во нормални граници, но не ретко може да има и отворена борба со последици.

4) *Фаза на постконфликт.* После конфликтот, во организацијата настануваат одредени последици во меѓучовечките односи. Какви ќе бидат последиците, пред сè зависи од тоа на кој начин конфликтот е надминат. Ако е решен со интерактивно решавање на проблемот, со задоволени две страни, тоа може позитивно да влијае за иднината на тој однос. Но, доколку тој е решен со негово потиснување или само со победа од едната страна, големи се шансите во постконфликтниот период да се појават некои негативни ефекти.

---

[37] Robbins S. (2003*). Organizational Behavior*, Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall Inc..

## 3.3. Социо-психолошки димензии на меѓународните конфликти

Постојат неколку тврдења за природата на меѓународните конфликти кои потекнуваат од социо-психолошката перспектива. Едно од нив, е дека меѓународните конфликти се процеси кои се движат од колективните потреби и стравови. Другите тврдења нагласуваат дека овие конфликти се меѓусебни, повеќеслојни и интерактивни процеси на взаемно влијание, со ескалирачка, само-поттикнувачка динамика[38]. Оттука, заедничка карактеристика на меѓународните конфликти, е дека тие се процеси кои влијаат врз меѓународните односи. Кога се разговара за првото тврдење во врска со потребите и стравовите, треба да се истакне дека не се задоволени основните човекови потреби (какви што се оние за физичка безбедност, храна и засолниште, здравје, идентитет, автономија, чувство на правда и многу повеќе), кои се највлијателните каузални фактори во секој вид на конфликт (меѓународен, меѓуетнички, меѓурасен итн.). Ова е посебно нагласено во теоријата на основните човечки потреби.[39] Во ситуација на директно насилство, меѓу поединци или нации, потребите за безбедност и идентитет стануваат најважни. Кога луѓето живеат во структурно насилство, каде не се задоволени економските потреби или потребите за слобода на говорот и самоопределувањето, патот кон насилство е јасно отворен.

Стравот од неможност да се задоволат основните потреби (особено перцепираната закана за *идентитетот* и *безбедноста*), е тесно поврзан со ерупција на меѓугрупни конфликти. Кога се присутни долготрајни конфликти меѓу идентитетските групи, тие стравови би можеле да станат егзистенцијални по својата природа, со што би се претвориле во борба за опстанок на групата. Како што покажуваат теоријата и практиката, причините за конфликтот обично ги комбинираат и објективните и субјективните фактори кои се меѓусебно поврзани. Меѓутоа, кога субјективните фактори поврзани со колективните основни потреби и

---

[38] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C

[39] Staub, E. (2003). *The Psychology of Good and Evil. Why Children, Adults and Groups Help and Harm Others*. Cambridge University Press.

егзистенцијалните стравови го преземаат водството, тие значително влијаат врз ескалацијата и продолжувањето на конфликтот. Тоа е така, бидејќи таквите потреби и стравови создаваат отпор кон промени, дури и кога сите страни во конфликтот се свесни дека е во нивен најдобар интерес да се стави крај на конфликтот. Освен тоа, колективните потреби и стравови честопати се поврзани со индивидуалните потреби и стравови, па затоа во меѓународните конфликти лидерите нив можат релативно лесно да ги манипулираат, предизвикувајќи високо ниво на гнев и насилство[40]. Затоа, како што нагласува Кристи (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[41], решавање на конфликтите може да се постигне само со задоволување на основните човекови потреби (или барем на оние за идентитет, безбедност, благосостојба и самоопределување), намалување на стравот и постигнување на социјална правда.

Меѓународниот конфликт, како меѓусекторски феномен, го опфаќа целото општество, и кога насилството е експлицитно и кога е пригушено. Затоа, при анализирање на конфликтите, треба да се води сметка не само за нивните стратешки, воено-дипломатски димензии, туку и за економските, психолошките, културолошките и социјално-структурните димензии. Сите тие комуницираат едни со други и ги дефинираат интрасоцијалните и меѓусебните процеси кои го водат конфликтот. Со оглед на тоа што секоја страна во конфликтот ги штити сопствените позиции и интереси, конфликтот се појавува кога тие интереси се судираат. Затоа, страните се залагаат за взаемно влијание насочено кон унапредување на нивните интереси и блокирање на оние на спротивната страна. Сепак, конфликтот е процес во кој сите страни се менуваат со текот на времето и реагираат во однос на едни со други. Кога конфликтот е многу интензивен, интеракцијата станува сè повеќе тензична и насилна, со зајакнување и продлабочување на конфликтот. Ваквата

[40] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

[41] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет

интеракција е водена од одредени норми и принципи кои доведуваат до создавање на ескалирачка, самоодржлива динамика[42].

Имајќи го предвид фактот дека меѓународните конфликти се комплексни процеси, приодите кои се користат за нивно решавање или надминување треба да бидат систематски и холистички. Како што објаснува Галтунг (според Мурџева-Шкариќ, 2007)[43], конфликтот, кој може да биде симетричен или асиметричен, е триаголник кој се состои од став, контрадикција и однесување. Овие три компоненти постојано се менуваат и влијаат една на друга, бидејќи конфликтот е динамичен процес. Така, решавањето на конфликтот мора да вклучува симултани интервенции во сите три компоненти. Ова вклучува де-ескалација на конфликтното однесување, промена на ставовите и трансформација на односите, личностите и интересите на сите страни во конфликтот.

---

[42] Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

[43] Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет.

### 3.4. Карактеристики на конфликтите во 21 век

Пред да се мапираат конфликтите во дваесет и првиот век, од суштинско значење е да се направи разлика помеѓу војната и конфликтот. Поимите имаат тенденција да се користат заемно, и покрај тоа што имаат различни конотации. Војната, според Мерриам-Вебстер, е "состојба на вообичаено отворен и прогласен за вооружен непријателски конфликт помеѓу држави или нации". Истиот речник го дефинира конфликтот како "конкурентна или спротивставена акција на некомпатибилни; антагонистичка состојба или акција; судир на принципи". Овие разлики можат да се сумираат како:

- ✓ Војната е конфликт, но не сите конфликти се војни.
- ✓ Конфликтот е широк поим што опфаќа широк спектар на конкуренција, почнувајќи од вербално несогласување до употреба на сила.

Во контекст на оваа студија, на сложената природа на војни и конфликти низ спектарот на начини и средства за принуда, терминот конфликт е најсоодветен.

Генералот Руперт Смит го започнува воведот на неговата книга "Употреба на Сила", обраќајќи се на трајноста на конфликтот: "Војната повеќе не постои. Конфронтацијата, конфликтот и борбата несомнено постојат насекаде во светот...“[44]

Токму таа трајна природа на конфликтите во дваесет и првиот век е онаа која ги разликуваат од оние конфликти од претходните векови. Рускиот генерал, Валери Герасимов, ја дава најсоодветната карактеризација на таквите конфликти во неговиот доктрински документ, наведувајќи: "Војните повеќе не се декларираат и, веќе започнати, постапуваат според непознат образец" .[45]

Истражувањето на модерните конфликти открива заматени линии не само меѓу војна и мир, туку и меѓу елементите на националната власт, кинетички и

---

[44] Rupert Smith. (2005). *The Utility of Force: The Art of War in the Modern World*, London, Allen Lane, p. 3.

[45] Valery Gerasimov. (2016). “The Value of Science is in the Foresight: New Challenges Demand Rethinking the Forms and Methods of Carrying out Combat Operations,” Robert Coalson (ed.), in *Military Review*, p. 24.

некинетички операции, прикриени и отворени дела, политика, стратегија, операции и тактики, закон и поредок и јавен ред, дипломатија и војна, непријатели и популација, сојузници и противници, виртуелни и реални борбени простори, етика и морал, државни и недржавни актери, конвенционални и неконвенционални средства, па дури и национални граници. Староста на информацијата некако ги спои или дифузира овие разлики. Конвенционалните механизми за одговор на државата, досега моделирани врз овие разлики, им е тешко да се справат со овие закани и треба постојано да се прилагодуваат и усвојуваат.

Се чини дека овие конфликти спаѓаат меѓу војната и мирот, и затоа се наречени конфликти на сивата зона. Меѓународниот безбедносен советодавен одбор (International Security Advisory Board – ISAB) на Стејт департментот на САД спроведе вежба за да ги наведе карактеристиките на конфликтите на сивата зона и утврди дека го вклучуваат следново:

- Сајбер, информативни операции, напори за поткопување на јавниот / сојузнички / локален / регионален отпор, и информации / пропаганда во поддршка на други хибридни инструменти;
- Прикриени операции под државна контрола, шпионажа, инфилтрација и субверзија;
- Сили за специјални операции (Special Operations Forces - SOF) и други вооружени единици контролирани од државата, како и непризнаениот воен персонал;
- Поддршка - логистичка, политичка и финансиска - за бунтовниците и терористичките движења;
- Запишување на невладини актери, вклучувајќи и организирани криминални групи, терористи и екстремистички политички, религиозни и етнички или секташки организации;
- Помош на неправилни воени и паравоени сили;
- Економски притисоци кои ја надминуваат нормалната економска конкуренција;

- Манипулација и дискредитација на демократските институции, вклучувајќи го и изборниот систем и судството;
- Пресметана двосмисленост, употреба на прикриени / непризнаени операции и и негирање; и
- Експлицитна или имплицитна употреба на закана или закани за употреба на вооружена сила, тероризам и злоупотреба на цивилното население и на ескалацијата.[46]

И руската и американската карактеризација се обидуваат да ги деконструираат современите конфликти.

Значајната разлика меѓу средновековните и индустриските старосни конфликти и современите конфликти не е комбинацијата или хибридноста на различните употребени средства, туку алатките кои се достапни од преовладувачките социјални, економски, политички и технолошки средини.

[46] ISAB (2017). Report on Gray Zone Conflict, Washington, DC: US Department of State, p. 2, достапно на https://www.state.gov/documents/organization/266849.pdf, последен пристап на 13.01.2019г.

## 4. Хибридна војна и хибридно војување

„Хибридното војување“ е поим на новото време кој сé почесто се употребува во стручните безбедносни и академски кругови и несомнено предизвикува посебно внимание, како поради самиот назив „хибридно“, така и поради опасноста која со него настанува.

Иако не постои единствена дефиниција на овој прилично апстрактен поим, станува збор за реален феномен кој во последно време е сé порелевантен во контекстот на новата студена војна.

Терминот "хибридно војување" се појавил во 2005 година и подоцна бил користен за да се опише стратегијата која Хезболах ја користел во Либанската војна во 2006 година. Самиот термин беше промовиран и кај повеќето автори во текот на 2007 година. Оттогаш, поимот "хибрид" доминира во дискусијата за современата и идната војна, до моментот кога го усвоија високи воени лидери и го промовираа како основа на модерните воени стратегии. Посебна актуелизација на поимот, особено од западните автори, е забележано во текот на 2014 година, после анексијата на Крим од страна на Руската Федерација, при што, оваа акција е идентификувана со постулатите на хибридното војување. Денес, овој термин се актуелизира во обид да се разбере актуелната революција во начинот на водење на војна, каде постоечката воена теорија не може да ја следи динамиката на промена на природата на војната.

Во постојната теорија за војната, како и во теоријата на воената наука, сѐ уште не постои јасно дадена дефиниција за синтагмата „хибридна војна“, ниту постои нејзината класификација според одреден критериум на класификација.

Според „Воената енциклопедија"[47], поимот „војна" се дефинира како „комплексен и интензивен судир, предизвикан од класни, економски и политички противречности, кои, со примена на масовна вооружена борба тежнеат кон

---

[47] Vojna enciklopedija. (1970). Izdanje Redakcije vojne enciklopedije, Beograd, Stampa Graficki zavod Hrvatske, Zagreb.

остварување на економските и политичките цели на одредени класи, држави и народи". Основната содржина на војната е вооружена борба, но војната не се сведува само на неа, бидејќи во себе вклучува и други форми на борба (политички, економски, морален, психолошки, итн), кои се меѓусебно испреплетени и кои го сочинуваат сеопфатниот општествен судир/конфликт.

Терминот "хибрид" (гр.hybrid) потекнува од грчкиот јазик и во изворна смисла има погрдно значење но во современиот свет, називот го изгуби негативното значење, така да денес означува само мешавина или комбинација од нешто. Со зборот "војна", хибридот повторно добива своја изворна, негативна конотација. Поимот "хибридна војна" во себе содржи различни значења, почнувајќи од сајбер-војна, информативна војна, разни сценарија за асиметрични конфликти од низок интензитет, преку глобалниот тероризам, пиратството, илегалната имиграција, корупцијата, етничките и верските судири, транснационалниот организиран криминал, до системски економски колапс на државата со цел создавање демографски промени и примена на оружје за масовно уништување.

Терминот „хибридизација" (лат. Hibrida, грч. hibris) се однесува на вкрстување помеѓу два вида или две раси од ист вид, додека под терминот „хибрид" може да се разбере соединенување на разнородни елементи,[48] односно обединување на сите форми на општествени конфликти, од најбруталните до најкомплицираните каков што е оној вооружениот.

Со поимот хибридна војна во последниве десетина години се занимаваа поголем број, воглавно американски автори, како Френк Хофман[49], Маргарет Бонд[50], Глен Расел[51], но до универзално прифатена дефиниција не е дојдено.

"Хибридна војна", односно "комбинирана војна", се однесува на комплексна воена стратегија, која е комбинација од конвенционално и неконвенционално,

[48] Projekat Instituta za strategijska istraživanja. (2016). „*Hibridno ratovanje – iskustva i perspektive*", Beograd: Ministarstvo odbrane R. Srbije, Institut za strategijska istraživanja, broj 2-5.
[49] Hoffman Frank (2009). "Hybrid Warfare and Challenges", *Joint Force Quarterly*, Issue 52, 1st Quarterly 2009, str. 34-48.
[50] Bond Margaret (2007). *Hybrid War: A New Paradigm for Stability Operations in Failing States*, USAWC Strategy Research Project. U.S. Army War College, Carlisle Barracks (PA).
[51] Russell Glenn (2009). "Thoughts of Hybrid Conflict", *Small Wars Journal*, стр. 1-8, достапно на: www.smallwarsjournal.com.

сајбер, психолошко и информативно војување и се смета за нелинеарна борба. Оваа нова парадигма во политичко-воено-безбедносното војување се појавила кога порасна сложеноста на заканите, обезбедувањето на безбедноста, особено после завршувањето на Студената војна и почетокот на униполарната ера во светот, потоа влезот на важни недржавни актери, паралелно со државните актери, во сферата на безбедносната конкурентност во светот.

Хофман[52] и Њусон[53] ја дефинираат хибридната војна преку хибридните закани изнесувајќи дека тие опфаќаат широк спектар на различни модели на конфликти како коктел од конвенционалните воени способности, вклучувајќи и други конвенционални безбедносни капацитети, ирегуларни тактики и формации, терористички акти, случајно насилство и принуда, бунт, герилски начин на војување, како и организирани криминални акти и немири, сајбер војна и напредна воена технологија. Тие додаваат дека хибридните војни може да бидат спроведени од страна на: како од државата, така и од недржавни чинители, потоа од страна на различни единици или дури од истата единица.

Всушност, теоријата на хибридна војна според Франк Хофман означува истовремено дејство на симетрични и асиметрични војни, конвенционално и неконвенционално водење на војната, истовремено учество на професионални војници и разни вооружени формации. Стратегијата на хибридна војна е изградена врз основа на комбинација на широк спектар најзразлични форми и методи на борба, кои во себе содржат голем број значења. Сатурацијата на стратегијата со разни форми и методи на вооружена борба предизвика низа дефиниции на модерното војување: тродимензионално, мрежно, асиметрично, неконтактно, информационо, итн. Секоја од дефинициите одразува доминантна карактеристика на воената конфронтација, но ниту една од нив сама не ја карактеризира војната во целина.

---

[52] Hoffman Frank (2007). *Conflict in the 21st Century – The Rise of Hybrid Wars*, Potomac institute for Policy Studies, Arlington, Virginia, p. 8.

[53] Newson Robert A. (2014). Counter-Unconventional Warfare Is the Way of the Future. How Can We Get There, *Small Wars Journal*, достапно на http://smallwarsjournal.com/blog/counter-unconventional-warfare-is-theway-of-the-future-how-can-we-get-there, последен пристап 06.01.2019 година.

Обидот да се соединат посебните дефиниции во една доведе до појава на концептот "хибридно војување". Оваа "разновидност" на дефиницијата од една страна е поврзана со концептот "хибридно војување" и дава висок степен на нестабилност и не дозволува да се вклучи во постоечката класификација на војните и конфликтите, а од друга страна, ја прави теоретски атрактивна токму поради фактот што може да прими голем број значења. Во тој нов концепт на хибридна војна во основа нема ништо ново. Хибридноста е карактеристика на секоја војна, како последица на примената на задолжителни методи на сите завојувани страни кои располагаат со сила, средства и способност за извршување на борбените дејствија, војната е нужно хибридна.

Имајќи ја во предвид акутелноста и врз основа на резултатите на долгогодишните дискусии, лондонскиот меѓународен институт за стратешки студии во 2015 година ја предложил дефиниција за "хибридна војна" како синтеза: "Употребата на воени и невоени инструменти во интегрирана кампања со цел да се постигне изненадување, искористувањето на иницијативи и стекнувањето на психолошка предност кои се користат во дипломатски дејствија; големи и брзи информациони, електронски и сајбер операции; покривање и прикривање воени и разузнавачки активности; во комбинација со економскиот притисок".[54] Дефиницијата прецизно ги одразува клучните разлики меѓу хибридните војни и традиционалните конфликти.

[54] Bastian Giegerich. (2016). Hybrid Warfare and the Changing character of Conflict, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, *Connection: The Quarterly Journal*, Vol.15, No. 2, pp. 65-72.

### 4.1. Историја на поимот „хибридна војна“

Терминот "хибридна војна" бил користен за да се опише стратегијата која Хезболах ја користел во Либанската војна во 2006 година. Наведениот конфликт се карактеризирал со низа специфичности:

- конфликт помеѓу државата и недржавниот субјект;
- содејство на герилските единици и редовните трупи во текот на противтенковските и противоздухопловните дејствија на Израел;
- афирмативно и во реално време прикажување снимки од успешните дејствија на Хезболах, на повеќе медиуми, вклучувајќи го и сајбер просторот,
- прикажување на дејствијата на Израел спротивно на меѓународните правила поради придобивање поддршка од исламската заедница во времетраењето на конфликтот;
- асиметрична употреба на сила, серија тактички изненадувања и слично.

По завршувањето на дејствијата, двете страни во конфликтот прогласиле победа. По конфликтот, останал фактот дека Хезболах добил "медиумска" војна успешно користејќи го информативниот простор, вклучувајќи и дејствување на глобалната комуникациска мрежа (интернет или во сајбер-просторот) и ја достигнал својата цел. Во прилог на ова тврдење е поддршката на Хезболах од одредени исламски држави (на пример, Иран и Сирија) и отпочнување на расправа во Израел за тактиката на борбени дејства против Хезболах и примената на меѓународните правила на војување.

Сепак, поедини теоретичари наведуваат дека првата хибридна војна започнала во 1961 година, а се однесува на операцијата за соборување на кубанската влада на Фидел Кастро. Специфичноста на оваа операција е синхронизираната примена (комбинација) од два различни видови на конфликти (борбени дејства и

народно востание) со цел да се достигне крајната посакувана состојба, која може да се стави во контекст на хибридната војна.[55]

Агресијата на НАТО сојузот (19 земји-членки на НАТО пактот) врз Сојузна Република Југославија може да се стави во контекст на хибридна војна, бидејќи следела после одредени економски, дипломатски, медиумски и други притисоци врз СРЈ и неуспехот на Косовските сили да го окупираат просторот на Косово и Метохија. Агресијата укажала на делумен успех (неуспех) на примената на мека моќ[56] проследено со примена на тврда моќ[57] со комбинација од воздухопловни борбени дејства од силите на НАТО и интензивна медиумска кампања од една страна, а од друга страна, за време на агресијата на НАТО, успешно е експлоатиран електромагнетниот спектар, со изведување борбени дејства и психолошко пропагандно дејствување.

Со појавата на нови предизвици за регионалната и меѓународната безбедност, појавата на нови технологии, како и на нови можности за сајбер просторот, се повеќе доаѓа до судири на недржавните субјекти (разни терористички организации) против државата или одредени сојузни држави.

Конфликтот во Сирија, особено во регионот Алепо каде што се судриле силите на Сириската армија, вооружените сили на Руската Федерација, вооружените сили на САД и Исламската Држава, е последица на постигнување на одредени геостратешки интереси,[58] а изложил низа специфичности од интензивна медиумска кампања, водење на посредни (анг. proxy) војни, интензивно користење на сајбер просторот за пропаганда и регрутирање на терористи до употреба на роботизирани борбени системи.

---

[55] Ротислав Ищенко (2016 г.), Хибридната војна први ја започна САД против Кастро, а сега и сама е жртва на хибридната војна, www.fakti.org.

[56] Мека моќност претставува способноста да се влијае врз другите да го прифатат посакуваниот правец на дејствување преку културно и идеолошко влијание или поттикнување за промени.

[57] Тврда моќ претставува претежно воена и економска моќ поради влијание на однесувањето на државата и недржавните субјекти или поради директни промени на текот на случувањата во конфликтите.

[58] Тодоровић Лука, Милутиновић Милован (2016). *Глобалне тенденције и хибридни рат*, СВАРОГ, стр. 19.

Конфликтот во Украина (обоена револуција, евромајдан) се карактеризира со интензивна употреба на сајбер просторот поради мобилизација на населението за протести, како и интензивна пропаганда поради промена на постоечкиот режим. По конфликтот во Украина, САД и Европската Унија ја обвинуваа Русија за спроведување хибридна војна во Украина, особено во Крим. Европската унија во Глобалната стратегија за безбедност и надворешна политика како една од главните закани за безбедноста ја обележа Русија.

По овие конфликти, сé почесто на регионалната и меѓународната политичка сцена се споменуваат термините хибридна закана, хибридна војна, хибриден конфликт и слично. Безбедносното опкружување се променило, односно станало уште посложено. Затоа, Европската комисија на 06.04.2016 година ја усвоила Заедничката рамка за спротивставување на хибридните закани.[59]

[59] EUROPEAN COMMISSION. (2016). Joint Framework on countering hybrid threats, Brussels.

## 4.2. Хибридна војна, конфликт, закани

Примената на прикриени воени содржини на војната го отежнува одредувањето на одредени современи конфликти под значењето на поимот "хибридна војна", со оглед дека вооружената борба претставува основна и неизоставна содржина во дефинирањето на поимот "војна". Конфликтот е последица на недоразбирања или конфликтни интереси и не мора нужно да прерасне во судир, како што е и војната е вооружен судир кој немора да прерасне од невооружениот судир. Така, постои и хибриден конфликт, кој е комбинација на повеќе видови невооружени конфликти, додека војната сѐ уште е вооружен конфликт, а последниот е, изнудено, (раз)решување на конфликтот, како категорија на највисоко ниво на социјален конфликт. Оттука, треба да се воспостави јасна дистинкција помеѓу термините ,,хибридна војна" и ,,хибриден конфликт", затоа што без употребата на конвенционалното оружје, односно директен вооружен судир, не може да се зборува за војна, туку исклучиво за конфликт. Суштината се огледува во избегнување на постоечките практики во политичката, публицистичката, новинарската реторика, секојдневната комуникација, дури и во воено-стручната терминологија, а тоа е дека, иако постои суштинска разлика помеѓу нив, овие термини неретко се користат како синоними. Со оглед дека вооружените сили не можат да бидат носители на сите содржини на "хибридната војна" мора јасно да се дефинира дека ова не е исклучиво воен концепт, туку во меѓувреме еволвирал во еден поширок политички, државен концепт на војување. Конвенционалната моќ (знаење) се користи само против конвенционален непријател (проблем).

Почеста појава од хибридните борби се хибридните закани, бидејќи борбата е двосмерна, а често другата страна не е свесна за изложеноста на хибридни дејствија, па не постои ни предуслов за борба.

Терминот "хибридна закана" е метафора која носи сложени дилеми поврзани со промена на глобалната животна средина во прв план. Честопати се користи заемно со упатувања на хибридна војна, за да се долови меѓусебната природа на предизвиците (т.е. етнички конфликт, тероризам, миграција и слаби институции), разновидност на вклучени актери (т.е. редовни и ирегуларни сили, криминални

групи) и разновидност на конвенционални и неконвенционални средства што се користат (т.е. воени, дипломатски, технолошки). *Хибридната закана* е феномен што произлегува од конвергенција и интерконекција на различни елементи, кои заедно формираат посложена и повеќедимензионална закана.

Хибридни дејства е, секако, посоодветен израз од хибридна војна, а војната е вооружена во традиционална и конвенционална смисла, со можност за примена на хибриден начин на борба. Хибридната борба е, всушност, повеќеслојна субверзивна активност. Единствена проблематика е семантиката, а спецификацијата на проблемот за дефинирање на поимот лежи во досегашното погрешно користење.

## 4.3. Четврта генерација војни – нерегуларно војување од страна на недржавни актери

Самата идеја и поимовното толкување на хибридното војување не се нови. Имено, уште Сун Цу Ву, посочувал дека спроведувањето на индиректни форми на војување е еден од најефикасните начини за борба против непријателот.[60] Ова подразбира постигнување на предност или пораз на непријателот без директно ангажирање на сопствени воени операции и трошење сопствени ресурси што би било неминовно во директниот судир. Во современите разработки на војната како теорија на судир, извршена е условна поделба на конвенционалните војни на повеќе генерации:[61]

✸ Прва генерација, доминирана и е определена од карактеристиките на т.н. Наполеонски војни и војните после нив (рамка од деветнаесеттиот век), каде првенство имала бројноста на армијата во конфликтот и преовладувал човечкиот потенцијал;

✸ Втора генерација, која е фундаментално лоцирана во времето околу Првата светска војна (првата декада од дваесеттиот век), каде доминацијата била на

[60] Tzu Sun (2000). *Art of War- Chapter 3: Attack by Stratagem*, Leicester, Allandale, p. 9
[61] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.

страната на технологијата и техничките иновации во вооружувањето, односно на огнената моќ;

- Трета генерација, добата од Втората светска војна до средината на 80-тите години на дваесеттиот век, каде што доминантната компонента претставувала способноста за маневрирање;
- Четврта генерација, која претставува хармонизирана и еднократна употреба на ненасилни и насилни форми на граѓански протести, во комбинација со примена на специјални операции, со интензивна употреба на политички, економски и социјални инструменти, со цел да се уништат борбените способности, моралот и организацискиот систем на непријателот. Воглавно, во својата основа се идентификува со концептот на национална безбедност развиен од САД како одговор на терористичките напади на 11 септември 2001 година и насочена е кон недржавни организации (Хезболах, Хамас, Ал Каида). Според оваа теорија, класичните конфликти на државата станале реликт од минатото.[62]

[62] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.

Дијаграм бр.1 Модел на генерација на војни[63]




Во поглед на идејата и поимовното толкување на хибридното војување, подобро и подетално би го објаснила модулот на четвртата генерација војни (4ГВ) со кој и најмногу се истоветува хибридната војна во однос на заедничките карактеристики.

Всушност, појавата на 4ГВ што се водат помеѓу државите и идеолошките недржавни актери се должи на геополитичката динамика на модерното време, која се повеќе предизвикувала ерозија на монополот на државата врз војните и тоа во 1990-тите години. Суштината на ова војување лежи во индиректните стратегии преземени од страна на субјектите во 4ГВ, што најчесто ги заобиколуваат директните воени соочувања со државните армии, напаѓајќи го цивилното население, културата или институциите на системот. Ова, исто така, може да се опише како едно од најголемите промени во војувањето, бидејќи мирот во

[63] Chet Richards. (2005). *Conflict in the Years Ahead*, J.Addams & Partners Inc.

Вестфалија на државата и беше отстапен монополот врз војната, што сега беше изгубен. Исто така, со 4ГВ се распадна и европскиот модел на војување. 4ГВ се манифестира преку високо изолирани, мобилни, предаторски мрежи кои работат надвор од рамките на националните држави. Овие војни се лансирани од страна на ad hoc воини и главно според нивниот облик и структура се морални конфликти.[64]

Најавата за цела нова генерации војни се должи и на операцијата „Пустинска бура", која драматично ги демонстрира новите можности на она што се нарекува „воено-технолошка револуција во војувањето". Оваа технолошка револуција опфаќа многу области, вклучително, од самостојно нишанење и прецизност на оружјето до софистицирани сензори за изненадување и одржување, уреди за ноќно дејствување и одбрана со тактички балистички ракети. Голем дел од оваа револуција го следи развојот на новите технологии, како што се микропроцесирање информации коишто се познати и во нашиот секојдневен живот. Експлоатацијата на овие и на новите технолошки достигнувања, ветувале дека значително ќе се менува природата на војувањето, како што тоа претходно се случувало со доаѓањето тенкови, авиони и носачи на летала. Оваа војна била тест за една цела нова генерација оружја и системи за војување.[65]

Истовремено, со американските напори да се постигне револуција во воените вештини во 1990-тите, други државни и недржавни актери во сиот свет бараат начин и средства што би можеле да ги искористат за да се порази американската воена моќ. На крајот од операцијата „Пустинска бура" стана јасно дека повеќето земји никогаш нема да имаат воен капацитет да ги победат САД на бојното поле и затоа мора да најдат алтернативни начини за остварување на своите стратегиски цели. Еден од овие актери, Ал Каеда, разви методи и доктрини, кои на крајот и овозможија да го изведе катастрофалниот напад на територија на САД.

Имено, битката во Могадишу, која воедно се смета и за најдолгата, најкрвава битка за американските војници по Виетнамската војна, за САД претставува вистински скандал што го отворил прашањето за справувањето на постојниот тактички концепт во новонастанатата борбена – урбана средина. Ова прашање

---

[64] Танески Ненад (2014). *Глобални хибридни закани и асиметрични војни*, Скопје, стр.95.
[65] U.S. Department of Defense. (1992). Coduct of the Persion Gulf War, Final Report to Congress, Washington, DC: U.S. Government Printing Office, p.27.

покрена серија на РАНД студии во 1990-тите години, при што беа идентификувани не само обемот и комплексноста на тактичката урбана средина, но исто така и на оперативно ниво на урбаниот конфликт. Заклучокот од овие истражувања е дека има ограничен број примери за заеднички операции во урбана средина и практично не постои никаква меѓуагенциска координација при изведување на урбаните операции.[66]

Противниците на САД низ светот, а и тие самите, се свесни дека војните од четвртата генерација војување, досега САД ги загубија во повеќе наврати: Виетнам, Либан и Сомалија. Оваа форма на војување, исто така, ги порази Французите во Виетнам и во Алжир и Советскиот Сојуз во Авганистан. Од неа крвавеа Русија во Чеченија и САД во Ирак, во Авганистан, како и во други области каде што тие се ангажирани во војна против тероризмот. Овие порази на големите сили, од многу послаби противниците, во 4ГВ се од суштинско значењето за да може да се разбере оваа нова форма на војување што бара соодветно приспособување.

Конфликтите во Ирак и во Авганистан ги покажуваат нејзините карактеристики. Бунтовниците испраќаат една порака до нивните поддржувачи, друга до неопределеното население, а трета за коалициските власти. На поддржувачите им се кажува дека тие ја бранат верата и нивната земја од надворешниот агресор. Пораката до неопределените или про-коалициски сонародници е да останат надвор од борбата што се води помеѓу нив и надворешните агресори, кои на крајот „ќе ја напуштат нивната земја“. Конечно, на коалицијата, особено на Американците им се препорачува да се повлечат од нивната земја или да бидат подготвени за ангажирање во една бескрајна, многу скапа војна.

Според анализите од војните во Ирак, во Чеченија, во Авганистан и во палестинските области, повеќето од жртвите во овие војни се цивили. Понатаму, повеќето од овие загуби не се предизвикани од воено оружје, туку од оружје изработено од материјали достапни на пазарот. Така, противниците немаат потреба од формирање воена инфраструктура, како што беше пример во претходните генерации војни.

---

[66] Танески Ненад (2014). *Глобални хибридни закани и асиметрични војни*, Скопје, стр.96.

Четвртата генерација војни ги експлоатира меѓународните, транснационалните, националните и субнационалните мрежи за сопствени политички цели. На недржавните актери во 4ГВ, за остварување на нивните цели им се достапни се поголем број на меѓународни канали: Обединетите нации, Северноатланската алијанса (НАТО), Светската банка, Организацијата на нафтени извозници и десетици други. Примарната задача на практикантите на четвртата генерација војни е да создаде политичка парализа во меѓународните организации (што вообичаено не е тешка задача) против одредена нација што претставува нивна цел. Секоја од овие организации има различни функции во меѓународните односи, со свои слабости што можат да се искористат за пренесување политичка порака до нивните лидери. Можеби нема да се промени свеста на националните лидери и водачи на овие организации, но може да се забави или да се парализира меѓународниот одговор.

Четвртата генерација противници се далеку поразлични од нивните претходници. Тие повеќе се фокусирани во спроведување на долгата политичка одржливост и оправданост, отколку на својата краткорочна тактичка ефикасност. Тие не се гледаат себеси како воени организации, туку како мрежи кои генерираат политичка моќ која е од клучно значење за овој тип војување. Овие организации се обединети преку своите идеи. Раководството на овие организации е мрежно поврзано, за да обезбеди стабилност и континуитет кога се нападнати. Нивна најважна цел не е да се победи на бојното поле, тутку да се одржи идејата на организацијата.[67]

Според тоа, во блиска иднина, војната, најмоќната форма на конфликти, ќе содржи криминална или терористичка димензија или комбинација од двете. Без разлика дали се терористички или криминално мотивирани, овие војни потекнуваат од беззаконските зони во земјата.

- пропаднати држави, кои се западнати во привремена или постојана анархија (Авганистан, Сомалија, Ирак, Сиера Леоне);

[67] Танески Ненад (2014). *Глобални хибридни закани и асиметрични војни*, Скопје, стр.97.

- големи урбани ширења во развиениот свет, коишто се области на тоталната анархија (Карачи, Лагос, Рио де Женеро...), покривајќи иљадници квадратни километри и квартови ефективно под контрола на организираните криминални групи, терористи, трговци со дрога, оружје и т.н.

„Новата закана", во овој контекст, може да се идентификуваат преку набљудување на реалноста на терен во вистинските опасни зони, со објективна проценка на тоа од каде потекнува нападот, каде се појавува вистинскиот конфликт, како е организиран протокот на нелегални добра и услуги (луѓе, наркотици, трговија со оружје, украдени возила) и води кон заклучок дека, со крајот на биполарниот светски поредок, вистиската закана доаѓа од:

- мутирани групи на герилата, хибридни групи кои соединуваат терористи, фанатици, таканаречени патриотски насилници и воени дезертери;
- непознати и нејасни сојузни, способни за мутирање и промена со брзина на светлината;
- симбиотска поврзаност со криминалната економија, вкоренета во смртоносниот триаголник од наркотици, трговија со оружје и нечисти пари[68].

Денес, дистинкцијата меѓу војна, криминал и мир е замаглена како резултат на недржавните актери или „без – суверенитет" актери, како што се меѓународните терористичко-криминални организации. Карактеризирањето со дисперзивни елементи и со променлив модалитет на дејствување на овие поединци, групи или ќелии им дава одредени предности во четвртата генерација на воено опкружување, како во Ирак, Авганистан и во Сомалија. Во четвртата генерација на војување, државата ја губи улогата на монопол над војната. Протагонистите на четвртата генерација на војни се претставени од транснационални групи што немаат

---

[68] Xavier Raufe. (2008). *Chaos, terrorism and beyond: a strategic prognosis*, Criminology Institute, University of Paris II-Panthéon Assas, Department for the Study of the Contemporary Criminal Menace (MCC), Paris II.

сопствени позиционирани армиски бази, додека поголемиот дел од нивните активности ќе бидат изразени во форма на герилско војување и истите тие ќе се служат со методи и форми на војување од арсеналот што го препознаваме во конфликтите со низок интензитет. Овие нерегуларни и мали групи, кои се високоорганизирани, се во состојба да нанесат удар на многу поголеми сили, регуларни воени сили на државата коишто се соочуваат со недржавни противници како Ал-Каеда, Хамас, Хезболак и ФАРК. Промените во четвртата генерација на војување не се согледуваат според тоа како војната се води, туку кој војува и за кои цели се војува.

Четвртата генерација на војување е дефинирана како конфликти што ги имаат следниве карактеристики:

- комплексни и долготрајни конфликти;
- го употребуваат тероризмот како тактика или како помошно средство за војување;
- функционираат врз основа на ненационални или транснационални бази-високодецентрализирани;
- директен напад на културата на непријателот;
- високософистицирано психолошко војување, посебно преку манипулации со медиуми;
- сите достапни притисоци се користат-политички, економски, социјални и воени;
- се појавуваат конфликти со низок интензитет, вклучувајќи актери од сите мрежи;
- недостаток на хиерархија и
- користење бунтовништво и герилски тактики.

Четвртата генерација на војна е потполно поинаков вид војна, пред се, поради долготрајноста на нејзините политички цели. Ова од причина што актерите на овој тип војна себеси не се гледаат како дел од некаква воена органицација, туку, пред се, како мрежа што постојано генерира политичка моќ, што е од исклучителна важност за овој вид војување. Ваквиот начин на војување се базира на хомогеност

на нејзините протагонисти. Водствата и организацијата се вмрежени, така што можат да опстанат и да го задржат континуитетот во случај да бидат нападнати и во услови на поголема или помала загрозеност. Водството знае дека неговата најважна функција е да ја одржи идејата на организацијата, а не извојувањето победа на бојното поле.

Овие противници се фокусирани кон политичките аспекти на судирот затоа што мислат дека војната, во нејзината суштина, претставува политички акт. Ова и од причина што крајната цел на војната е во промената во мислењето на политичкото водство на противникот, а непосредните цели претставуваат само катализатор насочен кон менувањето на мислењето на различни целни групи. Тие знаат дека времето е на нивна страна. Противниците во четвртата генерација на војни не тежнеат војнички да ги поразат противничките сили. Тие предизвикуваат, пред се, ерозија во политичката војна на противникот, а тежичтето е на победа во војната, а не на победите во битките[69].

По својата суштина, како појава, четвртата генерација на војна не претставува воена, туку политичка војна, социјална и политичка револуција: криза на легитимитетот на државата. Насекаде во светот, граѓаните го пренесуваат сопствениот-првостепен легитимитет на државата, за потоа овој легитимитет од државата повторно да се врати кон социеталниот ентитет, кој го нарекуваме: општествени заедници, народ, етнички групи, религии, социјални групи и слично. Ваквата состојба би можеле да ја препознаеме особено денес, во најновите војни што се водат против глобалниот тероризам во Ирак и во Авганистан, кога, во состојба во која народот на овие две држави, кој повеќе не е дел од поразените конвенционални или во судирот, го пренесува својот легитимитет на гореспоменатите ентитети. Ова е видливо, пред се, и од фактот дека, иако на почетокот на вооружениот судир нејзините припадници како дел од националните вооружени сили не покажуваат некоја преголема желба за борба, во понатамошниот тек од војната тие, со поддршка на бунтовниците (особено во

[69] Тања Милошевска (2016). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Скопје.

Авганистан) и на нартодот чија лојалност е насочена кон недржавни ентитети, даваат силен отпор во ефективна герилска војна[70].

Во однос на фактот дека коренот на четвртата генерација на војна е во феноменот на политиката, во моралната димензија и во пропаста на поразената држава, би можеле и да се запрашаме „дали ова значи дека и не постои воено решение со кое би се разрешиле заканите од четвртата генерација на војни?" Оваа е значајно прашање, особено ако ни е познат фактот дека притоа вооружените сили, сами по себе, не се способни да го повратат легитимитетот на државата, а присуството на странски-окупаторски вооружени сили го подрива идниот легитимитет на институциите на поразената држава, која допрва треба да се воспостави. Протагонистите од четвртата генерација на војни во спроведување на своите цели на оригинален и кохерентен начин го користат влијанитето и моќта на тренснационалните организации, при што, на пример, покрај екстремистичките организации, тука ги вклучуваат националните организации, како што се движењата на Палестинците, Курдите, економските структури и криминалните организации.

Земајќи го во предвид горе наведеното, може да се заклучи дека современата геополитичка сцена претставува полигон на хибридно војување и дека неговиот концепт е многу близу до четвртата генерација на војни, првенствено поради фактот што во постигнувањето на целите се ангажираат невоени средства, како што се дипломатија, економија, енергија, информации и интензивната употреба на медиуми. Во исто време, актуелните конфликти (хибридните војни), и покрај фактот дека не постои јасно дефинирана позиција на научната заедница, а поради појавата на формата и ефектот што е постигнат и развиените форми во однос на четвртата генерација, може да се наречат и конфликти од 5. генерација. Освен тоа, одредени автори развиле и теории за шеста генерација на војни.

Разгледувајќи ги наведените, како и многу други, дефиниции на различни автори, како дефиниција за „хибридна војна" може да се утврди дека; хибридната

---

[70] William S Lind. (2004). Understanding Fourth Generation War, *Military Review*, Vol.84. No.5.

војна како закана за безбедноста, претставува комбинација од конвенционални, неконвенционални, асиметрични, нерегуларни конфликти со мал интензитет, посредничка (индиректна) војна (анг. proxy war), нелинеарна војна, демографска војна (војна во која луѓето го замениле оружјето) и сложени дејства, односно комбинација од два или повеќе од овие елементи (исклучок само за конвенционално и неконвенционално оружје, затоа што тогаш во прашање е хибридна војна без предвидување „хибрид“), како и манипулација со политички и идеолошки конфликт кој може да вклучи комбинација на специјални операции, конвенционални воени сили, сајбер-напади, паравојски, терористи, разузнавачи, политички провокатори, претставници на медиумите, економски притисок и криминални елементи.

### 4.4. Концептот на хибридно војување

Хибридното војување се заснова на откривање и артикулација на хибридни ризици и креирање хибридни закани по безбедноста на една држава, се со цел да се влијае на нејзините слабости и да се овозможи остварување на сопствените интереси, без (или со минимално) користење на директна воена моќ.[71]

Концептот на хибридно војување во себе сублимира комбинација на конвенционални, неконвенционални, терористички, криминални, психолошки, економски, енергетски и други инструменти за дестабилизација на државата. Појавните форми на дејствување може да бидат во распонот од насилни отцепувања или анексија на дел од територијата, соборување на власта или промена на политичкиот систем во една држава. Според одредени теории,[72] хибридното војување во себе обединува цел спектар различни модели на војни кои се спроведуваат со конвенционални, неконвенционални тактики и ангажирани сили, вклучувајќи и насилство и граѓански немири, како и криминална активност. Покрај тоа, хибридното војување може да биде спроведено од страна на државни или

[71] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.
[72] Hofman, F. (2007). *Conflict in the 21st Century-The Rise of Hibrid Wars*, Potomac Institute for Policy Studies, Arlington, Virginia, p. 8.

недржавни субјекти, при што задолжително е ангажираните недржавни актери задолжително да имаат поддршка од одреден надворешен државен субјект. Во принцип, актерите на реализација можат да бидат државни или недржавни субјекти, со многу нагласена асиметрична компонента, што им дава флексибилен и динамичен карактер во слободата да се постигнат поставените цели.

Во анализата на појавите на хибридно војување, можеме да заклучиме дека како резултат на влијанието на глобализацијата (развој на технологијата, медиумите, зголемената доминација на мултинационалните компании, итн), и губењето на јасните идеолошки разлики меѓу политиките на големите сили, кон крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век, дошло до губење на класичниот облик на конфликт "држава-држава" кој преовладувал во дваесеттиот век. Имено, формулирањето нови "контролирани" и "одмерени" конфликти може да се набљудува како директен резултат на влијанието на глобализацијата, како и аспирациите кон центарот на моќ и одвоените елити за остварување на своите интереси. Покрај тоа, може да се заклучи дека во актуелната светска хиерархија на односи, не постои јасна и одредена идеолошка разлика меѓу главните субјекти на геополитичката сцена, туку во сила е интересна конфронтација, која има за цел постигнување доминација во областа на сопствениот интерес. При тоа, глобалните и регионалните сили, применуваат идентични модели и пристапи за планирање на хибридни операции, а единствената разлика е нивото на амбиција, што зависи од силата на државата, односно дали таа е позиционирана како глобална или регионална сила.[73]

[73] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.




Слика бр.1 Хибридно војување[74]

Хибридната војна претставува широк спектар на неконвенционални борбени и неборбени операции. Лепезата од активности кои подразбираат хибридно војување во себе содржи комбинација од употребата на нелегални борбени операции, спонзорство, организација и спроведување на политички протести, економски мерки, кои се проследени со силни информативни кампањи. Сите овие и други активности кои имаат за цел дестабилизација на државата или промена на власта во неа, се организираат и спроведуваат со цел остварување на стратешките интереси на големите сили или на издвоените центри на моќ (корпорација, интерни групи) се со цел да се утврди состојбата на нарушување на рамнотежата на

[74] Assian Warrior. (2016). Hybrid Warfare: The Next Generation Tool, достапно на: https://www.asianwarrior.com/2016/09/hybrid-warfare-the-next-generation-tool-unitedstates-russia-china-pakistan.html

моќта во меѓународните односи и остварувањето на сопствените интереси, најчесто со неборбени средства.[75]

Хибридниот аспект на конфликтот произлегува од самата комбинација на наведените типови на војувања кои се водат со конвенционални средства (вооружени судири и бунтови со користење на вооружување) од страна на асиметрични субјекти (невладини субјекти, односно бунтовнички или терористички групи), или со неконвенционални средства (политички, економски, енергетски, медиумски, информатички, културни итн.). Според Хофман,[76] хибридните безбедносни закани ги претставуваат сите феномени кои истовремено во себе се вклучуваат комбинирана и синергетска примена на конвенционално оружје, неконвенционални и ирегуларни тактики, терористички акти на криминални активности, кои истовремено дејствуваат на едно бојно поле, со цел постигнување на политички цели. Ваквиот концепт за постигнување на националните интереси се нарекува неконвенционално, политичко (хибридно) војување.[77]

## 4.5 Општи карактеристики и димензии на хибридното војување

Феноменот хибридна војна се формира како скриен и нема дефинитивен конфликтен статус, кој има сложена внатрешна структура, земајќи го обликот на интегриран воено-политички, економски информативно-психолошки конфликти.

Една од општите карактеристики на хибридните војни, е тоа што се губи јасната разлика меѓу војници и цивили, како и меѓу организираното насилство,

[75] Kofman Michael, Rojansky Matthew (2015). „*A Closer look at Russia's 'Hybrid War'*“, Kennan Cable, Woodrow Wilson International Center for Scholars, No. 7, p. 3.
[76] Hoffman Frank, G. (2014). „On Not-So-New Warfare: Political Warfare vs. Hybrid Threats“ War on the Rocks (blog), достапно на https://warontherocks.com/2014/07/on-not-so-new-warfare-political-warfare-vs-hybrid-threats/, последен пристап на 05.01.2019г.
[77] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.

теророт и војната. Практично, хибридното војување, претставува форма на изразување на стратешки иницијативи, и секоја голема сила има за потреба да го применува поради зачувување или постигнување доминација во многу променлива и динамична геополитичка средина. Врз основа на горенаведените предуслови може да се каже дека некои основни појавни форми на хибридно војување се: сепаратистички и сецесионистички движења, "Обоена револуција" институционализиран религиски, национален и политички екстремизам, економски и енергетски санкции и други општи санкции (во спортот, културата, науката и тн.).

Во согласност со современите трендови, се појавуваат нови димензии на конфликтите:

- Главна димензија на хибридната војна е тајната субверзивна активност која се користи против објекти на агресија како главно средство за уништување на непријателот. Оваа димензија на војната во однос на претходниот статус и енергија има негација и сочинува квалитативна основа за трансформација на конфликтот, што во многу аспекти доведува до преминот од линеарна на нелинеарна парадигма на војната;[78]
- Национализам и етнички идентитет, кој се користи како водечки мотив за субверзија и претставува важен фактор за трансформација на модерното војување. Претераната "надуеност" на жалби од етничките малцинства за вознемирување од страна на мнозинската влада е моќен катализатор кој се користи од страна на напаѓачот за да привлече поддржувачи во редовите на бунтовниците. Така, стратегијата на модерно хибридно војување комбинира тактика на бунтовниците и конвенционално воена застрашување како водечки фактор кој го мотивира национализмот и етничкиот идентитет, а на кој претходно му била прилично ограничена употребата;
- Сеопфатната природа на конфликтот, која се спроведува со користење на воени и невоени форми на влијание, со акцент на идеолошките средства и модерните модели на "управување со хаосот".

[78] Vikrant Dehpande (Ed). (2018). *Hybrid Warfare: The Changing Character of Conflict*, Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, Pentagon Press.

- Војната е изградена врз стратегија на заморот, која на конфликтот му дава долготраен карактер;
- Не се применуваат правилата на меѓународното воено право на хибридна војна, кое го дефинира концептот на "агресија", односно во таквата војна не постојат поимите "фронт" и "позадина".[79]

Истовремено, и натаму се доведува во прашање валидноста на дефиницијата на "хибридна војна", која не содржи индикации за регионот, сила, средства, стратегии и тактики на конфликти кои досега се применувани. Се верува дека примената на таквиот концепт воспоставен во оперативното планирање и натаму е прерана, а самиот поим има голем дел идеолошка позадина и се користи за обвинување на поедини земји.

Ако примената на хибридните методи во конфликтите од новите видови дозволува постигнување на поставената цел без отворени интервенции на воените сили, тогаш традиционалните конфликти нужно ја вклучуваат хибридната технологија и комбинацијата на традиционални и хибридни методи станува детерминанта.

### 4.6. Основни области на дејствување

Основни области на дејствување кон целната држава во рамките на хибридното војување се:

- <u>Специјални и психолошки операции</u>, кои имаат карактер да се со ограничено време на изведба, висок интензитет со многу големи директни ефекти. Доктринарната рамка на ангажман на оперативниот систем во рамките на специјалните и психолошките операции како дел од хибридниот концепт на војување, можно е да се најде и во содржината на стратешките документи на федералната администрација на Соединетите Американски Држави, каде, меѓу другото, се во форма на "не регуларно" војување кое го спроведува оперативен

[79] Vikrant Dehpande (Ed). (2018). *Hybrid Warfare: The Changing Character of Conflict*, Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, Pentagon Press.

систем на САД, ги наведува и бунтовничките операции, информативните операции, контра тероризмот, неконвенционалното војување, туѓата внатрешна одбрана (поддршка на други земји при надворешна агресија), операции за стабилизација, безбедносни транзиции, и реконструкции, стратешки комуникации, психолошки операции, информативни операции, цивилно-воени операции, операции за разузнавање и контраразузнавање.[80]

Дезинформирањето како концепт и како алатка на психолошко војување, од неговото воспоставување па до денес, добива сѐ поширока примена и сѐ повеќе се користи. Фалсификувањето на документи, преработувањето на фотографии, манипулативен маркетинг, намерно фалсификувани мапи, како и политичката пропаганда и офанзивните психолошки операции, се работи кои во практиката се користат веќе долго време.

Она што е ново, е зголемувањето на последичните ефекти на овие активности, а тоа е падот на квалитетот на информациите, бидејќи новиот развој и експанзија на информатичката и комуникациската технологија во голема мера го олесни создавањето и дисеминацијата на дезинформациите. Овој развој им овозможи на создавачите на ваквите видови информации да станат безлични, анонимни и невидливи, и да можат непречено да ја спроведуваат својата намера и да работат кон постигнување на својата цел (од каква и природа да е таа), при што од нив за корумпирање на индивидуалното и на јавното мислење, не може да се бара никаква одговорност или пак да сносат некакви последици.

Користењето на дезинформациите или лажните вести (термин кој во последнава година се повеќе се користи како синоним за дезинформација) зазема особено место во денешните хибридни видови на маркетиншко, политичко и воено дејствување. Дезинформацијата ги користи културните, лингвистичките и етничките недостатоци на општеството многу ефикасно. Од друга страна, таа исто

[80] Department of Defense of US Government (2007). Irregular Warfare (IW)-Joint Operating Concept (JOC), p. 7 (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).

така ги искористува и демократските принципи како слобода на говор, плурално општество и различност на ставови. Исто така, масовното користење на дезинформациите од страна на оние кои треба најмногу да се борат за да ги спречат дезинформациите, како што се пишаните и електронските медиуми, ТВ и радио канали, невладините организации, маркетинг агенциите, политичките партии и државните органи, само го потврдува фактот за нејзината важност и присутност во современото општество во кое живееме.[81]

Меѓутоа, она што охрабрува е препознавањето и идентификувањето на феноменот дезинформации или лажни вести како безбедносна закана, и преземањето активности за нивно неутрализирање или намалување на нивната успешност. Можеби најдобар пример за борбата против дезинформациите преку одредена законска регулатива доаѓа од САД, кои направија голем исчекор во оваа борба со донесувањето на Законот за спречување странска пропаганда и дезинформации.

Овој закон има за цел да ја унапреди способноста на САД за справување со странска пропаганда и дезинформации и да го дефинира воспоставувањето на посебен државен орган чија задача ќе биде координација и синхронизација на активностите за спречување на странска пропаганда и дезинформации. Исто така, во јануари 2018 година, на ниво на ЕУ е формирана работна група составена од новинари, претставници од академската и стручната јавност, како и од невладиниот сектор, кои треба да дадат сугестии за справувањето со лажните вести и дезинформациите. Оваа група ќе има за цел да даде свој придонес за развојот на стратегијата на ЕУ за борба против лажни вести, која ќе биде презентирана до крајот на првата половина од 2018 година.

Ваквите примери и активности кои се преземаат за справување со дезинформациите и лажните вести треба да бидат дел од безбедносната и одбранбената стратегија на сите модерни демократски општества, со цел да се

[81] Александар Нацев. (2018). Закана и неутрализацијата на лажните вести*, Портал њуз ДОО*, Скопје.

заштити општеството и граѓаните од штетните ефекти кои може да ги предизвикаат дезинформациите и лажните вести.

- Економски, енергетски и политички притисоци, претставуваат дејствување со променливо време на траење и варијабилен однос меѓу интензитетот на примена и постигнатите ефекти. Овие мерки во голема мера зависат од економските и енергетските капацитети на државата на кој се применуваат, како и од меѓусебната условеност и поврзаност на државниот (или наддржавниот ентитет) субјект кои ги менува мерките и државниот објект. Современите практики сведочат дека, било со методот на отворени санкции или преку манипулација внатре во системот на државниот објект, со притисоците врз слабите точки во лидерските кругови, доведува до воспоставување реални или наметнати кризи, кои доведуваат до недостиг или постоење на нефункционални вишоци на стока, ресурси или пари, со што се поттикнува општо незадоволство и потребата состојба (власт, политика, системот на државата, итн) да се промени.[82]

- Информации, медиуми, Интернет и неговите платформи, подрачјето на дејствување кое се карактеризира со променлив интензитет, што зависи од степенот на достигната реализација на активности од останатите области на хибридно дејствување. Времето на примена е релативно долгорочно и зависи од поставената цел и темпото на реализација на активноста во останатите области. Суштината на дејствување во оваа област е влијанието врз јавноста, при што, во зависност од целта и анализа на целната група се тежнее кон задржување, отклонување или усвојување на нови ставови, како и внесување на сомнеж, несигурност и страв во јавното мислење на државата која е објект на дејствување.[83]

Во април 2007 година, се извршени напади врз информациско-комуникациските системи на Естонскиот парламент, во банките, во владата, во медиумите, всушност, во сите значајни државни институции при што предизвикале дестабилизација на државната безбедност, кои од страна на мноштво експерти беа

[82] Zdzislaw Sliwa. (2017). Hybrid Warfare-the military security domains considerations, *ENDC Occasional papers*, Vol. 6.
[83] Anna Reynolds (Ed.). (2016). *Social media as a tool of Hybrid Warfare*, NATO Strategic Comminication Centre of Excellence, Riga, Latvia.

карактеризирани како класичен пример за сајбер-тероризам. Ваквиот вид на напад сепак не претставува напад со огромни последици и загуби, голема материјална штета или човечки жртви, но тоа беше првиот напад од такви размери за да се блокираат сите витални институции на државата, со што целиот систем и државата одат во насока на колапс. Многу пострашен исход би имал нападот кој би се состоел од навлегување во естонските компјутери и бази на податоци на здравствени или криминални евиденции, исчезнување на банкарски сметки и сл.[84]

Технолошкиот напредок, особено во областа на комуникациите, доведе до поголема ранливост на земјите во меѓународната заедница. Ранливоста може да се експлоатира во различни сценарија и кога нема директна војна. Ова доведе до зголемување на софистицираните сајбер-напади, далекусежни сложни пропаганди и дезинформации, насочени и координирани економски и политички притисоци. Тоа ги претставува различните сценарија на модерно хибридно војување при што конвенционалната воена акција може да има споредна улога.[85]

- Јавна дипломатија, област на дејствување во кои се применуваат тактики и инструменти со низок интензитет, е ориентирана на долг рок, и ја сочинуваат повеќе различни активности од доменот на општествениот живот, со чија примена се тежнее кон создавање одреден став и поимање кон некој феномен или субјект. Потребата за воспоставување јавна дипломатија е генерирана со развојот на меѓународните односи и е поддржана со глобализацијата.

Имено, традиционалната дипломатија се базира на концептот на односот на државата и нејзината администрација, т.н. "Влада кон Влада", или G2G („Government-to-Government“), а во еден свој дел имала развиен однос на државата кон граѓаните на другите земји "Влада-кон-луѓе“ („Government-to-People") или G2P, додека во современиот концепт на глобализација и информатичко

[84]Lewis, J. (2007). *Cyber Attacks Explained*, преземено од http://www.csis.org/tech/070615 cyber attacks.pdf.

[85] Ducaru D.S. (2016). The Cyber Dimension of Modern Hybrid Warfare and its Relevance for NATO, *Europolity*, vol. 10, no. 1, достапно на: http://europolity.eu/wp-content/uploads/2016/07/Vol.-10.-No.-1.-2016- editat.7-23.pdf

општеството, се применува широк модел на индивидуален пристап и широка комуникација, наречена Луѓе-кон-Луѓе („People-to People“) или P2P.[86]

Покрај тоа, јавната дипломатија е директно поврзана со поимот мека моќ, „soft power", која се базира на нематеријални и индиректни влијанија како што се културата, општествените вредности и идеологијата. Накратко, може да се заклучи дека јавната дипломатија ја сочинуваат активности од најширокиот корпус на општествениот живот: култура, образование, школство, религија, забавна индустрија, невладини организации, политички движења и здруженија, граѓански иницијативи и други, кои се спроведуваат за да влијаат врз јавното мислење на една држава. Во согласност со своите цели и очекувани ефекти, може да се рече дека, во современата пракса, јавната дипломатија е директен инструмент за хибридно војување.[87]

---

[86] Christopher Paul. (2011). *Strategic Communications-Origins, Concepts and Current Debates,* Contemporary Military, Strategic and Security Issues, ABC-Clio, California, USA (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње*, Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).

[87] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње*, Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.

## 5. Глобализацијата како парадигма за развој на современите безбедносни односи

Глобализацијата со сите позитивни и негативни ефекти, актуелни случувања на меѓународната сцена, пракса на развој на меѓународните односи, избувнување и управување со споровите и конфликтите ширум светот, појава на нелинеарните и асиметрични форми на загрозување на безбедноста, упатуваат на постоење и промена на развиените форми на спорови помеѓу државни и недржавни ентитети. На една страна сме сведоци на државни и недржавни субјекти, во остварување на свои интереси не раководат класични форми на спорови или војување. Истовремено ефектот на ангажирани средства и сили, доведува до евидентни промени, како во областа на реални геополитики на теренот, така и во делот на дивергентната сфера влијанието и остварувањето ефектни стратегиски предности и позиционирање на моќни глобални но и на регионални сили. Со самото тоа, се поставува прашање, дали водењето на спорот со неконвенционални средства може да го наречеме асиметрично војување, дали тоа воопшто постои и каква е корелацијата на хибридното војување со асиметрично безбедносните закани.

Анализирајќи ги современите меѓународни односи, може да се заклучи дека процесот на глобализација е одлучувачки фактор во креирањето на меѓународните односи во времето после Студената војна, при тоа клучни области се генерираат во движење но и резултатите на процесот на глобализација, меѓународната економија и политика. При тоа, глобализацијата со себе има позитивни но и негативни ефекти. Како главен генератор на глобализацијата се препознава економијата и развојот на нелибералниот концепт на развој на општеството[88]. Глобализацијата допринела до раздвојување на поимот меѓународна и светска економија. Меѓународната економија е во рамките на институционалниот настап на државите или меѓународните организации, додека светската економија претставува интересна корелација на недржавните или често наддржавните субјекти поточно

[88] Штрбац Катарина, Митровиќ Мирослав. (2012). "Интердисциплинарен пристап на науката во безбедноста и одбраната", *Политичка ревија*, број 3.

корпорации со што се губи потенцијалот на влијание на националната држава и меѓународна контрола[89]. Постојаната потреба за зголемување на капиталот, фрагментацијата на националната економија на сметка на глобалните субјекти и проширување на трговските маргини, укажува на заклучок дека глобализацијата водена со мултинационална корпорација и банки и е под влијание на нивни интереси[90]. Ваквиот пристап, има за рекација да нациите со своето наследство, етнички и морални норми, имаат различен однос на процесот на глобализација. Имено, глобалниот капитал во своето тежнеење да го прошири своето присуство, посегнува со различни форми на притисок, кои не мораат да бидат со војна или вооружени. При тоа, влијание имаат преовладувачките цели за воспоставување на поволни услови за развој на глобалниот капитал и може да бидат политички (демократизација, цивилно поштество, парламентарна контрола на извршните власти, промена на власта, промена на надвопрешната политика, расцепување на државите), и систематски (либерализација на пазарот, приватна иницијатива, слободен пласман на капиталот, почитување на стандардните закони, промена во системот на спственост и управување на ресурсите, производството ипазарот).

Врз основа на анализа, можно е да се проектираат следните негативни карактеристики на глобализацијата[91]:

1. социјална поларизација во државите како и зголемена разлика помеѓу државите (богати и сиромашни, развиени и неразвиени);
2. мешање во суверените држави и потчинување на општи, високите идентитети на наддржавните организации;
3. општествена фрагментација и воспоставување на политички и економски елити како и издвојување центри на моќ, остварување разлика помеѓу политичката елита и база на општеството, општа јавност (настанува од

[89] Cox R.W. (1996). "Perspective of Globalization" in ed. Mittelman, J.H., *Globalization-critical reflections,* London, Lynne Renner Publisher.inc.1996, p.22-23. (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).
[90] Штрбац Катарина, Митровиќ Мирослав. (2012). "Интередисциплинарен пристап на науката во безбедноста и одбраната", *Политичка ревија*, број 3..
[91] Cox R.W. (1996). "Perspective of Globalization" in ed. Mittelman, J.H., *Globalization-critical reflections,* London, Lynne Renner Publisher.inc.1996, p.27

неразбирање и непознавање на настаните, процесите како и неможност за несогледување на целта).

Комплексноста на феноменот глобализација укажува на дуализам, кои се искажува во економските, културните и политичките сфери[92]. Улогата и активностите на глобалните институции (ОН, НАТО, ЕУ и др) укажуваат на тренд изместување на авторитетот на политичко одлучување и негово одалечување од легимитетот на поединечни, национални држави. Може да се каже дека во глобализацијата е забележана како со неолиберален пристап и дека суштинска карактеристика на глобализацијата е нејзината двојност – компеpативно напредување и регресија. На друга страна, како латентна опасност се укажува и анти глобалистички фундаментализам, поточно бегство во „гетоизација“ општество и изолација од останатите светски заедници на народите. Исто така не смее да се заборават опасностите од делување на религискиот екстремизам кој е актуелен во моментот, посебно низ делување на исламски екстремистички организации, кои реално ги вознемируваат глобалните односи во сверата на геополитиката, енергетиката, одбраната и безбедноста и т.н. Врз основа на анализата на исходот на исламското екстремистичко делување може да се заклучи во моментот, претставува најсилна идеолошка противтеза и спротивставување на силите на глобализацијата заснована на неолиберализација[93].

Сведоци сме дека глобализацијата е произлезена од желбата за воспоставување на глобалниот пазар, остварување на без малку идиличен процес и да е реално, со своите негативни влијанија, иницијатор на многу кризни жаришта и спорови ширум светот. Ваков геополитички амбиент и ниво на измешани амбиции и интереси на центарите на моќ, кои низ институциите на државата, меѓународните организации или над државните ентитети тежнее да оствари свои интереси, неминовно доведува до спор и конфликти. Споровите се случуваат во

---

[92] Печујич, М. (2002). *Глобализација-два света*, Београд, Гутембергова галаксија (Преземено од: Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).
[93] Суботич, М.. (2015). *Екстремизам под крила на религијата*, Одбрана, Београд (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).

повеќе сфери во општествениот живот и во повеќе просторни паралели. Ваков амбиент резилтира со појава на спорови со низок интензитет (граѓански војни, сецесија на државна територија, уништување на револуција) или други форми на ескалација, нарушени односи, екстремни фрустрации, како што се, економска и финансиска нестабилност и криза, нарушена енергетска безбедност, легални и нелегални миграции, хуманитарни и еколошки кризи, екстремизам, тероризам, трговија со дрога и оружје, регионални конфликти и закана во кибернетски простор.

Горе наведените појави за нарушување на безбедноста, во современата литература и аналитичките расправи се во рамките под поимот асиметрични закани и хибридно војување, сепак резултатите, ниово на организација, целта, средства и објекти на делување не се секогаш исти, логиката на морална и безусловна поврзаност на одредени појави на форма на загрозување на безбедноста со одредени феномени, не е сегофаш потполно точна и можна. Поради тоа, се поставува прашање дали се и во колкава мера поимите хибридно војување и асиметричните безбедносни закани компаративни, колку се воспоставени и во какви меѓусебни корелации се взаемно.

## 5.1. Појаснување на поимот и содржината на асиметричните безбедносни закани[94]

Сложеноста на анализите на поимот асиметрични безбедносни закани содржи во себе и подлабоки филозофски и социо-психолошки корени. Имено, Бјерчен[95] наведува, како е самото разгледување на поимите како што се периодичност, асиметрија, диспропорционалното е конфузна и може да предизвикува логична одбивност, базирана на вкоренетост во културното наследство, односно линеарни поими се далеку поедноставни и поприфатливи од

[94] Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.
[95] Alan Beyerchen. (1992). "Clausewitz, nonlinearity and the Unpredictability of War", *International Security,* 17:3, p.59-90.

размислувањата на „нестабилни“ поими како што се асиметричност и нелинеарност.

Асиметрија според одредени автори е составен дел од историјата на општеството и војувањето, односно, асиметричните прашања имаат историја долга колку и човештвото[96]. Исто така, асиметричното војување и неговата концептуална основа се многу воочливи уште во пишувањето на Сун Цу Ву, при тоа основен концепт на асиметричното војување претставува модел со кој технолошки и бројно послабиот противник овозможува нанесување загуби на спротивната страна, изнесувајќи резултати со цел промовирање на своите ставови и цели, со тежнеење на мотивирање на нови истомисленици. Може да се каже дека актуелното користење на поимот асиметрија има корени и во фразите „асиметрична борба“ која е користена во извештаите на пилотите на САД во кои се опишува противничкото делување спрема авијацијата на САД од земја[97]. Понатаму во наведените извештаи со овој поим се објаснува договор против вздухопловната одбрана од земја, при напад на аеродром[98], со позиција на воздушна доминација на САД.

Поширокото размислување на природата на асиметрични закани подразбира развој и примена на методи на загрозување на безбедноста кои се различни од претпоставените концепти или тактика и доктрина кои ја применуваат од страна на противникот. Асиметричноста во одбраната и безбедноста може да се надгледува низ искажаната несразмерност во развиеност и поседување на воена технологија, зашто постојат многу примери во историјата на војување во текот на 20-ти век. Исто така, асиметричноста може да се надгледува и од гледна точка на диспропорционално изразена борбена волја, поддршка на населението и борбениот морал на спротивставените страни. Организационата симетричност може да биде исто така од големо значење, и во поединечни случаеви може да

[96] Metz, S., Johnson, D., V. (2001). *Asymmetry and U.S. Military Strategy: Definition, Background and Strategic Concept*s, Strategic Studies Institute, USA.
[97] Kole, K. S. (2002). *Asymmetric Threats to the United States*, Fairex, VA: National Institute for Public Policy.
[98] Institute for National Strategic Studies. (1999). *Strategic Assessment 1998: Engaging Power for Peace,* Washington: National Defense University Press, p.169.

допринесе за делумна компензација на технолошката асиметричност. Како значајно, одредени автори исто така наведуваат и асиметричност во трпението, истрајноста и временските перспективи, која е посебно значајна во конфликтите на спротивставените страни кои имаат различни културолошки перцепции на војување[99].

Постојат повеќе дефиниции со содржина за асиметрични закани, но начелно, поимот се користи и во опишувањето на нападот на институции на држави кои немаат адекватна опрема, и која тактика е специфична по форма и изразени цели. Врз основа на одредени анализи можно е условно да се одредат детерминантите на асиметричното војување[100]:

- Асиметрична закана на безбедноста претставува нова, необична, изненадувачка и неочекувана закана.
- Амбиент за развој на појавата е условена на актуелната историска единствена безбедносна околност со која се соочуваат институциите кои се занимаваат со управување на безбедноста, кој имаат влијание на сите меѓународни и безбедносни односи.
- Асиметричните закани условени се со позиција и ставови на одредени држави според глобалната надворешна и безбедносна политика.
- Класичен, конвенционален пристап во организирање во системот на одбрана и безбедност на една држава во актуелното динамично движење релативно е застарен и покажува организациски слабости и недостатоци во системот на одбрана.
- Општиот систем на државната организација покажува латентни институционални слабости во актуелниот, класичниот начин на одговор на безбедносните опасности и доминантно е насочена кон спречување и

[99] Metz, S., Johnson, D., V. (2001). *Asymmetry and U.S. Military Strategy: Definition, Background and Strategic Concepts*, Strategic Studies Institute, USA.
[100] Lambakis, S., Kiras J., Kolet K. (2002). *Understanding Asymmetric Threats to the United States*, Fairfax, National Institute for Public Policy (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).

отклонување на последици, а помалку на превенција и изградба на систем на заштита.

– Постоењето и примена на нови тактики и развиени оперативни способности како и технички и неконвенционални средства во делување на противникот.

Една од главните карактеристики на асиметричните закани се согледува преку тоа што организаторите, субјектите на асиметрично делување, организацијата, државите кои избегнуваат со своето делување да стапат во директен, отворен вооружен конфликт со државата која е цел на делување, односно го избегнуваат класичниот начин на војување. Во случај кога носителите на асиметричното делување се организирани, подржани или упатени од страна на други држави – спонзори, делуваат против државата жртва и според воочени слаби точки во општеството, социјално економскиот и политичкиот живот, како и според поединечни слаби критични точки на инфраструктурата на одредена држава или на системот на одбрана и безбедност. На овој начин носителите на асиметричните закани се потенцијални реализатори на хибридна форма на војување каде што спонзорот ја остварува и посредува реализацијата со туѓи интереси.

Асиметрија според одредени автори од САД има за цел нарушување на силите на САД користејќи ги нивните слабости, асиметричен пристап, при тоа засновани на психолошки ефекти. Практично, асиметричниот пристап се базира на користење на противничката слабост, користење на иновативни, нетрадиционални тактики, оружје и технологија и може да се примени во сите нивоа и видови на војување- стратешки, оперативни и тактички, како и низ целиот спектар на воени операции[101].

Општо гледано, потенцијалните мети, објекти на делување на симетричниот напад се секако елементи на критичните национални инфраструктури, каде на националното ниво може да се надгледува физичка и виртуелна инфраструктура. Според Дависон и Омар[102] во критична инфраструктура и припаѓаат сите физички

---

[101] The Joint Staff. (1992). *Joint Strategy Review*, Washington, DC, p.2.
[102] Dawson, M., Omar, M. (2015). *New Threats and Countermeasures in Digital Crime and Cyber Terrorism Information Science Reference*, стр. 97.

или виртуелни системи и средства кои се од витално значење за нацијата, а со нивното онеспособување или уништување би се нанеле големи штети на националната и на економската сигурност, јавното здравство и безбедност, односно критичната инфраструктура ги вбројува сите објекти, системи, мрежи и функции – физички или виртуелни, кои се витални за опстанокот на државата, чија инкапацитација или уништување би имало ослабувачко влијание врз безбедноста, националната економска безбедност, јавното здравје и сигурност, или било која комбинација од овие појави.

Според можните ефекти, асиметричното дејствување може да се определи на:

- ефекти според популацијата (бројност на опфатената популација, степен на разурнувачки ефекти на зафатената популација);
- економски ефект (економски загуби и степен на уништување на економски и сервисен потенцијал);
- ефекти според животната средина;
- политички ефекти;
- психолошки ефекти;
- последици по јавното здравје.

Според времето на спроведување може да биде краткорочна или долгорочна, како и варијабилна по прашањето за користењето на методите технологија, организација и т.н. Исто така, секоја асиметрична операција може да има физичка и психолошка компонента[103].

---

[103] Metz, S., Johnson, D., V. (2001). *Asymmetry and U.S. Military Strategy: Definition, Background and Strategic Concept*s, Strategic Studies Institute, USA (Преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње, *Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије).

## 5.2. Компаративна анализа на хибридното и асиметрично војување преку теоријата на хаос и мрежно-центричната теорија на војување[104]

Близината на поимите и појавните форми на хибридното војување и асиметричните закани по безбедноста кои условно може да се наречат и асиметрично војување, значајно ја отежнува јасната и конкретна дистикција помеѓу овие два феномена. Во обид за пронаоѓање на заедничките особини, разлики и меѓусебно воспоставување на двата поима, тргнато е од повеќе појдовни точки кои опфаќаат одредени теории на кофликт, субјекти и извршители на планирањето и спроведувањето, обемот на делување, резултати, ефекти како и средства и време на реализација. Исто така, направен е обид да се изврши воспоставување на меѓусебната корелација на овие два поими во поглед на нивното воспоставување кое произлегува од евентуално взаемно делување.

Хибридното војување како применет и развиен концепт на војување на четвртата генерација и асиметричните безбедносни закани или асиметрично војување, прават силна дистинкција помеѓу директното и индиректното ангажирање на вооружените капацитети. Имено, уште Харт[105] сметал дека е долго, скапо и непродуктивно директното делување на вооружените капацитети, на физички и ментално – психолошки сили на противникот, а дека е ефикасен, стратегискиот индиректен пристап во различни форми на делување со кое ефикасно се разбива психолошкиот и физичкиот баланс на противникот и постигнува негово повлекување и пораз. Во смисла на појдовната идентификација на логиката во воспоставување на базите за планирање и организирање на хибридното и асиметрично војување, може да послужат пристапите кои ги изнела теоријата на Хаос и мрежно – центричната теорија на војување.

*Теоријата на Хаос* ја опишува корелацијата на хибридното и асиметричното војување во основ на заедничкиот исход во форма на активни динамички значајни

---

[104] Поглавје преземено од Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње*, Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.
[105] Hart, L. (1954). *The Strategy of Indirect Approach*, National War College Internet Archive.

процеси, кои на прв поглед не се усогласени според единствената цел. Поради тоа, флуидност на поимите хибридно и асиметрично војување, нивните динамички карактеристики, разнородност на субјектите кои ја реализираат и спроведуваат, влијаат на можни идентификации на овие феномени со примена на теоријата на контолираниот хаос. Според Корубк[106], примената на начелото на теоријата на Хаос, која се потпира на мислењето на Мана, низ конструктивните, креативни и управувани како процес и работа, можно е остварување на стратегиските поставени цели во рамка на хибридното војување. Имено, појдовна точка на наведеното мислење е дека Мановото разбирање на хаосот, според него суштинската содржина во нелинераната динамика на промена на системот е со голем број на променети субјекти[107]. Истовремено, наведените субјекти и поради тоа што се наоѓаат и функционираат во нелинеарниот систем, периодично попримаат одредени условни форми, што може да се опишат, со тоа условно, доведуваат до еднаков организиран хаос. Според оваа теорија, хаосот е условен со иницијални променливи величини, варијабли, кои кога прецизно ќе се дефинираат во конкретна ситуација и опкружување, можат да овозможат стратегија на управување на хаосот за постигнување на интересите.

Според Ман, појдовни варијабили на хаосот се иницијалниот облик/облик на системот; разбирање на структурата на системот; поврзаност на субјектите во внатрешниот систем и конфликтна енергија на поединечни субјекти. Примена на наведениот концепт е воочлива во современата меѓународна пракса и многу автори нејзината примена ја идентификуваат со актуелните збиднувања на меѓиународната сцена. Како на пример, може да се наведат трудовите на Махд Гадариус[108] и Шашков[109].

Во поддршка на идентификацијата на асиметричното војување со применета теорија на хаосот, може да се воочи дека самата асиметричност го воспоставува

---

[106] Korybko A. (2015). *Hybrid Wars: the indirect adaptive approach to regime change*, Moscow: Peoples` Friendship University of Russia, p.23.
[107] Steven Mann. (1992). "Chaos Theory and Strategic Thought", *Parameters*.
[108] Mahdi Darius Nazemroaya. (2014). Iraq and Syria are Burning, Constructive Chaos and America1s Broader Strategy to Conquer Eurasia. "GlobalResearch.ca.
[109] Види:Sergei Shahskov. (2011). *The theory of `manageable chaos` put into practice*. Strategic Culture Foundation.

креирањето на „хаосот“ и нарушување на постоечките функционални способности на државата, делување на слабите точки во клучните области во државните организации и општествениот живот. Во анализата на односот помеѓу хибридното и асиметричното војување, може да се заклучи дека асиметричното војување претставува „мала“ хибридна војна, односно дека хибридното војување може да се идентификуваат низа на повеќе активности кои во себе можат да сублимираат и асиметрично делување.

*Мрежно центрична теорија на војување* исто така доведува до релација во рамките на хибридното и асиметрично војување. Според одредени теоретичари[110] мрежно центричното војување претставува облик на конфликт на општествено ниво, кој е различен од класичниот начин на војување, во кој актерите користат мрежна форма на организација, доктрина и стратегија, кој се базираат на современите технологии на информатичкото време. Актери може да бидат организации, мали групи или поединци, кои комуницираат, координираат и синхронизираат своја кампања, често пати без цврст центар на управување. При тоа, во еден сегмент во примена на оваа теорија, може да се препознае дека преовладува начин за спроведување на целите, базиран на користење на мека моќ, посебно на информативните операции и управување на перцепцијата. Актуелност на наведениот концепт може да се пронајде во работите кои се занимаваат со развој на моделот и анализата применета во мрежно централно војување, како што се делата на Цебровски и Гарцк[111].

Истовремено, асиметричното војување може да се препознае во преовладувачката мрежна форма на организирање на носителите на дејствување (на пример Ал Каеда), како и во делот на неконвенционалниот пристап во организирање на акциите, користење на средства, но и употреба на современата технологија, посебно во делот на комуникација, мотивација и регрутирање на нови истомисленици и медиумски и интернет промоции на своето делување и идеја. Анализата на *субјектите* на делување, констатира дека хибридното и

---

[110] Arquilla, J., Ronfeldt, D. (2001). *The Advent of Netwar-Networks and Netwars: The Furure of Terror, Crime, and Militanc*y, Santa Monica, CA: Rand.
[111] Cabrowski, A., Garstka, J. (1998). *Network-Centric Warfare: Its Origin and Future*, U.S. Naval Institute.

асиметричното војување можат да се планираат, спроведуваат, управуваат и коригираат врз основа на државните и недржавните субјекти. Практично, можеме да кажеме дека хибридноста и асиметријата како појавни форми на спорот со низок интензитет, флексибилност, прилагодување и неконвенционалност на субјектот, средства, методи и начини на делување во рамките на остварување на поставените цели.

Со гледиште на *детерминантните* поими, може да се каже дека детерминантите на хибридното војување се широки, посложени, стратегиски одредени детерминанти од асиметричното војување, што најавува и можна причина зошто во расправата се инсистира на користење на терминот „асиметрична закана“ а не војување, кое би претставувало поширок и содржински поголем поим.

Исто така, *областите на дејствување* на хибридното војување се слоевити, кој во општ поглед ги зафаќа општествата и подразбираат постигнување на долгорочен ефект. На друга страна асиметричната закана со своето дејствување покрива тесен, конкретен дискурс на социјалниот живот и определени се според примарното делување кон физичките објекти и населението, со надополнета психолошка и информативна порака.[112]

[112] Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње*, Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.

## 6. Концептот на хибридно војување во спектарот на современи конфликти

Сегашните воени теоретичари се обидуваат да ги дефинираат хибридните закани, да го претстават концептот на хибридно војување и да утврдат до кој степен, во акутелното безбедносно окружување, дефинициите се правилни, а концептот е адекватен за постигнување на стратешките цели и заштита на националните, регионалните и глобалните интереси. Ова прашање е оправдано, со оглед на комплексноста на конфликтот и постојаната промена (деградација) на меѓународното безбедносно окружување.

Предизвиците, ризиците и заканите се толку големи, толку сложени, тешко предвидливи и разновидни, што, во моментов, секоја земја во светот е подложна и ранлива на хибридните закани и загрозена со хибридната војна. Со други зборови, слабостите се толку големи, а заканите толку бројни што ризиците од политичка, економска, културна, социјална, информативна и воена природа тежнеат кон екстремно насилни манифестации.

Постојат неколку карактеристики на ова ново опкружување што треба да се имаат предвид од страна на креаторите на политика додека се трудат да создадат ред во нередот. Ова не се краткотрајни или времени карактеристики, туку нови реалности што првенствено треба да бидат разбрани и целосно почитувани, а потоа и вклучени во нов систем на политика и стратегија.

Првата од овие реалности е дека меѓународната безбедност станува многу покомплексна. Вниманието повеќе не е фокусирано само на државите; неопходно е да се обрне внимание и на широкиот спектар на недржавни актери[113]. Многу од овие не само што можат да мобилизираат значајни средства и значајно да влијаат на политичките и на економските текови туку исто имаат и моќ да наштетат[114].

---

[113] Види пошироко за суверенитетот на слободните актери во James Rosenau. (1990). *Turbulence in World Politics*, Princeton, NJ: Princeton University Press.
[114] Thomas C Shelling. (1967). *Arms and influence*, New Haven CT: Yale University Press.

Клучните теми за расправа за иднината на глобалната политика се наизменичната игра помеѓу државноцентричниот свет (традиционалниот свет на висока гео-политика) и повеќецентричниот свет (светот домаќин на недржавни актери што сè повеќе се присутни во меѓународните односи).

Втората нова реалност е дека старата разлика помеѓу надворешното и внатрешното се руши и државите повеќе не можат да останат изолирани од непожелните сили како терористите од Средниот Исток што оперираат во САД или кинеските криминални организации што дејствуваат во Јапонија.[115]

Третата реалност е дека не можеме повеќе да размислуваме за државите како во дваесеттиот век, кога проблемот беше, во суштина, моќта и амбицијата. Традиционалниот фокус на сразмерот на силите не може да се отфрли; ривалството помеѓу суперсилите и опасностите од воен конфликт нема да исчезнат. Сепак, тие се дел од заканите со кои треба да се соочиме, но не се толку значајни како порано. „Во иднина нема да има војна меѓу држави/воени сили, туку меѓу групи кои денеска ги нарекуваме терористи, герилци, бандити и кои, за да се истакнат, без сомнение ќе удрат по поформални титули“[116]. Вистинскиот предизвик е дека светот е навлезен во ера кога државата треба да е квалификувана. Проблемот се слабите држави што не се способни да покажат авторитет и легитимност, како и да обезбедат соодветна грижа за нивните граѓани. Државите што се неспособни да се справат со критичните зони на нивна територија стануваат засолниште за транснационалните криминални или терористички мрежи.

Четвртата нова реалност е соочување со ново мултиплицирање на недржавни актери што се мрежно базирани; транснационални во обем; високофлексибилни во нивните операции; имаат способност да експлоатираат и да се вклопат во социјалните и во финансиските институции и на тој начин да бидат неоткриени; и поседуваат капацитет за регенерирање дури и кога пребродуваат значајна деградација.

---

[115] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје, стр.6.
[116] Martin van Creveld. (1991). *The Transformation of War*, New York, NY: The Free Press, p. 197.

Петтата реалност е глобализацијата, која, покрај предностите, како распространување на либерално демократските вредности и слободниот пазар, има и темна страна.

Меѓународниот систем е базиран на земјите со ограничен суверенитет кои се меѓусебно зависни во поглед на политичкото делување и економскиот развој. Регионалните и меѓународните институции, владите и недржавните актери, особено големите транснационални корпорации, некои невладини организации, верски групи, приватни безбедносни компании користат оружје за глобализација и го намалуваат државниот монопол на државата врз власта.

Државите не се само географски подрачја затворени во рамките на политичките граници, туку и национални, културни, религиски, цивилизациски ентитети и идентитети кои во ерата на унификација е потребно да ги заштитутаат информациите и знаењата, специфичностите, вредностите и автентичноста. Државите во хибридна војна се борат против непријателите (ентитети, недржавни субјекти) кој комбинирано ги напаѓаат нивните идентитети користејќи ги сите димензии на безбедносно опкружување.

Сите феномени кои се јавуваат во човечкото општество носат отпечаток од динамиката на општеството, флексибилноста и сеприсутноста. Односите помеѓу државата и другите недржавни или меѓудржавни субјекти се зависни од интересите и геополитичките ситуации, далеку од тоа дека претставуваат само соработка, доверба, хармонија и взаемно почитување, туку и натаму се многу комплицирани, сложени, конкурентни, па дури и конфликтни, па во врска со тие прашања, концептот на хибридно војување и хибридните закани се и ќе останат акутелни долго време.

Европската унија, како еден од предизвиците по безбедноста, ги препознава хибридните заканите и во Глобалната стратегија за надворешна политика и безбедност наведува: "денес тероризмот, хибридните закани, климатските промени, економската нестабилност и енергетската несигурност ги загрозуваат нашите граѓани и територијата. Политиката на страв им се заканува на европските

вредности и европскиот начин на живот".[117] Меѓутоа, ако земјите-членки на Европската унија се соочуваат со заеднички закани кои можат да бидат насочени кон прекуграничната мрежа и инфраструктура, отстранувањето на тие закани е со координирани делови на ниво на ЕУ користејќи политики и инструменти за унапредување на европската солидарност и заемна помош.

На регионалните безбедносни форуми, се водела и ќе се води дебата за хибридната војна на Русија во Украина, како и за хибридната војна на САД и Европската унија против Русија. Европската Унија и САД ја обвинуваа Руската Федерација дека водела хибридна војна користејќи мека моќ во Украина, што резултирало со присоединување на Кримскиот Полуостров кон Руската федерација. Поедини теоретичари од Русија и Украина го обвинуваат "Западот"[118] дека води хибридна војна против Русија, која не опфаќа само воени операции со низок интензитет или диверзивни акции во Донбас, туку и информациона, дипломатска и економска војна, со објавени и необјавени санкции, како што се забрана за кредитирање на руските компании и оневозможување да дојдат до најновите технологии.

Концептот на хибридно војување има исклучително сложена содржина и бројни нијанси. Иако се чини дека поимот е многу јасен, не го разбираат сите експерти, теоретичари или практичари, како и оние кои се заинтересирани да размислуваат за хибридното војување. Повеќето автори го набљудуваат хибридното војување како комбинација на воени сили со тактика на дезинформации, терор, дестабилизација и исцрпување на непријателското население. Она што е ново, се техничките средства и новите технички способности за дејствување во сајбер просторот, софистицираната пропаганда и примената на целиот спектар на нерегуларни тактики на војување, кои стојат на располагање на голем број недржавни актери, благодарение на брзиот развој на технологијата, особено на информационата. Во нерегуларни тактики спаѓаат тајни акции, економски уцени, дипломатски двојни игри, медиумски манипулации и сл. Понатаму, станува збор за континуиран феномен со променлива димензија и интензитет, кој во почетниот

---

[117] A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy. (2016). Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe, достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/eugs_review_web_0.pdf
[118] „Запад“ ги опфаќа Европска Унија и Соединетите Американски Држави.

период е прикриен и има широк спектар на форми и постапувања од информациони, медиумски, политички, економски, социјални, идентитетски конфронтации, па до насилни воени конфронтации.

Сегашната реалност е дека на меѓународниот и националниот политички систем подеднакво важни им се и државните и недржавните актери и придонесуваат за разни контроверзии и разлики, технолошки скокови, филозофско-идеолошки и културни спорови кои би можеле значително да влијаат на однесувањето на поединците и општеството и да се употребат во хибридната војна.[119]

Во склад со еволуцијата, развојот на знаења и со анализата на конфликти (борбени дејства и други активности) се разгледува еден нов пристап во објаснувањето и имплементирањето на концептот на хибридно војување со поддршка на тактичко, оперативно и стратешко размислување и проценки кои го земаат во предвид технолошкиот развој и динамиката на човечкото општество во процесите на меѓузависност на различните нивоа на економски, општествен и културен развој.

Излегувајќи од парадигмата на конвенционалното војување во кое за успех е неопходен односот на силата во конфликтот 3: 1 во корист на напаѓачот, но како што покажаа случувањата, кризите и конфликтите во изминатите 20 години, постои потреба од ново разбирање на логиката на војната кое може да се добие со анализа на флексибилното, комплексно и динамично борбено опкружување во асиметричен конфликт, со примена на неконвенционални средства и системи, па дури и без „испукан" куршум. Исто така, новите технологии го сменија начинот на војување, меката сила ја замени тврдата сила, па крајно посакуваната состојба (на пример, промената на несоодветните режими во одредени земји) може да се постигне со користење на социјални мрежи за т.н. "твитер револуција". Тактиката е едноставна: поттикнување на политичка дискусија на социјалните мрежи како

[119] Американскиот претседател Доналд Трамп на 26 јануари 2017 година донесе одлука со која се забранува влез во земјата за бегалци и државјани на седумте претежно муслимански земји, меѓутоа федералниот судија Џејмс Роберт од Сиетл ја блокирал спомнатата одлука и им дозволил влез. Оваа ситуација може да се користи во хибридната војна поради тоа што предизвикала протести низ САД и во водечките европски земји, знаејќи дека никој не се откажува од своите интереси, намери, цели и дела, освен ако не се принудени да го сторат тоа.

Твитер, Фејсбук, политички активности на блогери, ставање видео содржини со сугестивни пораки и сл. Но и во овој случај, расудувањата и проценките мораат да се разработат не во категорични и аподиклични димензии, туку посебно во релативни, сложени и динамички проценки.

Меѓу бројните тактики кои се специфични за хибридното војување (со нивното изразување на оперативно и стратешко ниво), спаѓаат следните:

- дипломатски активности;
- разузнавачки и контраразузнавачки активности;
- размена на информации и соработка во областа на безбедноста и одбраната на регионално и меѓународно ниво;
- психолошко-пропагандни активности;
- извиднички активности;
- одредени дејствија во сајбер просторот и заштита од дејствија во сајбер просторот;
- заштита на информации од стратешко значење;
- информирање и стратешки комуникации;
- заштита на економските и енергетските капацитети;
- зајакнување на националните и вредностите на заедницата (развој на основните ќелии на општеството преку едукација, културно воспитание и промовирање на заеднички вредности);
- заштита на критичната инфраструктура;
- цивилно-воена соработка на локално, регионално и национално ниво;
- конвенционални борбени дејства (од пешадиски до терористички дејствија);
- специјални дејства и
- други акции.[120]

---

[120] David Carment. (2018*). War's Future: The Risks and Rewards of Grey-Zone Conflict and Hybrid Warfare,* Canadian Global Affairs Institute, Calgary, Alberta, Canada.

Тактиката на хибридното војување (заштитата од хибридни закани) може да се примени во сите операции (офанзивна, одбранбена, операција на цивилно-воена соработка, операции за стабилност, операции за поддршка, итн.), со тоа што нема сите тактики да се реализираат во сите операции, а и редоследот на реализација може да биде различен во зависност од операцијата.

Хибридното војување, како и другите конфликти може да бидат двострано или повеќестрано.

Кога се споменува повеќестрано војување, воглавно се мисли на посредна (анг. proxy) војна, па така и повеќестраното хибридно војување може да се набљудува како посредно војување во кое силите ги користат принципите на хибридна војна и хибридни тактики.

Двостраното хибридно војување опфаќа офанзивни (напаѓачки) хибридни операции и дефанзивни хибридни операции (одбрана од офанзивни хибридни операции).

Концептот на хибридно војување (офанзивни и дефанзивни хибридни операции) треба да:

- ја опфаќа тековната геополитичка состојба во регионот (зона) на хибридните операции;
- јасно ги идентификува основните и можните цели на хибридната операција;
- прикажува SWOT10 анализа (моќ, слабости, можности и закани) на чинителите на хибридната операција;
- го објасни начинот на ефикасно и ефективно искористување на ресурсите за извршување на операциите;
- ја објасни заштитата на слабостите;
- утврди кои можности, кога и како да се искористат;
- ги идентификува и предвидува временските рамки за изведување хибридна операција;
- го објасни редоследот на реализација на задачите поради постигнување на целите на хибридната операција;

■ го прикаже начинот на соработка со сите субјекти во зоната на хибридната операција и со другите субјекти;

■ ги утврди потребите за развој на дополнителни планови за спроведување на хибридна операција.[121]




Слика: Офанзивни и дефанзивни хибридни операции[122]

Со цел овој концепт да биде успешен, потребни се темелни подготовки и создавање на одредени (критични) предуслови. Пред сè, треба да постои силна политичка поддршка за изведување хибридни операции на краток и долг рок; ефикасен разузнавачки апарат поради квалитетна проценка на ситуацијата во зоната на хибридната операција; сеопфатна информативна кампања[123] во зоната на хибридна операција и надвор од зоната на хибридната операција поради придобивање поддршка за изведување на хибридни операции.

[121] Yücel Özel Ertan İnaltekin(Ed.). (2017). *Shifting Paradigm of War: HYBRID WARFARE*, Ministry of National Defense, Turkish Army War College, Turkish National Defense University. Istanbul.
[122] FM 3-0 Operations. (2009). Department of the Army. Washington D.C, USA.
[123] Опфаќа информационо делување на широк спектар во целиот медиумски простор (телевизија, печатени медиуми, радио, глобална мрежа на комуникации итн.)

## 6.1. Хибридното војување и конфликтите на сивата зона

Френк Хофман, во неговото дело за порастот на хибридни војни,[124] беше првиот аналитичар во карактеризирањето на конфликтите од дваесет и првиот век како хибридни. Неговата студија покажа дека "конвенционалните", "неправилни" и "терористички" не се посебни и изолирани предизвици со фундаментално различни пристапи. Наместо тоа, тие се средства употребени во комбинација од страна на противникот и спроведени од страна и на државни и на недржавни актери. Хофман ги дефинирал хибридните војни како "мешавина на смртоносноста на државниот конфликт со фанатичката и долготрајната жестокост на неправилната војна".[125] Во современите војни, силите станаа нејасни во истата сила, во истиот борбен простор, со редовната компонента која делува како одлучувачки множител на сила за стратешки ефект.

Додека Хофман зборува за хибридното војување како комбинација на тактики кои се редовни, нерегуларни и асиметрични, Маргарет Бонд ја искористи оваа комбинација надвор од царството на војната и ја дефинира како комбинација од национални елементи на моќ.[126] Според неа: „Хибридната војна предвидува употреба на сеопфатни и високонационални разновидни воени активности, ресурси, програми и апликации прилагодени за максимизирање на ненасилно, убедливо користење на економско и политичко влијание за реформирање на непријателски влади, движења или трендови во политички, општествени, и економски нестабилни услови, карактеристични за неуспешните и пропаднатите држави. Исто така вклучува и целосен опсег на способности за воено разузнавање, неконвенционални (вклучувајќи несмртоносни) оружја, вооружување, единици за поддршка и борбена опрема, достапни за моментална употреба, ако некогаш опозициски елементи на редовните сили или неправилни бунтовници, терористи

[124] Hoffman Frank (2007). *Conflict in the 21st Century: The Rise of Hybrid Wars*, Arlington, VA: Potomac Institute for Policy Studies.
[125] Исто, стр.28.
[126] Bond S. Margaret (2007). *Hybrid War: A New Paradigm for Stability Operations in Failing States.* Carlisle Barracks, Carlisle, PA: US Army War College, достапно на http://www.worldinwar.eu/wp-content/uploads/2017/09/ADA468398-1.pdf, последен пристап на 13.01.2019г.

или други недржавни актери го преминат прагот на воена состојба и претставуваат директна закана или ги загрозуваат овие активности на не-воена состојба.“[127]

Бонд развива случај за поширока, поактивна примена на сите елементи на националната власт, заедно со континуитет на активностите од стабилност до вооружена борба, вклучувајќи и мирни хуманитарни мисии и постконфликтна реконструкција и стабилизација. Дефиницијата на Бонд, иако сеопфатна, поради нејзиното вклучување на некинетичките елементи, е претежно државна перспектива.[128]

Другиот поим е конфликти на сивата зона.

Стејт департментот, во својот ISAB извештај, ја објаснува сивата зона како: 'означува употреба на техники за постигнување цели на нацијата и фрустрирање на своите ривали со употреба на инструменти на моќ - често асиметрични и двосмислени по карактер - кои не се директна употреба на признаените регуларни воени сили". Се чини дека разликата меѓу хибридната и сивата зона е дека сивата зона се исклучува од своите амбициозни конвенционални или редовни воени сили. Ова исклучување е контрадикторно со сопствената карактеризација на конфликти на сивата зона, што, како што видовме претходно, вклучува "експлицитна или имплицитна употреба на закана или закани за употреба на вооружени сили ...". Затоа, терминот сива зона ги објаснува само асиметричните, неправилните или неконвенционалните аспекти на променливиот карактер на конфликтот. Исклучувањето на конвенционалното или регуларното војување од сивите зони би било неточно, бидејќи сивите зони постојат под заканувачката закана од употребата на таквата сила и ќе се претворат во полесни или темна нијанса на сивата, каде што таквите сили се исклучени или вклучени за употреба. Затоа, можеме безбедно да заклучиме дека конфликтите на сивата зона се подмножество на хибридните конфликти; или сивата зона опишува средина меѓу војната и мирот каде

[127] Исто, стр.4.
[128] Bond S. Margaret (2007). *Hybrid War: A New Paradigm for Stability Operations in Failing States.* Carlisle Barracks, Carlisle, PA: US Army War College, достапно на http://www.worldinwar.eu/wp-content/uploads/2017/09/ADA468398-1.pdf, последен пристап на 13.01.2019г.

хибридните алатки за принудно влијание се движат од конвенционални сили до криминални активности додека се искористат.[129]

### 6.2. Хибридни конфликти

Бидејќи развојните закани се асиметрични по природа, концептот на "хибридно војување" станува сé повеќе „матица". Термините "хибридно војување", "хибриден конфликт", "хибридна војна" или "хибридна закана" станаа вообичаени во меѓународните вооружени сили и академската литература. Иако не постои универзално прифатена дефиниција за хибридното војување, следнава дефиниција е доста сеопфатна:

„Хибридни конфликти... се целосен спектар војни и со физички и со концептуални димензии: првата, борба против вооружен непријател, и втората, поширока борба за, контрола и поддршка на домицилното население во борбената зона, поддршка на домашните фронтови на нациите кои реализираат интервенции и поддршка од меѓународната заедница. .. За да се обезбеди и да се стабилизира домицилното население, силите за интервенирање мора веднаш да ја обноват или повратат безбедноста, основните услуги, локалната власт, силите за самоодбрана и суштинските елементи на економијата."[130]

"Хибридна закана" е опишана како: "Секој противник кој истовремено и адаптивно користи прилагодена мешавина од конвенционални, нерегуларни, терористички и криминални средства или активности во оперативниот борбен простор. Наместо единствен ентитет, хибридна закана или предизвикувач може да се состои од комбинација на државни и недржавни актери ".

Јасно е дека во хибридниот конфликт, предизвикот со кој се соочуваат вооружените сили на нацијата оди подалеку од едноставен воен предизвик. Тактиките и практиките на Хезболах за време на конфликтот во Либан во 2006 година и раните кампањи на милицијата на ИСИС против владејачките режими во

---

[129] International Security Advisory Board (ISAB). (2017). *Report on Gray Zone Conflict*, United States Department of State, Washington D.C.

[130] Дефиницијата е усвоена на Конференцијата за хибридно војување на Командата на Американските здружени сили, одржана во Вашингтон на 24 февруари 2009г, цитирана во Glenn W. Russell (2009). 'Thoughts on "Hybrid" Conflict', *Small Wars Journal*, достапно на https://smallwarsjournal.com/blog/journal/docs-temp/188-glenn.pdf, последен пристап 19.01.2019г.

Ирак и Сирија се пример за сложеноста на хибридниот конфликт. Политичките, социјалните, дипломатските и информативните компоненти кои делуваат како множители на сила ги прават Хезболах и милицијата на ИСИС многу посилни од моќта на нивната воена способност. Ефективен одговор на хибридното војување бара сеопфатен или она што сѐ повеќе се нарекува пристап на "целокупна влада".

Некои аналитичари се на мислење дека "мешањето на способностите на нерегуларна, политичка индоктринација, атентат, редовни воени сили и дипломатија" подобро се опишува како "сложено војување" отколку како хибриден конфликт. Дадени примери се оние на британските кампањи во Малаја (Малезија) и Северна Ирска, како и отпорот што го пружи Северен Виетнам на Американските сили. Френк Хофман го опишува сложеното војување како:

„...оние големи војни кои имале значителни редовни и нерегуларни компоненти кои се борат истовремено под обединета насока ... Комбинираните војни нудеа синергија и комбинации на стратешко ниво, но не и комплексноста, фузијата и истовременоста што ги предвидуваме на оперативни, па дури и тактички нивоа во војни каде што една или двете страни го мешаат и спојуваат целиот спектар на методи и начини на конфликт во борбениот простор. Нерегулираните сили во случаите на сложени војни во голема мера функционираат како мерка на сила за одвлекување или економија во посебна сцена или на соседна оперативна област вклучувајќи го и задниот ешалон. Бидејќи се заснова на оперативно одвоени сили, сложениот концепт не ги опфаќа моделите на војна на спојување или замаглување, идентификувани во минатите студии на случаи, како што е Хезболах во втората Либанска војна од 2006 година...“[131]

Русите претпочитаат да го користат терминот "нелинеарно" војување, пример за нивната интервенција во Крим и источна Украина. Соочени со она што го гледаат како непријателско ако не и непријателски светски поредок, Русите се́ повеќе се потпираат на нови тактики кои се фокусираат на слабостите на противникот наместо ангажирање во директна борба. Конвенционалните, како и

---

[131] Hoffman G. Frank (2009). ‘Hybrid Warfare and Challenges’, *Joint Forces Quarterly*, Issue 52, 1st Quarter, p. 34–38.

нерегуларните воени сили се употребуваат во врска со дипломатски, економски, сајбер-воени напади и психолошки напади, што ги зголемува чувствата на несигурност кај целното население. Исто така, тоа се однесува и на Герасимовата доктрина. Посебно експлоатирани се дихотомиите во постојното меѓународно право: на пример, без оглед дали сајбер-војувањето, електронското војување и информативното војување се или не се дејства на војна. Неодамнешното меѓународно искуство бара повторно испитување на законската рамка за дефинирање на актите што претставуваат агресија.

Двајца кинески полковници го фокусираа вниманието на светот кон уште една варијанта на хибриден конфликт, која тие ја нарекуваат "неограничено војување", кога тие напишаа книга со ова име.[132] Буквално, терминот значи "војување надвор од границите". Наоѓајќи ја Кина во асиметрична воена ситуација на Давид наспроти онаа на Голијат, Кјао Лианг и Ванг Ксијангсуи дошле до заклучок дека нерегуларното војување би било поефикасно отколку директната борба. Тие тврдат дека сега постојат неколку форми на војна кои можат да се практикуваат:

„Дипломатски, финансиски, мрежа, трговија, био-хемиски, разузнавање, ресурси, еколошки, психолошки, економска помош, простор, тактички, регулаторни, електронски, криумчарење, санкционирање, герила, дрога, медиуми за вести, терористички, виртуелни, иидеолошки војувања и многу други." Терминот ги означува стратегиите кои воено (и политички) обесправените држави би можеле да ги усвојат со цел да се спротивстават на моќните противници. Иако не е револуционерен, терминот ја зафати имагинацијата на аналитичарите ширум светот како модерна верзија на употребата на сите елементи на национална моќ за постигнување на посакуваните цели, како што беше застапувано од Клаузевиц во неговиот модел на "целосна војна". Авторите не објаснуваат како легитимно поставена влада може да спроведе недискриминирачки, можеби незаконски, средства за да ги постигне своите цели.

[132] Liang Qiao & Xiangsui Wang (1999). *Unrestricted Warfare*, Beijing: PLA Literature and Arts Publishing House.

### 6.2.1. Компоненти на хибридните конфликти

Ако ова разбирање на хибридните конфликти треба да се примени на современите конфликти, тогаш важно прашање што се поставува е: кога конфликтот станува хибриден? Зборот хибрид подразбира комбинација или соединение на повеќе од два елементи на моќ или компоненти од спектарот на конфликтот.

Овие компоненти обично се карактеризираат како конвенционални и неконвенционални или правилни и неправилни. Овие разлики, сепак, се релативни. Она што е неконвенционално денес, може да стане конвенционално утре. Слично на тоа, неправилното може да стане правилно, бидејќи неговата употреба се зголемува.

Затоа, овие подмножества се несовршени. Меѓутоа, кинетички и некинетички се различни и непроменливи сегрегации.




Шема бр.1 : Хибридни закани[133]

[133] Jitka Richterová. (2015). *NATO-hybrid threats*, Model NATO, Backgroud Report, Prague.

Кинетичките компоненти би вклучувале спектар почнувајќи од вселенско оружје, нуклеарни, биолошки, хемиски опции, копнени сили, поморски сили, воздухопловни сили, специјални сили, бунтовници, терористи до оперативци кои вршат нелегални активности, вклучувајќи саботажа, атентати и насилнички агитации.

Не-кинетичките ќе ги опфатат дипломатските и политичките активности, информатичките операции, вклучувајќи ги и операциите на сајбер и социјалните медиуми, мрежното војување за да вклучат нарушување на критичната мрежна инфраструктура, распрскување, субверзија, криминални активности, економско војување вклучувајќи лажни валути, девалвација на валута и економска принуда, војување со ресурси, еколошко војување, идеолошко војување, ненасилни агитации и тн.

Листата дадена во Табела. 1 не е ниту дефинитивна, ниту исцрпна, за било која и секоја алатка која е достапна за постигнување на стратешките цели, и кинетички и некинетички, ќе биде искористена.

| *Кинетички* | *Не-кинететички* |
|---|---|
| Вселенско оружје | Дипломатија |
| Копнени, поморски и воздухопловни сили | Информативни операции |
| Нуклеарно, хемиско и биолошко оружје | Неслога |
| Бунтовници | Субверзија |
| Терористи | Економско војување |
| Специјални сили | Војни за ресурси |
| Оперативци – атентати и саботажи | Временски војни |
| Насилни агитации | Не-насилни агитации |
| Криминални активности | |

Табела 1: Компоненти на хибридните конфликти[134]

[134] Vikrand Deshpande, Shibani Mehta. (2018).”Contextualising Hybrid Warfare” in Vikrant Deshpande (Ed). *Hybrid Warfare: The Changing Character of Conflict*, Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, Pentagon Press.

*Секој конфликт каде две или повеќе компоненти се користат заеднички и со конвергенција на стратешките цели, според тоа, може да се нарече хибриден.* Утврдено е дека концептот на хибрид (иако терминот е создаден) постоел дури и во минатото, а кинетичките и некинетичките средства биле иновативно користени за постигнување на стратешките цели низ историјата. Клучот на преобразувањето во конфликтите на дваесет и првиот век се алатките достапни преку информатичката технологија. Тие обезбедија нови начини, како и влијаат и ги менуваат постојните обрасци на други средства и компоненти на конфликтите. Со други зборови, информациската револуција не само што обезбедува алтернативни начини и средства, туку, исто така, ги менува и постоечките начини и средства за постигнување на политички цели. Затоа алтернативната номенклатура за овие војни и конфликти може да биде "конфликти на информатичката ера".

### 6.3. Примери на хибридно војување

Хибридните војни, како и мрежните војни се слични и пред сé, во денешно време се тренираат на ограничен простор, во ограничено време и над послаб непријател. Овој простор многупати бил жртва на практични експерименти и доктрини. На пример, спроведување на мрежно-центрично војување во американската војска, особено во воздухопловните сили, воспоставено е за време на кампањата против Србите во Босна (кое и официјално е признато со документ на Пентагон). Во Косово во 1999 година е водена хибридна војна, каде се користени конвенционалните (НАТО) војници + нелегални активности на Албанците во Косово (кој ги обучувала ЦИА) + медиумска пропаганда и влијание + сајбер напади и активности на интернет, како би се освоиле срцата и умовите луѓето во Југославија (врз основа на таквото создадено расположение, направен е "Отпор", па може да изгледа дека бил успешен). Сега, во Србија постојат огромни мрежи на неолиберални групи и фондација, финансирана од Сорос или директно од САД, што е исто така добар пример на хибридна стратегија.

Иако се присутни настојувања октомврискотото соборување во Белград да се третира како спонтана демократска револуција, нив ги демантира учеството на официјална структура на американската администрација, податоците за американски финансирани операции и биографијата на пензионираниот полковник на воената разузнавачка служба на САД Роберт Хелви, кој говорејќи за активностите на "Отпор", негирал било каква спонтаност и истакнал дека тоа е организација, создадена за извршување на задачите на специјалната војна: "На сите треба да им биде јасно дека зад се стои длабоко стратешко планирање, како и операционализација на плановите со детално координирана работа... Најважна работа е нападот врз т.н. столбови на власта во кои спаѓаат армијата, полицијата, медиумите ... Тоа беше многу успешн изведено и токму онака како што е испланирано. Еден од најхрабрите и најважните моменти од целата револуција беше одлуката на војската да не се меша во настаните на улица. "Отпор" водеше

многу успешна кампања, чија цел беше да се инфилтрира во војската, која е клучен столб на режимот, пишувал Хелви."[135]

Апсолутно иста тактика се применува во денешно време при создавање внатрешен притисок врз режимот во Србија. Очигледно не созреала свеста за важноста на борбата за умовите на политички неопределените корисници на социјалните мрежи, бидејќи десетина Фејсбук страници и илјадници Твитер сметки, кои заедно имаат неколку милиони следбеници, постојано плански ја подгреваат општествената атмосфера до точка на вриење и - во синхронизирано содејство со класичните медиуми - политички експлоатираат фингирани афери, дури и без прикривање на инструментализацијата на трагедијата. На хибридните психолошко-пропагандни напади врз младите, моќна и сугестибилна популација, која е главен двигател на сите протести и политички активизам не се одговара со контролниот дел. На пропагандните напади на четвртата генерација се одговара со сопствена пропаганда која се пласира во медиумите од втората и трета генерација, а со тоа вршејќи влијание на сосема друг сегмент на општеството од оној кој ги таргетира опозиционите структури.[136]

Како прв комбиниран напад на сајбер-напад и воена офанзива се бележи нападот врз Грузија. DDoS - напади[137] од мали размери (напади со дистрибуиран прекин на услугите) врз грузиската интернет инфраструктура, биле регистрирани во јуни, скоро два месеци пред петтодневната војна помеѓу Русија и Грузија, по прашањето за Јужна Осетија. На 20 јули 2008 година, фондацијата Shadowserver регистрирала група чувари на интернет кои приметиле повеќе DDoS напади насочени кон официјалната веб-страница на Грузијскиот претседател Михаил Сакашвили, кои резултирале со пад на веб-страницата повеќе од 24 часа. Утврдено било дека нападот бил координиран преку Американски сервери, факт кој ја

---

[135] Robert Helvi. (2014). Nonviolent resistance as an important segment of state coup, has been developed by theoreticians Gene Sharp and legendary colonel Robert Helvi, was implemented in Serbia for the first time. Misha Djurkovic, Otpor, Canvas and Terrorism.

[136] Ранчиќ Иван, Бериша Хатица (2018). *„Хибридни рат – мит или стварност (Реконцептуализација хибридног рата)“,* Универзитет одбране у Београду, Школа националне одбране, стр.267-8.

[137] Повеќе за ваквите напади во “Explaining Distributed Denial of Service Attacks to Campus Leaders,” May 3, 2005, http://www.uoregon.edu/~joe/ddos-exec/ddos-exec.pdf.

нагласува транснационалната природа на оваа закана. Според New York Times нападите врз Грузиската комуникациска мрежа кулминирале на 8 август 2008 година, првиот ден од војувањето, кога биле регистрирани напади на веб-страниците на владата и медиумите. Како се заострувал конфликтот, така ескалирале и on-line нападите кои руските хактивисти ги вршеле над веб-страниците на претседателот, парламентот, министерството за одбрана и надворешни работи, грузиската народна банка и новински агенции. Грузија од сајбер-нападите претрпела мала штета бидејќи грузиската економија и виталната инфраструктура сѐ уште не биле интегрирани во е-општество. Сеедно, кампањата водена од страна на националистичките хактивисти, поттикнати на акција со помош на рускиот on-line хакерски форум, ефикасно ја пореметила дистрибуцијата на информации на Владата на Грузија, во клучните моменти на нападот.[138]

Овие сајбер-напади имаа три целни групи:

1. серверите задолжени за интернет-инфраструктурата на државата,
2. веб-страниците на владините институции и важни политичари во земјата и
3. провајдерите на приватниот сектор во земјата (банките, медиумите итн).

Оваа еволуција, или подобро речено револуција на сајбер-нападите, може да биде видена како модерна алатка за индиректна интервенција за тајно уништување на противничката мрежа и критична воена инфраструктура, покажувајќи ја стратегиската важност на технолошката еволуција во сајбер-просторот и на тој начин навестувајќи го полето на развој на идната сајбер-војна.

[138] Schnaufer, T. A. (2017). Redefining Hybrid Warfare: Russia's Non-Linear War against the West. *Journal of Strategic Security*, 10(1).




Шема бр.2. Рускиот стил на хибридно војување во Украина[139]

Со победата на Револуцијата на Достоинството сите многугодишни напори на Русија за хибридно-притаено совладување на Украина и нејзино претворање во сопствена држава-сателит, со раководен претседател и марионетска влада, претрпеа неуспех.

Руската Федерација не можеше да се помири не само со својот геополитички пораз во борбата за потчинување на Украина, туку и со самото нејзино постоење како држава. Исто така, Кремљ реши да примени во борбата со Украина не само сите јавни и прикриени методи на водење хибридна војна, туку и директно вооружено мешање во нејзините внатрешни работи. Окупацијата на Кримскиот полуостров од армијата на Руската Федерација почна на 20 февруари 2014 година. На руската инвазија ѝ претходеше активна пропагандистичка кампања, саботажи и

[139] Phillip A. Karber. (2015). "*Russian Style Hybrid Warfare*," Report prepared for Multi-polarity & Stability Workshop #5; McLean, VA: The Potomac Foundation.

разузнавачка активност. Руските дејствија вклучуваат како традиционални воени методи, вклучувајќи заземање територии и нивна официјална анексија (Украина, Грузија, Молдавија), така и нетрадиционални – во политичката, економската, информативната сфера, тероризам, што овозможува да се види во сето ова класична хибридна агресија.

Руската анексија на Крим во 2014 година е одличен пример за хибридна војна: "Погледнете како ги преземаа клучните украински владини згради вооружени до забите со оружје на руската армија, облечени во руски униформи (минус обележјата), и претседателот Путин вели "не, тие не се мои војници". Беше прилично неверојатно, но знаеше дека Западот нема да ризикува војна за да ги извлече. Таа загатка лежи во срцето на хибридната војна".[140]

Пејзажот за конфликт се менува цело време, од урбани терористички напади, како оние видени во Париз, до дестабилизирачкото влијание на ботови, кои ги објавуваат лажни вести на Твитер. "Војната веќе не е ограничена само на конвенционалното оружје, и технологијата постојано се развива за да презентира нови закани за нашата безбедност. Како ние ќе реагираме без да ги загрозиме нашите слободи е основно прашање".[141]

Русија е осомничена дека ќе употреби кинетички хибридни техники во остварување на државните цели во иднина, но исто така и Иран не е далеку од ваква примена. Иран во моментов користи кинетички контрахибридни техники во Сирија и е активен во Јемен, Ирак и Либан. Може да се очекува да ги поддржи шиитските малцинства и на други места во Блискиот Исток. Во голем број земји од Југоисточна Азија има значителни кинески малцинства, но Пекинг сѐ уште не користел кинетички хибридни техники, но сепак постои можност.

---

[140] Vision. (2018). Advising NATO on hybrid warfare, Issue 02, Universitt of Nottingham.
[141] Andrew Mumford. (2013). *Proxy Warfare*, Polity Press, Cambridge, UK.

## 7. Начини за справување со хибридното војување и хибридните закани

Моделот на спротивставување на хибридното војување, земајќи ја во предвид нелинеарната конфигурација на напаѓачките средства и сили, ги одразува следните клучни задачи во заштитата на државата:

- ✓ способност брзо и одлучно да се реагира на конфликтите овозможува постигнување значителни резултати со релативно мали промени поради нелинеарната природа;

- ✓ функционална контрола над најважните стратешки елементи на секоја сфера – покривање на сите простори на политичката, социо-економската и културната сфера на државата.

- ✓ Обезбедување способност брзо да се концентрираат критичните напори и ресурси на најзагрозеното место.

Денес, тоа е предната страна на информациската и економската војна и обезбедувањето на сајбер безбедноста на критичната инфраструктура. Спроведувањето континуирано извидување и блиска интеракција со структурите на политичко и воено управување со државата и вооружените сили, со цел да се имплементира стратегијата која овозможува брзо создавање и користење на предностите во загрозениот правец. За превенција на вакви и слични напади на националната критична инфраструктура, било тоа да е физички или сајбер-напад, секоја држава треба да има стратегиски план за превенција, брз одговор и брзо отстранување на последиците и враќање во нормален работен тек на нападнатата критична инфраструктура, што опфаќа: процена на слабостите кои би довеле до физички или сајбер-напад; план за отстранување на значајните слабости; развивање на системи за идентификување и спречување на обидите за напад;

сигнализација за евентуален напад и отпор на нападот и обновување на работните способности на нападнатиот систем од критичната инфраструктура.[142]

- ✓ Достапност на висококвалитетни човечки ресурси, способни да обезбедат развој и спроведување на стратегијата за спротивставување на хибридната војна.

Вклучувањето на значења и детерминанти обезбедува адекватен одраз на нивното влијание во стратегијата за спротивставување на современите конфликти, идентификува збир на својства кои се специфични за одреден вид конфликти, да се идентификуваат нови можности и нов квалитет во конфликтот. Како би се осигурала националната безбедност на државата, мора да се обезбеди пристап кој ќе придонесе за појава на нови сознанија за конфликтот.

Препознаваме три главни начини да се избегнат хибридните војни, но понатамошните истражувања ќе понудат и други ефикасни стратегии.

1). Идентификација и одделување - проверка на невладините организации кои работат во земјата и во земјите сојузници, кои мора да бидат регистрирани и над нив да биде извршена проверка со чии странски средства се финансираат, и дека сите незаконски организации кои работат незаконски, а ја загрозуваат националната безбедност, треба веднаш да бидат забранети.

2). Претставниците на безбедносните сили мораат да бидат запознаени со соодветните методи за расклопување на хибридни воени блокови, особено во превенцијата на револуцијата на обоените и реакција на неконвенционалното водење на војната. Многу е важно тие да го спречуваат растечкиот гнев деликатно, трудејќи се да ја избегнат примената на неприфатливи и деспотски реакции кои можат да предизвикаат непотребни конфликти.

---

[142] Оливер Бакрески, Тања Милошевска, Ѓорѓи Алчески. (2017). *Заштита на критична инфраструктура*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Стеда Графика, Скопје.

3). Конечно, последната стратегија на демократска безбедност е поттикнување на патриотските движења на граѓанското општество, кои ќе ја поддржуваат својата влада.

Со цел борба против хибридната војна, во прв план е компонентата на информациската војна, а со оглед на сложеноста на конфликтот, се наметнува нетрадиционален пристап кој би требало да ја промовира слободата на медиумите, да ја наградува одговорноста и да пружи правни средства за гаснење на каналите за системско дезинформирање. Покрај чекорите кои ги преземаат државните органи, приватниот сектор и организациите на граѓанското општество би требало да ги забрзаат своите чекори кои ќе проверат дали онлајн вестите се точни, веродостојни и непристрасни. Организациите кои работат заедно можат да направат многу. Сепак, најсилна одбрана се слободните медиуми, кои на разоткривањето на лагите работат заедно со невладини организации.[143]

## 7.1. Одговорот на НАТО кон хибридното војување и хибридните закани

Хибридните методи на војување, како што се пропаганда, измама, саботажа и други не-воени тактики веќе долго време се користат за дестабилизација на противниците. Она што е ново за нападите гледано во последниве години е нивната брзина, обем и интензитет, олеснета од брзата промена на технологијата и глобалната меѓусебна поврзаност. НАТО има стратегија за својата улога во борбата против хибридното војување и е подготвена да ја брани Алијансата и сите сојузници против каква било закана, без разлика дали е конвенционална или хибридна.

Примарната одговорност да одговорат на хибридните закани или напади лежи на целната нација.

НАТО е подготвен да им помогне на сите сојузници против хибридните закани како дел од колективната одбрана. Алијансата разви стратегија за нејзината улога во борбата против хибридната војна за да помогне во решавањето на овие закани.

---

[143] Ранчиќ Иван, Бериша Хатица (2018).„*Хибридни рат – мит или стварност, Реконцептуализација хибридног рата,* “, Универзитет одбране у Београду, Школа националне одбране, стр.269.

Во јули 2018 година, лидерите на НАТО се согласија да формираат против-хибридни тимови за поддршка, кои обезбедуваат прилагодена насочена помош на сојузниците како резултат на нивните барања, при подготвувањето и одговарањето на хибридните активности.

НАТО ја зајакнува својата координација со партнерите, вклучувајќи ја и Европската унија, во напорите за спречување на хибридни закани.

Одделот за разузнавање и безбедност на НАТО има филијала за хибридна анализа, која помага да се подобри свеста за ситуацијата. Таа, исто така, активно и се спротивставува на пропагандата - не со повеќе пропаганда, туку со факти - онлајн, во воздух и во печат.

Хибридните закани комбинираат воени и невоени, како и прикриени и отворени средства, вклучувајќи дезинформации, сајбер-напади, економски притисок, распоредување на неправилни вооружени групи и употреба на редовни сили. Хибридните методи се користат за замаглување на линиите меѓу војната и мирот, и обид да сее сомнеж во умовите на целите.

Брзината, обемот и интензитетот на хибридните закани се зголемија во последниве години. Подготвеноста се да спречат, да им се спротивстават и да одговорат на хибридните напади, без разлика дали од страна на државни или недржавни актери, е врвен приоритет за НАТО. [144]

Од 2015 година, НАТО има стратегија за нејзината улога во борбата против хибридната војна. НАТО ќе осигури дека Алијансата и сојузниците се доволно подготвени да ги спречат хибридните напади во каква било форма во која може да се материјализираат. Тоа ќе ги одврати хибридните напади врз Алијансата и, доколку е потребно, ќе ги брани сојузниците.

[144] NATO (2018). NATO's response to hybrid threats, достапно на: https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_156338.htm?fbclid=IwAR2dS8IfODGxxr8B3RfenvBHdCs-ugetznj7aL9i4_lFt-8GdUODX3GD-Mk, последен пристап 14.01.2019г.

За да бидат подготвени, НАТО континуирано собира, споделува и оценува информации со цел да открие и припише било каква тековна хибридна активност. Одделот за разузнавање и безбедност во седиштето на НАТО го подобрува разбирањето и анализата на Алијансата за хибридните закани. Филијалата за хибридни анализи им овозможува на носителите на одлуки да имаат подобра свест за можните хибридни закани.

Алијансата ги поддржува напорите на сојузниците да ги идентификуваат националните слабости и да ја зајакнат сопствената отпорност, ако е побарано. НАТО, исто така, служи како центар за експертиза, обезбедувајќи поддршка за сојузниците во областите како што се граѓанска подготвеност и одговор за хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен инциденти; критична инфраструктурна заштита; стратешки комуникации; заштита на цивили; сајбер-одбрана; енергетска безбедност; и контра-тероризам.

Обуката, вежбите и едукацијата, исто така, играат значајна улога во подготовките за спречување на хибридните закани. Ова вклучува примена на процесите на донесување одлуки и заеднички воени и невоени одговори во соработка со други актери.

За да ги одврати хибридните закани, НАТО е решен веднаш да дејствува, кога и каде е потребно. Продолжува да ја зголемува готовноста и подготвеноста на своите сили и го зајакна својот процес на донесување одлуки и својата командна структура како дел од нејзиното одвраќање и одбранбена положба. Ова испраќа силен сигнал дека Алијансата ја подобрува и својата политичка и својата воена реакција и способноста да распореди соодветни сили на вистинското место во вистинско време. Ако одвраќањето не успее, НАТО е подготвено да ја брани секоја сојузничка земја членка од било каква закана. За таа цел, силите на НАТО мора да бидат способни да реагираат на брз и агилен начин, кога и каде и да е потребно. [145]

[145] NATO (2018). NATO's response to hybrid threats, достапно на: https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_156338.htm?fbclid=IwAR2dS8IfODGxxr8B3RfenvBHdCs-ugetznj7aL9i4_lFt-8GdUODX3GD-Mk, последен пристап 14.01.2019г.

### 7.2. Заедничката рамка на Европската Унија за справување со хибридните закани

Европската унија, како еден од предизвиците по безбедноста, ги препознава хибридните закани и во Глобалната стратегија за надворешна политика и безбедност наведува: "денес тероризмот, хибридните закани, климатските промени, економската нестабилност и енергетската несигурност ги загрозуваат нашите граѓани и територијата. Политиката на страв им се заканува на европските вредности и европскиот начин на живот".[146] Во склад со тоа, ЕУ во 2016 година ја условила Заедничката рамка за сузбивање на хибридните закани во која се наведуваат 22 мерки за препознавање на хибридните закани, организирање одговор на хибридните закани, спречување кризи и одговор на кризи, опоравување и зајакнување на соработката со НАТО.[147]

Концептот на хибридни закани има за цел да ја долови мешавината на конвенционални и неконвенционални, воени и не-воени, отворени и тајни активности кои можат да се користат на координиран начин од страна на државни или недржавни актери за постигнување на конкретни цели, додека остануваат под прагот на формално декларираното војување. Тие ги насочуваат критичните слабости и бараат да создадат двосмисленост за да го спречат брзото и ефективното донесување одлуки. Опсегот на мерки што се применуваат како дел од хибридната кампања може да биде многу широк: од сајбер напади на критични информациски системи, преку нарушување на критичните услуги, како што се снабдување со енергија или финансиски услуги, да се поткопа јавната доверба во владините институции или искористување на социјалните ранливости.

Прв и клучен чекор на патот кон постигнување подобра заштита против хибридни закани е да се стекне соодветна ситуациона свест. Ова е причината зошто

[146] A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy. (2016). Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe, достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/eugs_review_web_0.pdf
[147] EU (2016). Joint Framework on countering hybrid threats, European Commission - Fact Sheet, Брисел, достапно на http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-1250_en.htm, последен пристап 20.01.2019г.

разузнавањето и размената на информации станува толку важна. Со цел да се спречат и да одговорат на хибридните закани ефективно, најважно е да се подобри издржливоста на општествата и критичната инфраструктура. Со оглед на природата на хибридни закани, неопходно е да се работи преку географски граници и граници на агенцијата.[148]

Заедничката рамка ги обединува постоечките политики и предлага дваесет и две оперативни активности насочени кон:

- подигнување на свеста преку воспоставување на посветени механизми за размена на информации помеѓу земјите-членки и координирање на активностите на ЕУ за да се обезбеди стратешка комуникација;
- градење еластичност со решавање на потенцијалните стратешки и критични сектори како што се сајбер-безбедност, критични инфраструктури (енергија, транспорт, простор), заштита на финансискиот систем од недозволена употреба, заштита на јавното здравје и поддршка на напорите за борба против насилниот екстремизам и радикализација;
- спречување, одговарање на кризата и опоравување преку дефинирање на ефективни процедури кои треба да се следат, но исто така и со испитување на можноста за примена на Клаузулата за солидарност (член 222 TFEU)[149] и клаузулата за заемна одбрана (член 42 (7) TEU)[150] во случај на сериозен хибриден напад;
- зајакнување на соработката и координацијата помеѓу ЕУ и НАТО, како и други партнерски организации, заеднички напори за спречување на хибридните

[148] EU (2016). Joint Framework on countering hybrid threats, European Commission - Fact Sheet, Брисел, достапно на http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-1250_en.htm, последен пристап 20.01.2019г.
[149] The Solidarity Clause was introduced by the Lisbon Treaty. According to Article 222(1) of the Treaty on the Functioning of the European Union (TFEU), the Union and the Member States are to act jointly in a spirit of solidarity if a Member State is the object of a terrorist attack or the victim of a natural or man-made disaster. The decision to invoke the clause lies with the political authorities of the affected Member State.
[150] According to Article 42 (7) of the Treaty of the European Union (TEU) *"If a Member State is the victim of armed aggression on its territory, the other Member States shall have towards it an obligation of aid and assistance by all the means in their power, in accordance with Article 51 of the United Nations charter"*.If multiple serious hybrid threats constitute armed aggression against an EU Member State, this mutual assistance clause could be invoked to provide an appropriate and timely response. It does not require Member States to take military action but Member States are required to provide aid and assistance, providing that it shall not prejudice the specific character of the security and defence policy of certain Member States.

закани, истовремено почитувајќи ги принципите на инклузивност и автономија на процесот на одлучување на секоја организација.

Рамката е дизајнирана да обезбеди цврста основа за поддршка на земјите-членки во борбата против хибридните закани колективно, поддржани од голем број инструменти и иницијативи на ЕУ.

Имајќи предвид дека идентификацијата и сузбивањето на хибридните закани се поврзани со националната безбедност и одбрана, одржувањето на редот и спроведувањето на законот, Европската унија напоменува дека земјите-членки имаат примарна одговорност во решавањето на тие проблеми, бидејќи повеќето национални слабости се специфични за поедини земји. Сепак, ЕУ може да се искористи како платформа за зајакнување на националните напори и, преку своите регулаторни капацитети, да воспостави заеднички критериуми кои можат да помогнат да се подигне нивото на заштита и отпорност во ЕУ.

Меѓутоа, ако земјите-членки на Европската унија се соочуваат со заеднички закани кои можат да бидат насочени кон прекуграничната мрежа и инфраструктура, отстранувањето на тие закани е со координирани делови на ниво на ЕУ користејќи политики и инструменти за унапредување на европската солидарност и заемна помош.

Затоа ЕУ може да одигра важна улога во подобрувањето на колективна свесност за ситуацијата, во градењето на отпорноста на земјите-членки на хибридни закани и во спречувањето, одговорот и закрепнувањето од кризата.

## 7.3. Соработка на НАТО и на ЕУ за справување со хибридните закани

НАТО продолжува да ја зајакнува својата соработка и координација со партнерите како Финска, Шведска, Украина и Европската унија (ЕУ) за спречување на хибридните закани и подобрување на издржливоста. Како дел од нивната поблиска соработка, НАТО и ЕУ ја интензивираа соработката за справување со хибридни закани, со посебен акцент на борбата против сајбер нападите.




Слика бр.2 Сеопфатен пристап за справување со хибридните закани[151]

Покрај тоа, Центрите на извонредност работат заедно и придонесуваат знаење и експертиза во Алијансата. Тие се меѓународни истражувачки центри кои се национално или мулти-национално финансирани и екипирани.

Европскиот центар за извонредност за Борба против хибридните закани, кој се наоѓа во Хелсинки, Финска, служи како центар за експертиза, помагајќи им на земјите учеснички во подобрувањето на нивните цивилно-воени способности, отпорност и подготвеност за борба против хибридните закани. Истиот беше формиран во октомври 2017 година од страна на генералниот секретар на НАТО

[151] Axel Hagelstam, Kirsti Narinen. (2018). Cooperating to counter hybrid threats, *NATO Review Magazine,* достапно на: https://www.nato.int/docu/review/2018/Also-in-2018/cooperating-to-counter-hybrid-threats/EN/index.htm

Јенс Столтенберг, заедно со високиот претставник за надворешни работи и безбедносна политика на Европската унија / потпретседател на Европската комисија, Федерика Могерини. Центарот е иницијатива на Владата на Финска, поддржан од 14 други земји, како и од НАТО и ЕУ.[152]

Другите центри на извонредност придонесуваат за напорите на НАТО за борба против хибридните закани, вклучувајќи го и Центарот за стратешки комуникации на извонредност во Рига, Латвија[153]; Центарот за совршеност за соработка во сајбер-одбраната во Талин, Естонија[154]; и Центарот за енергетска безбедност на извонредност во Вилнус, Литванија.[155]

---

[152] NATO (2018). NATO's response to hybrid threats, достапно на: https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_156338.htm?fbclid=IwAR2dS8IfODGxxr8B3RfenvBHdCs-ugetznj7aL9i4_lFt-8GdUODX3GD-Mk, последен пристап 14.01.2019г.

[153] Strategic Communications Centre of Excellence. (2017). Riga, Latvia.

[154] Cooperative Cyber Defence Centre of Excellence. (2017). Tallinn, Estonia.

[155] NATO Energy Security Center of Excellence. (2018), достапно на: https://www.enseccoe.org/en

## 8. Заклучок

Анализирајќи ги современите конфликти, нивната природа и карактеристики, доминантен впечаток е отсуството на класичните, конвенционални форми на војување, како и дека на сцената се остваруваат посебни форми на конфликтот, со низок, ограничен, регионален и контролиран интензитет и карактеристики. Содржинските форми на конфликтот не претставуваат основа на конвенционалното војување, туку може да се рече дека на сцена се посебни, хибридни и асиметрични конфликти. Важно е да се истакне дека како главна причина за настанок на овие појави е глобализацијата со своите негативни ефекти и воспоставувањето на нова распределба на сила на сцената на глобална моќ. Имено, глобализацијата со своите негативни ефекти генерира услови за зајакнување на антагонизмот и постоечките услови за избивање на неконвенционални форми на конфликт. Практично, глобализацијата со своите ефекти ги забрзува постоечките услови за појава на хибридни војни и појавата на асиметрични закани за безбедноста.

Хибридните војни предводени од државата или од недржавни вооружени актери се насочени кон воените сили на противникот и цивилното население. Но, нивните цели, сепак се разликуваат. Недржавните актери водат хибридна војна за нешта како што се отцепување, или да се спречи државниот актер да интервенира. Спротивно на тоа, државниот актер ќе има за цел постигнување на сопствени цели vis-à-vis друга држава и кои се поголеми во географски размер. Имено, сите овие форми на војување, без разлика дали тие се водат од не-државен или државен актер, цел им се државните актери.

Елементот хибридно во методите на конфликти, креативно комбинира повеќе елементи на борба и цела лепеза политички, општествени, економски, технолошки, како и воени елементи. Хибридната војна се базира на мобилност и флексибилност, вклучува разузнавање, информации и активности кои ја зголемуваат моќта ширејќи ја милитаризацијата до рабовите на универзумот, низ копнените површини и во длабочината на океаните. Хибридната војна има намера

да оствари одредена политичка цел и противникот да го натера на посакуваното однесување, кое бара вешта употреба на различна моќ на влијание.

Да резимираме, контекстуализацијата на хибридната војна го дава следново:

- ✓ Хибридноста во смисла на комбинација на алатки, и кинетички и не-кинетички, постоела во текот на историјата на конфликтот.
- ✓ Достапните алатки се трансмутираат според постојните општествено-политички услови и развојот во науката и технологијата.
- ✓ Хибридната теорија, заедно со теоријата на сивата зона, неограничената војна и нелинеарната теорија, е обид да се деконструираат современите конфликти.
- ✓ Разликата, ако постои, помеѓу средновековните и индустриските конфликти не е во хибридниот микс или нелинеарните пристапи, туку во алатките кои се достапни во информатичката ера и социополитичкиот контекст, што очигледно е различно од оние претходно.
- ✓ Напорите за деконструирање на хибридната или сива зона укажуваат на примена на повеќе од една форма на елементите на моќ (националното е рестриктивно како што недржавните актери можат да ги применуваат истите) на координиран, кохерентен и понекогаш симултантен начин за постигнување на посакуваната политичка крајна состојба.

Сите овие и други активности кои имаат за цел дестабилизација на државата или промена на власта во неа, се организираат и спроведуваат со цел остварување на стратешките интереси на големите сили или на издвоените центри на моќ (корпорација, интерни групи) се со цел да се утврди состојбата на нарушување на рамнотежата на моќта во меѓународните односи и остварувањето на сопствените интереси, најчесто со неборбени средства.

Имајќи во предвид дека хибридното војување пред сé цели кон основните и ранливите компоненти на општеството, најефикасна одбрана од хибридното војување претставува превенцијата. Имено, хибридното војување има за задача да спроведи, организира и смисли акција која е поразлична од противничката, со цел максимализација на сопствените предности, со користење на слабостите на

противникот, со преземање иницијатива, и постигнување поголема слобода во креирањето на активности со крајна цел постигнување на стратешките цели.

Но, без оглед на тоа дали тие се нарекуваат, хибриден конфликт, сива зона, неограничен или нелинеарен, тоа не го менува нивното значење и затоа, несмее да се занемари дека се достојни обиди за деконструкција на современите конфликти. Ако 20тиот век беше век на светските војни, несомнено, 21виот век ќе биде век на хибридни војни. Затоа, апсолутна неопходност на научниците и практичарите е да ги предвидат контурите на идните конфликти и да ги структурираат, обучуваат и подготвуваат државните институции (вклучувајќи ги и вооружените сили) за да се справат и да ги искористат овие примени на информациската ера.

Врз основа на наведеното, превенцијата на една држава која проактивно би пристапила во креирањето на дефанзивен, одбранбен став кон хибридните закани, подразбира превентивно планско дејствување. Таквиот пристап ќе значи стратешки концепиран однос кон клучните структури на државата и општеството, развој на легитимитетот и легалитетот на државните институции, зајакнување на економијата, воспоставување и спроведување на законодавството, подигање на нивото на општата култура и едукација на населението, медиумска ширина на информациониот амбиент, верификација и истакнување на позитивни морални и етички вредности на ниво на националната социјална свест, итн. Применето во пракса, превентивниот одговор на хибридните закани вклучува развој на сите елементи на државата и општеството, како што се воените капацитети и способности, економските, дипломатските, информативните и комуникационите, разузнавачките и безбедносните, законските и правосудските, научните, образовните и административните потенцијали на државата.

Промените што се појавија во карактерот на современите конфликти бараат националните држави да го ревидираат своето разбирање за стратегиските, правните и психолошките аспекти на војување и менување на нивните политики и планови во согласност со промените.

Хибридното војување не е ни вооружена војна, ниту е невооружена борба, тоа е и едно и друго, тоа е мултидисциплинарно дејствување. Хибридните закани и

хибридното војување се термини кои станаа многу чести во употреба во последните неколку години. Комплексноста на проблемот значително придонесува за паралелни процеси на глобализацијата и технолошкиот развој, особено во областа на информатичките и комуникациските технологии, кои внесуваат нови сложености и предизвици, како и појава и развој на нови феномени во сферата на општествените и меѓународните односи.

## 9. Користена литература


1. Arquilla, J., Ronfeldt, D. (2001). *The Advent of Netwar-Networks and Netwars: The Furure of Terror, Crime, and Militanc*y, Santa Monica, CA: Rand.
2. Assian Warrior. (2016). Hybrid Warfare: The Next Generation Tool, достапно на: https://www.asianwarrior.com/2016/09/hybrid-warfare-the-next-generation-tool-unitedstates-russia-china-pakistan.html
3. Azar E. Edvard (2006), „Dugotrajni međunarodni konflikti: Deset predloga", во Radmila Nakara- da (ur.), Reader – *Teorije i praksa rešavanja sukoba*, str. 2.
4. Bastian Giegerich. (2016). Hybrid Warfare and the Changing character of Conflict, Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, *Connection: The Quarterly Journal*, Vol.15, No. 2, pp. 65-72.
5. Beyerchen. A. (1992). "Clausewitz, nonlinearity and the Unpredictability of War", *International Security,* 17:3, p.59-90.
6. Bond Margaret (2007). *Hybrid War: A New Paradigm for Stability Operations in Failing States*, USAWC Strategy Research Project. U.S. Army War College, Carlisle Barracks (PA).
7. Boulding E. Kenneth (1963). *Conflict and Defense: a general theory*, Harper & Brothers, New York.
8. Burgess Heidi and. Burgess Guy M. (1997). *Encyclopedia of Conflict Resolution*, ABC-CLIO, Santa Barbara.
9. Burton John (1990). *Conflict: Resolution and Provention*, Palgrave, Oxford.
10. Cabrowski, A., Garstka, J. (1998). *Network-Centric Warfare: Its Origin and Future*, U.S. Naval Institute.
11. Carment David. (2018*). War's Future: The Risks and Rewards of Grey-Zone Conflict and Hybrid Warfare,* Canadian Global Affairs Institute, Calgary, Alberta, Canada.
12. Casey, George C. GEN. (2008). "America's Army in an Era of Persistent Conflict." *Army Magazine*, p. 7.

13. Christopher Paul. (2011). *Strategic Communications-Origins, Concepts and Current Debates,* Contemporary Military, Strategic and Security Issues, ABC-Clio, California, USA.
14. Cooperative Cyber Defence Centre of Excellence. (2017). Tallinn, Estonia.
15. Coser A. Lewis (1956). The Functions of Social Conflict, Glencoe, Ill.; London, Routledge and Kegan Paul.
16. Cox R.W. (1996). “Perspective of Globalization“ in ed. Mittelman, J.H., *Globalization-critical reflections,* London, Lynne Renner Publisher.inc.
17. Creveld van Martin (1991). *The Transformation of War*, New York, NY: The Free Press.
18. Dawson, M., Omar, M. (2015). *New Threats and Countermeasures in Digital Crime and Cyber Terrorism Information Science Reference*, стр. 97.
19. Dehpande Vikrant. (Ed). (2018). *Hybrid Warfare: The Changing Character of Conflict*, Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, Pentagon Press.
20. Department of Defense of US Government (2007). Irregular Warfare (IW)-Joint Operating Concept (JOC).
21. Deshpande Vikrand, Shibani Mehta. (2018).”Contextualising Hybrid Warfare” in Vikrant Deshpande (Ed). *Hybrid Warfare: The Changing Character of Conflict*, Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, Pentagon Press.
22. Ducaru D.S. (2016). The Cyber Dimension of Modern Hybrid Warfare and its Relevance for NATO, *Europolity*, vol. 10, no. 1, достапно на: http://europolity.eu/wp-content/uploads/2016/07/Vol.-10.-No.-1.-2016-editat.7-23.pdf
23. EU (2016). Joint Framework on countering hybrid threats, European Commission - Fact Sheet, Брисел, достапно на http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-1250_en.htm, последен пристап 20.01.2019г.
24. EU. A Global Strategy for the European Union’s Foreign and Security Policy. (2016). Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe, достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/eugs_review_web_0.pdf
25. EUROPEAN COMMISSION. (2016). Joint Framework on countering hybrid threats, Brussels.

26. Explaining Distributed Denial of Service Attacks to Campus Leaders," May 3, 2005, http://www.uoregon.edu/~joe/ddos-exec/ddos-exec.pdf.
27. FM 3-0 Operations. (2009). Department of the Army. Washington D.C, USA.
28. FM 3-05.201. (2007). (S/NF) Special Forces Unconventional Warfare (U) 28 September.
29. Galtung Johan (2009). Mirnim sredstvima do mira. Mir i sukob, razvoj i civilizacija, *Službeni glasnik i Jugoistok XXI*, Beograd, стр. 107.
30. Gerasimov Valery. (2016). "The Value of Science is in the Foresight: New Challenges Demand Rethinking the Forms and Methods of Carrying out Combat Operations," Robert Coalson (ed.), in *Military Review*, p. 24.
31. Goati Vladimir et al. (1978). *Drustveno-Politicko Angazovanje Omladine*, Institut Drustevenih Nauka, Beograd.
32. Hagelstam, Axel, Kirsti Narinen. (2018). Cooperating to counter hybrid threats, *NATO Review Magazine,* достапно на: https://www.nato.int/docu/review/2018/Also-in-2018/cooperating-to-counter-hybrid-threats/EN/index.htm
33. Hart, L. (1954). *The Strategy of Indirect Approach*, National War College Internet Archive.
34. Helvi Robert. (2014). Nonviolent resistance as an important segment of state coup во Misha Djurkovic, Otpor, Canvas and Terrorism.
35. Hoffman Frank (2007). *Conflict in the 21st Century – The Rise of Hybrid Wars*, Potomac institute for Policy Studies, Arlington, Virginia.
36. Hoffman Frank (2009). 'Hybrid Warfare and Challenges', *Joint Forces Quarterly*, Issue 52, 1st Quarter, p. 34–38.
37. Hoffman Frank (2009). "Hybrid Warfare and Challenges", *Joint Force Quarterly*, Issue 52, 1st Quarterly 2009, str. 34-48.
38. Hoffman Frank, G. (2014). „On Not-So-New Warfare: Political Warfare vs. Hybrid Threats"War on the Rocks (blog), достапно на https://warontherocks.com/2014/07/on-not-so-new-warfare-political-warfare-vs-hybrid-threats/, последен пристап на 05.01.2019г.

39. Hoffman, Frank. (2009). “Further Thoughts on Hybrid Threats.” *Small Wars Journal*, March, достапно на: http://smallwarsjournal.com/blog/2009/03/further-thoughts-on-hybrid-thr/
40. Hofman, F. (2007). *Conflict in the 21st Century-The Rise of Hibrid Wars*, Potomac Institute for Policy Studies, Arlington, Virginia, p. 8.
41. http://www.typesofconflict.org/?fbclid=IwAR08V0z-LKXga5q6FXOWZVq2PrsN8S212nGHH3NhiUUM5kpL-QyR80cwK0M, последен пристап 03.01.2019г.
42. https://www.encyclopedia.com/medicine/psychology/psychology-and-psychiatry/conflict-management, последен пристап 17.01.2019г.
43. Hugh Miall et al., (2011). *Contemporary Conflict Resolution: The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts*, Polity, достапно на http://www.correlatesofwar.org/, последен пристап 13.01.2019г.
44. Institute for National Strategic Studies. (1999). *Strategic Assessment 1998: Engaging Power for Peace,* Washington: National Defense University Press.
45. International Security Advisory Board (ISAB). (2017). *Report on Gray Zone Conflict*, United States Department of State, Washington D.C.
46. ISAB (2017). Report on Gray Zone Conflict, Washington, DC: US Department of State, p. 2, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/266849.pdf, последен пристап на 13.01.2019г.
47. Karber. A. Phillio. (2015). “*Russian Style Hybrid Warfare*,” Report prepared for Multi-polarity & Stability Workshop #5; McLean, VA: The Potomac Foundation.
48. Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.
49. Kelman, H.C. (1997). Social-Psychological Dimensions of International Conflict. In: Zartman, W.I. & Rasmussen, L.J. (Eds.). *Peacemaking in International Conflict. Methods and Techniques*, 191-238. United States Institute of Peace Press, Washington D.C.

50. Kofman Michael, Rojansky Matthew (2015). *„A Closer look at Russia's 'Hybrid War'"*, Kennan Cable, Woodrow Wilson International Center for Scholars, No. 7.
51. Kole, K. S. (2002). *Asymmetric Threats to the United States*, Fairex, VA: National Institute for Public Policy.
52. Korybko A. (2015). *Hybrid Wars: the indirect adaptive approach to regime change*, Moscow: Peoples` Friendship University of Russia.
53. Lambakis, S., Kiras J., Kolet K. (2002). *Understanding Asymmetric Threats to the United State*s, Fairfax, National Institute for Public Policy.
54. Lewis, J. (2007). *Cyber Attacks Explained*, достапно на: http://www.csis.org/tech/070615 cyber attacks.pdf.
55. Liang Qiao & Xiangsui Wang (1999). *Unrestricted Warfare*, Beijing: PLA Literature and Arts Publishing House.
56. Lisbon Treaty. According to Article 222(1) of the Treaty on the Functioning of the European Union (TFEU
57. Mahdi Darius Nazemroaya. (2014). Iraq and Syria are Burning, Constructive Chaos and America1s Broader Strategy to Conquer Eurasia. "GlobalResearch.ca.
58. Mantaha S. Sharma, Sivaramakrishna M. (2015). "*Conflict Management Skills*", Centre for Good Governance, Andhra Pradesh, India.
59. McCulloh Timothy and Richard Johnson. (2013). *Hybrid Warfare*, JSOU Report.
60. Mearsheimer J. John (2001). *The Tragedy of Great Power Politics*, New York, W.W. Norton.
61. Metz, S., Johnson, D., V. (2001). *Asymmetry and U.S. Military Strategy: Definition, Background and Strategic Concept*s, Strategic Studies Institute, USA.
62. Morow J.D. (1994). *Game Theory for Political Scientist*, Princeton, NY, USA, Princeton University Press.
63. Mumford Andrew. (2013). *Proxy Warfare*, Polity Press, Cambridge, UK.
64. NATO (2018). NATO's response to hybrid threats, достапно на: https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_156338.htm?fbclid=IwAR2dS8IfODGxxr8B3RfenvBHdCs-ugetznj7aL9i4_lFt-8GdUODX3GD-Mk, последен пристап 14.01.2019г.
65. NATO Energy Security Center of Excellence. (2018), достапно на: https://www.enseccoe.org/en

66. Newson Robert A. (2014). Counter-Unconventional Warfare Is the Way of the Future. How Can We Get There, *Small Wars Journal*, достапно на http://smallwarsjournal.com/blog/counter-unconventional-warfare-is-theway-of-the-future-how-can-we-get-there, последен пристап 06.01.2019 година.
67. Pondy L.(1967). Organizational Conflicts: Concepts and Models, *Adminsitrative Science Quarterly*, vol.2, no.2, p.48.
68. Projekat Instituta za strategijska istraživanja. (2016). „*Hibridno ratovanje – iskustva i perspektive*", Beograd: Ministarstvo odbrane R. Srbije, Institut za strategijska istraživanja, broj 2-5.
69. Raufer Xavier (2008). *Chaos, terrorism and beyond: a strategic prognosis*, Criminology Institute, University of Paris II-Panthéon Assas, Department for the Study of the Contemporary Criminal Menace (MCC), Paris II.
70. Reynolds Anna (Ed.). (2016). *Social media as a tool of Hybrid Warfare*, NATO Strategic Comminication Centre of Excellence, Riga, Latvia.
71. Richards Chet. (2005). *Conflict in the Years Ahead*, J.Addams & Partners Inc.
72. Richterová Jitka (2015). *NATO-hybrid threats*, Model NATO, Backgroud Report, Prague.
73. Robbins S. (2003). *Organizational behavior*, Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall Inc.
74. Rosenau James. (1990). *Turbulence in World Politics*, Princeton, NJ: Princeton University Press.
75. Rupert Smith. (2005). *The Utility of Force: The Art of War in the Modern World*, London, Allen Lane.
76. Russell Glenn (2009). "Thoughts of Hybrid Conflict", *Small Wars Journal*, стр. 1-8, достапно на: www.smallwarsjournal.com.
77. Russell W. Glenn. (2009). 'Thoughts on "Hybrid" Conflict', *Small Wars Journal*, достапно на https://smallwarsjournal.com/blog/journal/docs-temp/188-glenn.pdf, последен пристап 19.01.2019г.
78. Schnaufer, T. A. (2017). Redefining Hybrid Warfare: Russia's Non-Linear War against the West. *Journal of Strategic Security*, 10(1).

79. Shahskov Sergei. (2011). *The theory of `manageable chaos` put into practice*. Strategic Culture Foundation.
80. Shelling C. Thomas. (1967). *Arms and influence*, New Haven CT: Yale University Press.
81. Staub, E. (2003). *The Psychology of Good and Evil. Why Children, Adults and Groups Help and Harm Others*. Cambridge University Press.
82. Steven Mann. (1992). "Chaos Theory and Strategic Thought", *Parameters*.
83. Strategic Communications Centre of Excellence. (2017). Riga, Latvia.
84. The Joint Staff. (1992). *Joint Strategy Review*, Washington, DC, p.2.
85. Touraine. A. (1985). An introduction to the study of social movements, *Social Research*, Vol.52, No.4, New School.
86. Turkish National Defense University (2007): "*Shifting Paradigm of War: Hybrid Warfare*", Army War College, Istanbul.
87. Tzu Sun (2000). *Art of War- Chapter 3: Attack by Stratagem*, Leicester, Allandale.
88. U.S. Department of Defense. (1992). Coduct of the Persion Gulf War, Final Report to Congress, Washington, DC: U.S. Government Printing Office.
89. Uppsala University – Department of Peace and Conflict Research: Definitions, достапно на http://www.pcr.uu.se/research/ucdp/definitions/, последен пристап на 13.01.2019г.
90. Vision. (2018). Advising NATO on hybrid warfare, Issue 02, Universitt of Nottingham.
91. Vojna enciklopedija. (1970). Izdanje Redakcije vojne enciklopedije, Beograd, Stampa Graficki zavod Hrvatske, Zagreb.
92. William S Lind. (2004). Understanding Fourth Generation War, *Military Review*, Vol.84. No.5.
93. Yücel Özel Ertan İnaltekin(Ed.). (2017). *Shifting Paradigm of War: HYBRID WARFARE*, Ministry of National Defense, Turkish Army War College, Turkish National Defense University. Istanbul.
94. Zdzislaw Sliwa. (2017). Hybrid Warfare-the military security domains considerations, *ENDC Occasional papers*, Vol. 6.

95. Бакрески Оливер, Тања Милошевска, Ѓорѓи Алчески. (2017). *Заштита на критична инфраструктура*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Стеда Графика, Скопје.
96. Вељовски Ѓорѓи (2015). Оперативна вештина и нерегуларно војување. Релевантност на оперативната вештина во противбунтовничките операции, *Штит,* Министерство за одбрана, Република Македонија.
97. Милошевска Тања. (2016). Модели на поврзаност на тероризмот на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Скопје.
98. Милошевска Тања. (2018). *Глобален тероризам*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
99. Мирослав Митровић. (2017). Хибридно ратовање и асиметричне безбедносне претње*, Војно дело*, бр.7, Институт стратегијска истраживања, Министерство одбране Републике Србије.
100. Мурџева-Шкариќ, О. (2007). *Ненасилна трансформација на конфликти*. Скопје: Филозофски факултет.
101. Мусабеговиќ Нијаз, Боровина Суљо, Шахиќ Елвис (2008). „*Социологија рада*“, Сараево.
102. Нацев Александар (2018). Закана и неутрализацијата на лажните вести*, Портал њуз ДОО*, Скопје.
103. Печујич, М. (2002). *Глобализација-два света*, Београд, Гутембергова галаксија.
104. Ранчиќ Иван, Бериша Хатиџа (2018). *„Хибридни рат – мит или стварност (Реконцептуализација хибридног рата)“,* Универзитет одбране у Београду, Школа националне одбране.
105. Суботич, М.. (2015). *Екстремизам под крила на религијата*, Одбрана, Београд.
106. Танески Ненад (2014). *Глобални хибридни закани и асиметрични војни*, Априком, Скопје.
107. Тодоровић Лука, Милутиновић Милован (2016). *Глобалне тенденције и хибридни рат*, СВАРОГ.

108. Штрбац Катарина, Митровиќ Мирослав. (2012). “Интердисциплинарен пристап на науката во безбедноста и одбраната“, *Политичка ревија*, број 3.